4562.

Врз основа на член 31 став (1) од Законот за дивечот и ловството (*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 263/23 и 170/24), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 17 декември 2024 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА ВОСТАНОВУВАЊЕ НА ЛОВИШТА НА ТЕРИТОРИЈАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

1. На територијата на Република Северна Македонија се востановуваат вкупно 268 ловишта и тоа:

1.1 Пелагониско ловностопанско подрачје

1.1.1 Реон Прилеп (ловиште бр.1 „Стровија“, ловиште бр.2 „Крстец“, ловиште бр.3 „Беловодица“, ловиште бр.4 „Витолиште“, ловиште бр. 5 „Мелница“, ловиште бр. 6 „Крушевица“, ловиште бр. 7 „Вепрчани“, ловиште бр. 8 „Дуње“, ловиште бр. 9 „Прилепец“, ловиште бр. 10 „Подмол“, ловиште бр. 11 „Ерековци“, ловиште бр. 12 „Тополчани“, ловиште бр. 13 „Галичани“, ловиште бр. 14 „Средорек“, ловиште бр. 15 „Рилево“, ловиште бр. 16 „Долнени“, ловиште бр. 17 „Славеј“, ловиште бр. 18 „Дабница“ и ловиште бр. 19 „Тројаци“);

1.1.2 Реон Битола (ловиште бр. 1 „Баба“, ловиште бр. 2 „Облаково“, ловиште бр. 3 „Древеник“, ловиште бр. 4 „Ниџе“, ловиште бр. 5 „Старавина“, ловиште бр. 6 „Ивени“, ловиште бр. 7 „Добровени“, ловиште бр. 8 „Бач“, ловиште бр. 9 „Врањевци“, ловиште бр. 10 „Оптичари“, ловиште бр. 11 „Породин“, ловиште бр. 12 „Драгор“, ловиште бр. 13 „Црно Буки“, ловиште бр. 14 „Лознани“, ловиште бр. 15 „Добрушево“, ловиште бр. 16 „Трн“, ловиште бр. 17 „Мегленци“ ловиште бр.18 „Пелистер I“, ловиште бр.19 „Пелистер II“ и ловиште бр.20 „Брајчино I“);

1.1.3 Реон Демир Хисар (ловиште бр.1 „Базерник“, ловиште бр.2 „Лесково“, ловиште бр. 3 „Журче“ и ловиште бр. 4 „Прибилци“);

1.1.4 Реон Крушево (ловиште бр. 1 „Острилци“, ловиште бр.2 „Дивјаци“ и ловиште бр. 3 „Алданци“).

1.2 Охридско-Преспанско ловностопанско подрачје

1.2.1 Реон Ресен (ловиште бр. 1 „Исток“, ловиште бр. 2 „Плака“, ловиште бр. 3 „Курбиново“, ловиште бр. 4 „Брајчино“,ловиште бр. 5 „Езерани“, ловиште бр. 6 „Царев Двор“ и ловиште бр.7 „Галичица I“);

1.2.2 Реон Охрид (ловиште бр. 1 „Караорман“, ловиште бр. 2 „Дебарца“, ловиште бр. 3 „Брежани“, ловиште бр.4 „Завој“, ловиште бр. 5 „Косел“, ловиште бр. 6 „Мешеишта“, ловиште бр. 7 „Белчишта“ и ловиште бр.8 „Галичица II“);

1.2.3 Реон Струга (ловиште бр. 1 „Белица“, ловиште бр. 2 „Дримкол“, ловиште бр. 3 „Ржаново“, ловиште бр. 4 „Велешта“ и ловиште бр. 5 „Драслајца“);

1.2.4 Реон Дебар (ловиште бр. 1 „Стогово“, ловиште бр. 2 „Дешат“, ловиште бр. 3 „Бомово“ и ловиште бр. 4 „Баништа“).

1.3 Кичевско-Бродско ловностопанско подрачје

1.3.1 Реон Кичево (ловиште бр. 1 „Тајмиште“, ловиште бр. 2 „Добра Вода“, ловиште бр. 3 „Турла“, ловиште бр. 4 „Простране“, ловиште бр. 5 „Душегубица“, ловиште бр. 6 „Кнежино“, ловиште бр. 7 „Букојчани“, ловиште бр. 8 „Стрелци“ и ловиште бр. 9 „Цер“);

1.3.2 Реон Македонски Брод (ловиште бр. 1 „Грешница“, ловиште бр. 2 „Сушица“, ловиште бр. 3 „Ботуше“, ловиште бр. 4 „Требовље“, ловиште бр. 5 „Тажево“, ловиште бр. 6 „Даутица“, ловиште бр. 7 „Сланско“, ловиште бр. 8 „Вир“ и ловиште бр. 9 „Рамне“).

1.4 Полошко ловностопанско подрачје

1.4.1 Реон Гостивар (ловиште бр. 1 „Железна Река“, ловиште бр. 2 „Симница“, ловиште бр.3 „Јеловце“, ловиште бр.4 „Маздрача“, ловиште бр. 5 „Врапчиште“, ловиште бр. 6 „Балин Дол“, ловиште бр.7 „Речане“, ловиште бр.8 „Горна Радика“, ловиште бр.9 „Маврово“, ловиште бр.10 „Бистра“, ловиште бр.11 „Дешат I“ и ловиште бр. 12 „Кораб“);

1.4.2 Реон Тетово (ловиште бр. 1 „Лешница“, ловиште бр.2 „Седларево“, ловиште бр.3 „Јеловјане“, ловиште бр.4 „Вејце“, ловиште бр.5 „Брезно“, ловиште бр. 6 „Милетино“, ловиште бр. 7 „Жеровјане“, ловиште бр. 8 „Групчин“, ловиште бр. 9 „Требош“, ловиште бр. 10 „Јанчиште“, ловиште бр. 11 „Орашје“, ловиште бр.12 „Раотинце“ и ловиште бр.13 „Љуботен“).

1.5 Скопско-Кумановско ловностопанско подрачје

1.5.1 Реон Скопје (ловиште бр. 1 „Кадина Река“, ловиште бр. 2 „Елово“, ловиште бр. 3 „Кључка Река“, ловиште бр. 4 „Бродец“, ловиште бр. 5 „Мирковци“, ловиште бр. 6 „Црешево“, ловиште бр. 7 „Бунарџик“, ловиште бр. 8 „Миладиновци“, ловиште бр. 9 „Градманци“, ловиште бр. 10 „Фазанерија“, ловиште бр. 11 „Трубарево“, ловиште бр. 12 „Зелениково“, ловиште бр. 13 „Батинци“, ловиште бр. 14 „Говрлево“, ловиште бр. 15 „Рамниште“, ловиште бр. 16 „Жеден“, ловиште бр. 17 „Кучково“, ловиште бр.18 „Јасен“ и ловиште бр. 19 „Јасен I“);

1.5.2 Реон Куманово (ловиште бр. 1 „Стрима“, ловиште бр. 2 „Думановце“, ловиште бр. 3 „Козјак“, ловиште бр. 4 „Љубодраг“, ловиште бр. 5 „Слупчане“, ловиште бр. 6 „Карабичане“, ловиште бр. 7 „Степанце“, ловиште бр. 8 „Желувино“, ловиште бр. 9 „Облавце“, ловиште бр. 10 „Мургаш“, ловиште бр. 11 „Старо Нагоричане“, ловиште бр. 12 „Зебрњак“, ловиште бр. 13 „Орашац“ и ловиште бр. 14 „Доброшане“).

1.6 Средно-Вардарско ловностопанско подрачје

1.6.1 Реон Велес (ловиште бр. 1 „Степанци“, ловиште бр. 2 „Нежиловски Стени“, ловиште бр. 3 „Соколица“, ловиште бр. 4 „Бежица“, ловиште бр. 5 „Крушје“, ловиште бр. 6 „Отовица“, ловиште бр. 7 „Караслари“, ловиште бр. 8 „Ногаевци“, ловиште бр. 9 „Клепа“, ловиште бр. 10 „Грнчиште“, ловиште бр. 11 „Крнино“, ловиште бр. 12 „Мартолци“, ловиште бр. 13 „Бистрица“, ловиште бр. 14 „Чашка“ и ловиште бр. 15 „Раштани“);

1.6.2 Реон Свети Николе (ловиште бр. 1 „Стањевци“, ловиште бр. 2 „Сопот“, ловиште бр. 3 „Орел“, ловиште бр. 4 „Мечкуевци“, ловиште бр. 5 „Ерџелија“, ловиште бр. 6 „Богословец“, ловиште бр. 7 „Кишино“ и ловиште бр.8 „Џумајлија“).

1.7 Криворечко ловностопанско подрачје

1.7.1 Реон Кратово (ловиште бр. 1 „Мушково“, ловиште бр. 2 „Рудари“, ловиште бр. 3 „Куклица“ и ловиште бр. 4 „Живалево“);

1.7.2 Реон Крива Паланка (ловиште бр. 1 „Борово“, ловиште бр. 2 „Герман“, ловиште бр. 3 „Луке“, ловиште бр. 4 „Руен“, ловиште бр. 5 „Киселица“, ловиште бр. 6 „Градец“, ловиште бр. 7 „Петралица“ и ловиште бр. 8 „Отошница“).

1.8 Брегалничко ловностопанско подрачје

1.8.1 Реон Кочани (ловиште бр. 1 „Полаки“, ловиште бр. 2 „Главовица“, ловиште бр.3 „Зрновска Река“, ловиште бр. 4 „Соколарци“, ловиште бр. 5 „Бања“ и ловиште бр. 6 „Подлог“);

1.8.2 Реон Пробиштип (ловиште бр. 1 „Шталковица“, ловиште бр. 2 „Добрево“, ловиште бр. 3 „Дренок“ и ловиште бр. 4 „Гајранци“);

1.8.3 Реон Штип (ловиште бр. 1 „Вртешка“, ловиште бр. 2 „Конечко“, ловиште бр. 3 „Козјак“, ловиште бр. 4 „Габер“, ловиште бр. 5 „Липов Дол“, ловиште бр. 6 „Лесковица“, ловиште бр. 7 „Драгоево“, ловиште бр. 8 „Црешка“, ловиште бр. 9 „Криви Дол“ и ловиште бр. 10 „Балван“);

1.8.4 Реон Виница (ловиште бр. 1 „Градешка Река“, ловиште бр. 2 „Осојница“, ловиште бр. 3 „Драгобраште'' и ловиште бр. 4 „Виница“).

1.9. Влаинско - Малешевско ловностопанско подрачје

1.9.1 Реон Делчево (ловиште бр. 1 „Каменица“, ловиште бр. 2 „Влаина“, ловиште бр. 3 „Голак“, ловиште бр. 4 „Бигла“, ловиште бр. 5 „Вратиславци“, ловиште бр. 6 „Киселица“ и ловиште бр. 7 „Тработивиште“);

1.9.2 Реон Берово (ловиште бр. 1 „Сарајево“, ловиште бр. 2 „Ратевска Река“, ловиште бр. 3 „Палазлија“, ловиште бр. 4 „Џами Тепе“, ловиште бр. 5 „Мачево“ и ловиште бр. 6 „Чифлик“).

1.10 Струмичко ловностопанско подрачје

1.10.1 Реон Радовиш (ловиште бр. 1 „Плачковица“, ловиште бр. 2 „Смиланци“, ловиште бр. 3 „Липовиќ“, ловиште бр. 4 „Габревци“, ловиште бр. 5 „Ињево“, ловиште бр. 6 „Прналија“ и ловиште бр. 7 „Подареш“);

1.10.2 Реон Струмица (ловиште бр. 1 „Водоча“, ловиште бр. 2 „Варварица“, ловиште бр. 3 „Нивичино“, ловиште бр. 4 „Огражден“, ловиште бр. 5 „Беласица I“, ловиште бр. 6 „Беласица II“, ловиште бр. 7 „Тркања“, ловиште бр. 8 „Василево“, ловиште бр. 9 „Босилово“, ловиште бр. 10 „Ново Село“ и ловиште бр. 11 „Огражден I“).

1.11 Долно-Вардарско ловностопанско подрачје

1.11.1 Реон Кавадарци (ловиште бр. 1 „Шешково“, ловиште бр. 2 „Куманичево“, ловиште бр. 3 „Лукар“, ловиште бр. 4 „Мрежичко“, ловиште бр. 5 „Рожден“, ловиште бр. 6 „Дреново“, ловиште бр. 7 „Росоман“, ловиште бр. 8 „Марена“, ловиште бр. 9 „Ваташа“, ловиште бр. 10 „Кошани“ и ловиште бр. 11 „Чемерско“);

1.11.2 Реон Гевгелија (ловиште бр. 1 „Милисин“, ловиште бр. 2 „Висока Чука“, ловиште бр. 3 „Стара Река“, ловиште бр. 4 „Црничани“, ловиште бр. 5 „Карабалија“, ловиште бр. 6 „Кованци“, ловиште бр. 7 „Мрзенци“, ловиште бр. 8 „Погана“ и ловиште бр. 9 „Стојаково“);

1.11.3 Реон Неготино (ловиште бр. 1 „Липа“, ловиште бр. 2 „Копришница“,ловиште бр. 3 „Корешница“, ловиште бр. 4 „Бесвица“, ловиште бр. 5 „Дисан“, ловиште бр. 6 „Војшанци“, ловиште бр. 7 „Тимјаник“ и ловиште бр. 8 „Пештерница“);

1.11.4 Реон Валандово (ловиште бр. 1 „Градец“, ловиште бр. 2 „Башибоз“, ловиште бр. 3 „Честово“ и ловиште бр. 4 „Пирава“).

2. Границите и површините на ловиштата од точката 1 од оваа одлука се одредени во документацијата за границите и површините на востановените ловишта на територијата на Република Северна Македонија, која е дадена во Прилог и е составен дел на оваа одлука.

3. Со денот на влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за востановување на ловишта на територијата на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.185/23).

4. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 41-6643/27
17 декември 2024 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
Љупчо Димовски, с.р.

ПРИЛОГ

Документација за границите и површините на востановените ловишта на територијата на Република Северна Македонија

1.1. Пелагониско ловностопанско подрачје

1.1.1. Реон Прилеп

Ловиште број	СТРУКТУРА НА ПОВРШИНИТЕ (ха)				*Надморска височина*
	ЛПП	ЛНП	НЛП	Вкупна	
1	9.130	730	390	10.250	635-2.058
2	7.400	300	134	7.834	446-1.742
3	15.550	450	107	16.107	270-1.662
4	13.339	610	72	14.021	270-1.814
5	8.091	456	73	8.620	347-1.343
6	5.862	252	119	6.233	350-1.471
7	5.732	250	45	6.027	357-1.510
8	8.468	300	70	8.838	368-1.664
9	7.693	350	564	8.607	623-1.607
10	5.701	250	205	6.156	649-1.471
11	5.431	150	305	5.886	590-924
12	6.937	80	113	7.130	585-848
13	6.543	310	889	7.802	593-716
14	8.139	167	692	8.998	597-1.274
15	5.613	300	360	6.273	610-1.235
16	7.818	380	907	9.105	609-988
17	7.346	430	629	8.405	596-786
18	5.485	255	4.053	9.793	633-1.452
19	6.342	650	111	7.103	320-1.742
ВКУПНО	146.620	6.670	9.838	163.188	

ЛОВИШТЕ БР.1 „СТРОВИЈА“

Североисток: Од м.в. ,,Рендова Ливада” (Т-2058), границата на ловиштето се движи во правец на југоисток по срт поминувајќи низ К-1747, Т- 1723, К-1568, Т- 1482, м.в ,,Орешки Ливади’’(К-1386), К-1423, К-1392, м.в ,,Ќафе’’ (,,Бобиш’’, Т-1644), м.в ,,Рудина’’, м.в ,,Мурго Нива’’(Т-1009), м.в ,,Кале’’(Т-1020), м.в ,,Чука’’(Т-1081), К-997, м.в ,,Голи Рид’’(Т-1455), К-1421, К-1428, К-1392, К-1377, м.в ,,Биса’’(,,Катуниште’’, Т-1382), К-1204, м.в ,,Белутино’’(К-1232 и Т-1210), К-1167, м.в ,,Висок Мериз’’ (Т-1225), К-1222, К-1148, м.в ,,Три Буки’’(Т-1198), К-1272, м.в ,,Гарван’’(Т-1276), К-1272, и пристигнува во м.в ,,Кале’’ (К-1132). Од м.в ,,Кале’’(К-1137), границата на ловиштето се движи во правец на исток и поминува низ м.в ,,Дрење’’, К-985, м.в ,,Чалтанова Пештера’’, К-1340 и пристигнува во м.в ,,Бандерова Ливада’’(Т-1415).

Исток: Од м.в ,,Бандерова Ливада'' (Т-1415), границата на ловиштето се движи во правец на југ по сртот на планината Бабуна до м.в ,,Лута'' (Т-1498), а потоа го менува правецот кон југоисток, поминува низ К-1437, К-1312 и пристигнува во м.в ,,Киштер'' (Т-1209).

Југ: од м.в ,,Киштер'' (Т-1209), границата на ловиштето се движи во правец на југзапад, поминува низ м.в ,,Врба'', и се спушта во село Дреновци. Од село Дреновци, границата на ловиштето се движи во правец на запад по локалниот немодернизиран (земјан) пат и пристигнува во село Десово. Од село Десово, границата врти кон северозапад и по локалниот немодернизиран (земјан) пат пристигнува во село Браилово. Од село Браилово, границата на ловиштето врти кон север и по локалниот модернизиран пат низ К-652, Т-685, К-681 пристигнува во село Слепче. Од село Слепче, границата се движи во правец на запад по пат и пристигнува до железничката постојка Слепче Т-660. Оттука, границата на ловиштето се движи во правец на север по железничката пруга, поминува низ Т-678, и пристигнува во село Гостиражни. Од село Гостиражни, се движи во правец на северозапад и по локалниот модернизиран пат пристигнува во село Стровија. Од село Сторвија, ја менува насоката кон југ – југозапад и движејќи се по немодернизиран (земјан) пат низ Т-673 пристигнува во село Долгаец, а оттаму во село Маргари. Од село Маргари, границата се движи во правец на југоисток, па југозапад и по немодернизиран (земјан) пат пристигнува во село Зрзе. Од село Зрзе, границата на ловиштето се движи во правец на југоисток по немодернизиран (земјан) пат за село Сливје и пристигнува до м.в ,,Бојаник'' (пред село Сливје). Од м.в ,,Бојаник'' границата на ловиштето се движи во правец на запад по рид поминувајќи низ: м.в ,,Чуки'' (Т-725), К-814, К-906, м.в ,,Голјак'' (Т-980), К-1012, м.в ,,Кале'' (К-1152), К-1087, м.в ,,Тервен'' (К-1233) и пристигнува во м.в ,,Горна Пештера'' (Т-1235).

Северозапад: Од м.в ,Горна Пештера'' (Т-1235), границата на ловиштето се движи во правец на север – североисток по сртот на планината Даутица поминувајќи низ: м.в ,,Голема Рупина'', Т-1143, м.в ,,Дртец'', К-1111, К-1094, м.в ,,Баби'', м.в ,,Јалорник'' (Т-1453 и Т-1571), м.в ,,Старци'' (Т-1490 и К-1596), м.в ,,Клепало'' (К-1844, Т-1903, К-1913, Т-1945), К-1939 и пристигнува до м.в ,,Рендова Ливада'' (Т-2058), односно до почетната точка.

ЛОВИШТЕ БР.2 „КРСТЕЦ"

Запад: Од м.в. ,,Градиште", границата на ловиштето се движи во насока на север и преку м.в ,,Бегов Забел'', се спушта на регионалниот пат Р526 Прилеп – Извор – Велес (кај Т-892). Од тоа место, границата продолжува кон север и движејќи се по регионалниот пат Р526 во насока кон село Извор, пристигнува до големата десна кривина на овој пат кај К – 978.

Север: Од големата десна кривина на регионалниот пат Р526 Прилеп – Извор – Велес (кај К-967), границата на ловиштето продолжува да се движи по регионалниот пат Р526 кон Извор, сè до местото на овој пат кое се наоѓа под м.в ,,Свинска Глава''. Оттука, границата врти кон исток, се искачува по рид преку м.в ,,Крнорот'' (Т-1309) до м.в ,,Илин Врв'' (Т-1222). Од тоа место, границата се движи во правец на североисток по рид, преку м.в ,,Рајкова Глава'', Т-1167 и м.в ,,Липковец'', К-945, сè до м.в ,,Јасенова Глава'' (Т-1110), од каде ја менува насоката кон исток – југоисток и преку м.в ,,Градиште'' (К-891) пристигнува до м.в ,,Ведрица'' (Т-800).

Исток: од м.в ,,Ведрица'' (Т-800), границата на ловиштето врти кон југ и преку К-789, К-798 (м.в ,,Плошта'') К-742, и Т-756, по рид се спушта до К-561. Оттука, границата преку м.в ,,Стевовица'' се спушта по главниот дол во правец на југ, сè до местото каде овој дол го сече земјаниот пат кој од правец на село Фариш води кон село Никодин. Оттука, границата врти кон запад и по земјаниот пат пристигнува во село Никодин. Од село Никодин, границата врти кон југ и движејќи се по земјаниот пат пристигнува во село Ракле. Од село Ракле, границата продолжува кон југ и движејќи се по колски (тракторски) пат за село Топлица (преку м.в „Рамниште'') пристигнува во ова село. Од село Топлица, границата продолжува по коњската патека уште околу 400 м кон југ и пристигнува до под К-799.

Југ: Од тоа место викано, границата на ловиштето врти кон северозапад и движејќи се по рид (срт), преку м.в ,,Мажон'' (Т-932), К-1053, м.в ,,Црно Око'' (К-1144), м.в ,,Чаве'' (Т-1263), К-1284, м.в ,,Говедарница'' (Т-1410), К-1496, пристигнува до под м.в ,,Козјак'' (К-1742), од каде по рид (срт) се спушта во село Крстец. Од село Крстец, границата по коњска патека низ К-1074, пристигнува до м.в ,,Тумба'' (К-1075), од каде по срт се спушта во река (долот) Ѓупаница и по ова река (дол) доаѓа до вливот на ова река во река Пештерница. Оттука (вливот), границата врти кон северозапад и по рид (срт) се искачува до м.в ,,Чаве'' (Т-1203), од каде продолжува и пристигнува до м.в ,,Градиште'', односно до почетната точка.

ЛОВИШТЕ БР.3 „БЕЛОВОДИЦА“

Север, Северзапад: Од м.в. „Долен Мост" (на делницата од магистралниот пат (А1) Прилеп – Градско), границата на ловиштето има насока кон исток и движејќи се по магистралниот пат А1, пристигнува до превојот „Плетвар". Од превојот „Плетвар", границата се вклучува на стариот пат за Кавадарци (Прилеп – село Дреново) и движејќи се по овој пат, пристигнува до а.т.г. на општината Прилеп со општината Кавадарци, односно до под м.в. „Влашково" (К– 328).

Исток: Од тука, границата врти кон југ и преку: м.в. „Влашково" (К – 328), ја сече реката Раец и продолжува кон југ искачувајќи се на: К–591, м.в. „Голеш" (Т – 672), м.в. „Илиница" (Т – 773), м.в. „Гредана" (К–878), м.в. „Камен." (Т – 915), м.в. „Крива Тумба" (Т–1141), м.в. „Глоган" (К-1225) и од таму пристигнува до м.в. „Кобиларник" (Т–1410). Од м.в. „Кобиларник", границата на ловиштето продолжува кон југ и преку: К – 1422, Т – 1470, м.в. „Ќаве" (Т – 1577), К – 1468, К- 1359, м.в. „Студено" (Т – 1327), м.в. „Смилова Тумба" (Т – 1140), м.в. „Расоват" (К – 1107 и Т – 1150), м.в. „Гола Глава" (Т – 832), м.в. „Дебели Гној" (К – 486) и Т- 388, од каде по рид се спушта во Црна Река,

Југоисток: Од оваа место во Црна Река, границата на ловиштето врти кон југозапад и движејќи се спротивно од течението на Црна Река пристигнува до големата кривина на оваа река под м.в.„ Борска Стена" (Т – 846).

Запад, југозапад: Од м.в. „Борска Стена" (Т – 846), границата на ловиштето по рид (срт) се искачува на м.в. „Пчелата", го пресекува м.в. „Печи присој", од каде се искачува по рид на м.в. „Борска Стена" (Т – 846). Од ова место, границата се спушта по рид на патот за рудникот за фелдспат „Белуче", а од таму по рид, преку м.в. „Сложната осојница" (К – 993), пристигнува до м.в. „Попова Тумба" (Т - 1135. Од тука, границата врти кон исток и североисток и преку: м.в. „Буова Тумба" (К – 1157), м.в. „Бутковец" (Т – 1191), м.в. „Цуцулето" (К – 1127) и м.в „Самиот Кичер" (Т – 1199), пристигнува до м.в. „Трнка". Од тука,

границата врти кон север и по билото, преку: м.в. „Бадниево Гноиште" (Т – 1225), преслапот „Никулица", м.в. „Чардаците" (Т – 1237), „Трите Страги" (К – 1478), м.в. „Самовилско Гумно", м.в. „Кулата" (Т – 1440), од каде продолжува до м.в.„Четири Буки" (Т – 1462). Од тоа место, границата врти кон југозапад и преку м.в. „Дупка" доаѓа до К – 1463, од каде врти кон северозапад и по билото на Сува Планина („Скрка") пристигнува до м.в. „Маркови Кули" (Т – 1510), од каде повторно врти кон југозапад и преку: Т – 1280 се искачува на м.в. „Голина", поточно на (Т – 1400). Од Т 1400, границата врти кон северозапад и преку м.в. „Голина" и Т – 1334, по срт се спушта на м.в. „Лигураса", односно на регионалниот немодернизиран пат Дуње – Беловодица. Од тоа место, границата на ловиштето врти кон југозапад, се искачува по рид на м.в. „Камена Страга" (Т – 1500), од каде врти кон северозапад и по билото, преку К – 1546 и м.в. „Студеница" (Т – 1662), пристигнува до билото на Селечка Планина (Т – 1607). Од Т – 1607, границата продолжува кон северозапад и спуштајќи се по рид (срт), преку: м.в. „Орлово седало", м.в. „Белутрак" (Т – 1104), м.в. „Попова Нива" (К – 1011), м.в. „Гол Врв" (Т – 924) и м.в. „Змијино Брдо" (К – 791) се спушта на магистралниот пат (А1) Прилеп – Градско, кај м.в. „Долен Мост", односно пристигнува на почетната точка.

ЛОВИШТЕ БР.4 „ВИТОЛИШТЕ"

Запад: Од м.в. „Секулова тумба" (Т – 1057), границата на ловиштето има насока кон северозапад и по рид (срт) се спушта на земјан пат кој од насока на Битолско, води кон манастирот Св. Петка. Од тука, границата врти кон североисток и по земјаниот пат поминува на околу 50 м западно од манастирот Св. Петка и пристигнува до водотекот Потокот. Од тука, границата има насока кон североисток и по коритото на водетекот Потокот пристигнува до под К – 1106, од каде по страна се искачува на К – 1107, а од таму по земјан пат преку м.в. „Крстот" продолжува, односно се спушта по рид во село Полчиште. Од ова село, границата има насока кон север и по земјаниот пат, преку: м.в. „Долното Поле", покрај м.в. „Дебела Шума" пристигнува во село Витолиште. Од ова село, границата врти кон југозапад и движејќи се по регионалниот патен правец Р1107 (Ново Лагово – Витолиште), пристигнува до место на овој пат кое се наоѓа под м.в. „Гумниште". Од тука, границата врти кон север и по рид (срт) се искачува на м.в. „Гумниште", од каде преку м.в. „Гола Скрка" (Т-1187), м.в. „Шаторот" (К-1201), м.в. „Коњска локва" (Т-1188), м.в. „Шипка" (К-1138), м.в. „Крстати Даб" (Т-1199), и м.в. „Крастов Камен" (Т – 1105), пристигнува до м.в. „Скокот" (Т – 926), а од таму по рид (срт) се спушта во Црна Река.

еверозапад: Од тука (коритото на Црна Река), границата на ловиштето се движи во правец на североисток и по течението Црна Река, пристигнува до големата десна кривина на оваа река (под м.в. „Грнчиште").

Исток: Од тука, границата на ловиштето врти кон југ и преку: ридот „Грнчиште", Т–824 (м.в. „Маркова Тумба"), врти кон исток доаѓа до К–845 (м.в. „Неделка"), од каде врти кон југ и прекум.в. „Попова Нива", Т–1426 (м.в. „Зелка"), К–1273 (м.в. „Ѓуриште"), Т–1373 (м.в. „Билото"), К–1391 (м.в. „Длабоката Преслап"), Т–1437 (м.в. „Стојкова Преслап"), Т–1566, Т–1566 (м.в. „Ковачевска Чука"), Т–1540 (м.в. „Српјановец"), Т-1492 (м.в. „Трибор"), Т–1703 (м.в. „Перум"), К–1694, Т–1807 (м.в Перун), К-1757 (м.в. „Балтовото Ќуле"), К–1823 (м.в. „Балтова Чука"), Т–1697 (м.в. „Железна Врата") и К-1729 (м.в. „Кучкин

Камен"), пристигнува до државната граница на Република Северна Македонија со Република Грција, поточно на Т–1814 (м.в. „Голем Козјак"). Од Т–1814 (м.в. „Голем Козјак"), границата продолжува кон југ и движејши се по државната граница на Република Северна Македонија со Република Грција, пристигнува до м.в. „Бука".

Југ: Од м.в. „Бука", границата на ловиштето врти кон исток, по изворишен дол се спушта во Козјачка река и по оваа река (во подолниот тек река Сатока) пристигнува до местото во реката кое се наоѓа под м.в „Дрен". Од тоа место, границата врти кон југозапад и по рид, преку К – 1154, се искачува на м.в. „Гологлава" (К – 1206), од каде врти кон северозапад и преку м.в. „Пушинова Чешма" (Т – 1246), се спушта во река Пореница. Од тука, границата продолжува кон северозапад, по рид се искачува на м.в. „Врвовите" (Т – 1403), од каде по рид се спушта на м.в. „Секулова Тумба" (Т – 1057), односно пристигнува до почетната точка.

ЛОВИШТЕ БР.5 „МЕЛНИЦА"

Северозапад: Од Хасин Беј мост (Расимбегов Мост на Црна Река), границата на ловиштето се движи во правец на североисток по течението на Црна Река, и пристигнува до под м.в. „Црвеница".

Североисток: Оттука, под м.в. „Црвеница" (Црна Река), границата на ловиштето се движи во правец на југоисток - југ и по рид (срт) се искачува на м.в. „Скокот" (Т- 926), м.в. „Крастов Камен" (Т-1105).

Исток: Од м.в. „Крастов Камен" (Т-1105), границата на ловиштето се движи во правец на исток и југ по рид (срт) и поминува низ: м.в. „Крстати Даб" (Т-1199), м.в. „Шипка" (К-1138), м.в. „Коњска Локва" (Т-1188), м.в. „Шаторот" (К-1201), м.в. „Гола Скрка" (Т-1187) и м.в. „Гумниште", од каде се спушта на регионалниот патен правец Р 1107 (Витолиште - Лагово). Од тоа место, го менува правецот кон исток - североисток и се движи по регионалниот патен правец до пред село Витолиште. Од тука, границата на ловиштето го менува правецот кон југ и се движи по патека поминувајќи, покрај м.в. „Дебела Шума", м.в. „Долното Поле" и пристигнува во село Полчиште. Од село Полчиште, се движи по рид (срт), се искачува до м.в. „Крстот" и К-1106, од каде по изворишниот дол на реката Потокот се спушта во близина на м.в. „Војчев Камен" (на реката Потокот).

Југ: Од под м.в. „Војчев Камен" (на реката Потокот), границата на ловиштето се движи во правец на југозапад по течението на реката Потокот се до река Сатока. Од вливот на река Сатока во реката Потокот, границата на ловиштето се движи по земјен пат, поминува покрај манастирот Св. Петка и по патот се искачува на К-901. Од К-901, границата на ловиштето се движи по ридот до м.в. „Крлигова Тумба" (Т-923), од каде се спушта во местото каде Бела река се влива во реката Сатока. Од тука, се движи по течението на реката Сатока, се до вливот на оваа река во Градешка Река. Од тука, се движи по течението на Градешка Река, од каде во близина на К – 492 границата на ловиштето се движи во правец на запад по рид низ: К-606, м.в. „Војнико" и се спушта во Црна Река (северно од вливот на Топли Дол во Црна Река).

Запад: Од местото во Црна река (северно од вливот на Топли дол во Црна

река), границата на ловиштето се движи во правец на североисток - север по течението на Црна Река и пристигнува до Хасин Беј мост (Расимбегов Мост).

ЛОВИШТЕ БР.6 „КРУШЕВИЦА“

Запад: Од м.в. „Гробот”, границата на ловиштето има насока кон југ и по билото на Селечка Планина поминувајќи низ: м.в. „Грнчарица” (Т-1332), м.в. „Високо” (Т-1471), К-1414, м.в. „Релев Камен” (Т-1330) и м.в. „Мургова Нива” (Т-1177) и пристигнува до м.в. „Овченица” (К-1151). Од тоа место, границата се движи по сртот на југозапад спрема К-1174, и свртува спрема исток и по сртото се спушта до К-1054, и по рид се искачува на Т – 1063, од каде се спушта во еден од изворишните долови (под м.в. „Косматова Тумба”) на реката Топли Дол. Од тука, границата на ловиштето се движи по Топли Дол, се до вливот на безимениот дол во Топли Дол на 250 м источно од К – 625.

Југ : Од вливот на безимениот дол во Топли Дол, границата на ловиштето има насока кон исток и по Топли Дол пристигнува до вливот на овој водотек во Црна Река. Од вливот, границата на ловиштето има насока кон североисток и по течението на Црна Река пристигнува се до вливот на Ропцов Дол во Црна Река.

Исток: Од вливот на Ропцов Дол во Црна Река, границата на ловиштето врти кон север и движејќи се по течението на Црна Река, пристигнува до Хасин Беј мост (Расимбегов Мост).

Север, Североисток : Од Хасин Беј мост (Расимбегов мост), границата на ловиштето врти кон запад и по пешачката врвица и Димов Дол се искачува и поминува на околу 200 м. северно од м.в. „Трештена Стена” (К – 727), од каде продолжува до м.в. „Попов Нос” (К – 716). Од тука, границата врти кон север и преку м.в. „Падиште”, пристигнува до Т – 795. Од Т – 795, границата врти кон северозапад и преку м.в. „Котело” (К – 778) и м.в. „Три Дабици” (Т – 790), од каде по страна го сече ридот „Орлето” и пристигнува до м.в. „ Гробот”, односно до почетната точка.

ЛОВИШТЕ БР.7 „ВЕПРЧАНИ“

Север : Од м.в. „Лигураса” под (К-1276), границата на ловиштето има насока кон исток и југоисток и по рид (срт), преку: Т – 1334 и м.в. „Голина” се искачува до Т – 1400. Од Т – 1400, границата врти кон североисток и по рид се спушта до патеката која се наоѓа југоисточно од рудникот за мермер, од каде преку Т – 1280 се искачува до билото на Сува Планина („Скрка”), поточно до м.в. „Маркови Кули” (Т – 1510). Од тука, границата врти кон југоисток и по билото на Сува планина („Скрка”), преку Т – 1500 и К – 1436 доаѓа до К – 1463, од каде врти кон исток и преку м.в. „Дупка” (К-1402) пристигнува до м.в. „Четири Буки” (Т – 1462).

Исток: Од м.в. „Четири Буки” (Т – 1462), границата на ловиштето врти кон југоисток и по билото, преку м.в. „Кулата” (Т – 1440) и м.в. „Самовилско Гумно” (К-1474) пристигнува до м.в. „Трите Страги” (К – 1478), од каде врти кон југ и по билото, преку м.в. „Чардаците” (Т – 1237) се спушта на преслапот „Никулица” (К-1136) , од каде се искачува по билото и продолжува кон југ, преку м.в. „Бадниево Гноиште” (Т – 1225), се до м.в. „Трнка”. Од м.в. „Трнка”, границата врти кон југозапад и преку м.в. „Самиот Кичер” (Т – 1199), м.в. „Цуцулето” (К – 1127), м.в. „Бутковец” (Т – 1191) и м.в. „Буова Тумба” (К

– 1157) пристигнува до м.в. „Попова Тумба" (Т – 1135). Од м.в. „Попова Тумба" (Т – 1135), границата врти кон југ и преку м.в. „Сложната Осојница" (К – 993) се спушта на патот за рудникот за фелдспат „Белуче", од каде по рид се искачува на м.в. „Борска Стена" (Т – 846). Од ова место, границата на ловиштето по рид се спушта и го пресекува м.в. „Печи Присој", поминува покрај м.в. „Пчелата" и по рид (срт) се спушта во Црна Река. Од тоа место, границата врти кон југозапад и по Црна Река (спротивно од нејзиното течение) пристигнува до Хасин Беј Мост (Расимбегов Мост).

Југозапад, Запад : Од тоа место (Расимбегов Мост), границата на ловиштето врти кон северозапад (кон Прилеп) и движејќи се по регионалниот пат Р1107 (Лагово – Витолиште), пристигнува до крстосницата на овој пат со земјан немодернизиран пат за село Дуње. Од крстосницата на регионалниот пат Р 1107со земјен пат за село Дуње, границата на ловиштето врти кон север и движејќи се по земјаниот пат пристигнува во село Дуње, а од таму по регионалниот немодернизиран пат Р29172 (кон село Беловодица) и пристигнува до преслапот (превојот) „Лигураса" (К – 1276), односно до почетната точка.

ЛОВИШТЕ БР.8 „ДУЊЕ"

Запад, Југозапад: Од билото на Селечка Планина (Т – 1607), границата на ловиштето има насока кон југозапад, а понатаму и кон југ, и движејќи се преку: Т – 1568, м.в. „Чуле" (К – 1483 и К – 1494), м.в. „Калусовец" (Т – 1446 и К – 1379), К – 1502, м.в. „Коњарник" (Т – 1539), К – 1465, К – 1394, К – 1402, и м.в. „Паничиште" (Т – 1421), пристигнува до м.в. „Две Стени" (Т – 1473). Од м.в. „Две Стени", границата продолжува кон југ и по рид (срт), преку К – 1433, К – 1342 и Т - 1186, се спушта на регионален пат Р1107 (Ново Лагово – Витолиште). Од тоа место, границата врти кон северозапад и по регионалниот пат Р1107 се движи (враќа) околу 500 м. кон Прилеп, се до преслапот на овој пат. Од преслапот, границата врти кон југ и по рид (срт) се искачува на м.в. „Чепргово" (Т – 1195), од каде врти кон југоисток и по рид (срт) се спушта и ги пресекува (поминува) локалниот пат за село Бонче и Писокалска река и по рид (срт) се искачува на м.в. „Младено" (Т – 1083).

Југ: Од м.в. „Младено"(Т – 1083)., границата на ловиштето врти кон исток и североисток и по рид пристигнува до м.в. „Гробот" (К – 1194). Од ова место, границата продолжува кон југоисток и преку: К - 780, м.в. „Три Дабици" (Т – 790) и м.в. „Котело" (К – 778) пристигнува до Т – 795. Од Т – 795, границата врти кон југ и преку м.в. „Падиште" доаѓа до м.в. „Попов Нос".

Од м.в. „Попов Нос", границата на ловиштето врти кон исток, поминува на околу 200 м. северно од м.в. „Трештена Стена" и преку м.в. „Бељани Вир" (К-492) се спушта на Хасин Беј мост (Расимбегов Мост).

Исток, : Од тоа место (Расимбегов Мост), границата на ловиштето врти кон северозапад (кон Прилеп) и движејќи се по регионалниот пат Р1107 (Ново Лагово – Витолиште), пристигнува до крстосницата на овој пат со локалниот пат за село Дуње, а од таму по регионалниот немодернизиран пат Р 29172 (Дуње – Беловодица). Од село Дуње границата на ловиштето врти кон север и движејќи се по регионалниот немодернизиран пат Р29172 (кон село Беловодица), пристигнува до преслапот (превојот) „Лигураса".

Североисток : Од м.в. „Лигураса", границата на ловиштето врти кон југозапад, се искачува по рид на м.в. „Камена Страга" (Т – 1500), од каде врти кон северозапад и по билото, преку К – 1522 и м.в. „Студеница" (Т – 1662) пристигнува до билото на Селечка планина (Т – 1607), односно до почетната точка.

ЛОВИШТЕ БР.9 „ПРИЛЕПЕЦ“

Североисток : Од м.в. „Долен Мост”, кое место се наоѓа на регионалниот пат А1 (Градско – Прилеп), границата на ловиштето има насока кон југоисток и движејќи се по рид (срт), преку : м.в. „Змијино Брдо” (К – 791), м.в. „Гол Врв” (Т – 924), м.в. „Попова Нива” (К – 1011), м.в. „Белутрак” (Т – 1104), м.в. „Орлово Седало” и пристигнува до Т – 1607 (кој се наоѓа на билото на Селечка Планина).

Исток:: Од Т – 1607, границата на ловиштето врти кон југозапад, а понатаму и кон југ, и движејќи се по билото на Селечка Планина, преку: Т – 1568, м.в. „Чуле” (К – 1483 и К – 1494), м.в. „Калусовец” (Т – 1446 и К – 1379) , К – 1507, м.в. „Коњарник” (Т – 1539), К – 1411 и м.в. „Паничиште” (Т – 1421), пристигнува до м.в. „Две Стени” (Т – 1473). Од м.в. „Две Стени”, границата продолжува кон југ и по рид (срт), преку К – 1342 и Т-1186 се спушта на регионален пат Р1107 (Ново Лагово – Витолиште).

Југ: Од тоа место на регионалниот пат Р1107, границата на ловиштето врти кон северозапад и движејќи се по регионалниот пат Р1107 во насока кон Ново Лагово, пристигнува до село Штавица, од каде по локалниот пристапен пат се спушта во село Штавица.

Од ова село, границата врти кон запад и движејќи се по земјаниот пат (кој се протега во непосредна оддалеченост од Штавичка река), пристигнува, односно го пресекува локалниот земјан пат кој води кон село Канатларци и понатаму продолжува кон запад по земјениот пат и пристигнува во село Мало Рувци. Од ова село, границата продолжува кон запад и по најјужниот земјан пат за Алинци и пристигнува во село Алинци. Од село Алинци, границата врти кон северозапад и по локалниот пат доаѓа до магистралниот пат А3 (Прилеп – Битола), го пресекува овој пат, и по земјаното кусо патче пристигнува до регионалниот пат Р1101 (Прилеп – Битола), односно старото „џаде” за Битола.

Запад, северозапад: Од тоа место (на регионалниот пат Р1101), границата на ловиштето врти кон североисток (кон Прилеп) и движејќи се по регионалниот пат Р1101, пристигнува до градот Прилеп, поминува низ Прилеп и продолжува по регионалниот пат А1 (кон Градско), се до м.в. „Долен мост”, односно до почетната точка.

ЛОВИШТЕ БР.10 „ПОДМОЛ“

Север: Од крстопатот на земјаниот пат кој од село Старо Лагово води до село Канатларци и земјаниот пат кој се движи во непосредна оддалеченост од Штавичка река (село Штавица - село Мало Рувци), границата на ловиштето се движи во правец на исток по земјаниот пат и пристигнува во село Штавица. Од село Штавица, границата се движи по локалниот пристапен пат и излегува на регионалниот патен правец П1107, и се движи по него поминувајќи во близина на: К-883 и К-984, а потоа го менува правецот кон југоисток и по сртот на ридот се искачува на м.в. „Чепигово” (Т-1195), ги пресекува (поминува) локалниот пат за село Бонче и Писокалска река и пристигнува во м.в. „Младено” (Т-1083). Од м.в. „Младено” (Т-1083), границата на ловиштето врти кон исток и по рид пристигнува до „Чашица Чешма” на сртот на Селечка Планина.

Исшок: Од „Чашица Чешма” на сртот на Селечка Планина, границата на повиштето има насока кон југ по билото на Селечка Планина, поминувајќи низ: м.в „Гробот” (К-1194), м.в. „Грнчарица” (Т-1332), м.в.

„Високо" (Т-1471), К-1414, м.в. „Релев Камен" (Т-1330), м.в. „Мургова Нива" (Т-1177) и пристигнува до м.в. „Овченица" (Т-1151).

Југ: Од м.в. „Овченица" (Т-1151), границата на ловиштето ја менува својата насока кон запад и продолжува да се движи по сртот на Селечка Планина поминувајќи низ: м.в. „Марини Уши", Т-1198, м.в. „Скинато" (К-1226), м.в. „Бобиште" (Т-1266), м.в. „Јарица" (К-1114) и м.в. „Болван" (К-878). Од м.в. „Болван" (К-878), границата на ловиштето се спушта во правец на северозапад до Т-657, кој тригонометар се наоѓа на патот кој ги поврзува селата Мусинци и Подмол, а потоа продолжува во истиот правец и пристигнува до мостот на Подмолска Река.

Запад: Од мостот на Подмолска Река, границата на ловиштето води во северна насока (кон село Марул) и движејќи се по земјаниот пат, поминува во непосредна одалеченост од село Марул, од каде продолжува кон север, се до крстопатот на овој пат со земјаниот пат кој води од насока на село Канатларци кон село Старо Лагово. Од овој крстопат, границата продолжува кон север по земјаниот пат и пристигнува до крстопатот на овој пат со земјаниот пат кој се движи во непосредна оддалеченост од Штавичка река (село Штавица — село Мало Рувци).

ЛОВИШТЕ БР.11 „ЕРЕКОВЦИ"

Југ: Од мостот преку Црна Река на регионалниот (стариот) патен правец Р1101 (Битола – Прилеп), границата на ловиштето се движи во правец на југоисток по локалниот патен правец кој води кон село Ношпал, се до околу 500 м. Јужно од Т – 588 (м.в. „Селиште"), од каде продолжува по земјаниот пат во југоисточна насока се до местото кое се наоѓа на околу 300 м. јужно од Т – 589. Од тука, границата ја менува својата насока кон исток и минувајќи низ: Т-592, Т-595, м.в. „Бунар", Т-604, Т – 610, Т-630 и пристигнува до Подмолска река. Од тоа место, границата води кон североисток и спротивно од течението на Подмолска река, пристигнива до мостот на оваа река на земјаниот пат кој води во насока на север, односно во насока на селото Марул и понатаму кон село Старо Лагово.

Исток : Од мостот на Подмолска река, границата на ловиштето води во северна насока (кон село Марул) и движејќи се по земјаниот пат, поминува во непосредна одалеченост од село Марул, од каде продолжува кон север, се до крстопатот на овој пат со земјаниот пат кој води од насока на село Канатларци. Од овој крстопат, границата продолжува кон север по земјаниот пат пристигнува до крстопатот на овој пат со земјаниот пат кој води кон селото Мало Рувци.

Север: Од крстопатот на земјаниот пат кој пристигнува од насока на селото Марул, со земјаниот пат кој води кон селото Мало Рувци, границата на ловиштето врти кон запад и по земјаниот пат пристигнува во село Мало Рувци. Од ова село, границата продолжува кон запад и движејќи се по најјужниот земјан пат за Алинци, пристигнува во село Алинци. Од село Алинци, границата врти кон северозапад и по локалниот пат доаѓа до магистралниот пат А3 (Прилеп – Битола), го пресекува овој пат, и по земјаното кусо патче пристигнува до регионалниот пат Р 1101 (Градско - Прилеп – Битола), односно старото "џаде" за Битола.

Северозапад, запад: Од тука (старото „џаде" за Битола), границата на ловиштето врти кон југозапад и движејќи се по стариот пат за Битола пристигнува до мостот на овој пат на Црна Река, односно до почетната точка.

ЛОВИШТЕ БР.12 „ТОПОЛЧАНИ“

Север: Од мостот на Крушевска река на регионалниот патен правец Р1306, границата на ловиштето се движи во правец на исток по регионалниот патен правец Р1306 (Прилеп - Крушево - Сладуево), поминува низ село Кривогаштани и пристигнува до Т-597 (мостот на реката - канал Блато на регионалниот патен правец Р1306).

Североисток: Од Т-597 (мостот на реката - канал Блато на регионалниот патен правец Р1306), границата на ловиштето се движи во правец на југоисток по течението на реката - канал Блато и пристигнува до непосредна оддалеченост на село Боротино поточно до мостот на реката - канал Блато на регионалниот патен правец Р2339 (Ново Лагово - Галичани - Кадино Село – Обршани – Бучин). Од мостот на реката - канал Блато на регионалниот патен правец Р2339 (Ново Лагово - Галичани - Кадино Село – Обршани – Бучин) границата се движи по регионалниот патен правец Р2339, поминува низ село Боротино и пристигнува до крстопатот каде се одделува локален патен правец за село Веселчани (кај м.в. „Боротинска рудина”).

Од тука, се движи по локалниот патен правец, поминува покрај село Веселчани и пристигнува до крстопат на овој локален патен правец со регионалниот патен правец Р1101 (Градско - Прилеп - Битола).

Југоисток: Од крстопатот на регионалниот патен правец Р1101 (Градско - Прилеп - Битола) со локалниот патен правец за село Веселчани, границата на ловиштето се движи кон југозапад по регионалниот патен правец Р1101 (Градско - Прилеп - Битола), поминувајќи низ: Т-619, К–616 м.в. „Монојца” Т-607, Т-601, Т-588, Т-585 и пристигнува во Т-591 на мостот на Црна Река (северозападно од местото каде каналот Глабоко се влива во Црна Река).

Југозапад: Од Т-591 на мостот на Црна река, границата на ловиштето се движи во правец на северозапад спротивно на течението на Црна Река, поминувајќи низ: Т-591 Т-593 и пристигнува 400м западно од К-598, во близина на село Воѓани.

Задад: Од точката која е 400м западно од К-598, границата на ловиштето се движи во правец на север по а.т.г на општините Кривогаштани и Крушево, односно поминува низ: м.в. „Калдрмче”, железничка станица Воѓани, а потоа се движи по течението на Крушевска река до м.в. „Патеричина”, од каде продолжува кон К-598, Т-599 и пристигнува до К-603. Од К-603 границата се движи спротивно од течението на Крушевска Река се до мостот на Крушевска река на регионалниот патен правец Р1306 (Прилеп - Крушево - Сладуево).

ЛОВИШТЕ БР.13 „ГАЛИЧАНИ“

Исток - југоисток: Од градот Прилеп, границата на ловиштето има насока кон југозапад и по регионалниот пат Р1101 Прилеп – Битола (стариот пат за Битола) пристигнува до крстосницата на овој пат со локалниот пат за село Веселчани.

Југ - југозапад: Од крстосницата на регионалниот пат Р1101 со локалниот пат за село Веселчани, границата на ловиштето врти кон северозапад и по локалниот пат за село Веселчани пристигнува во ова село. Од село Веселчани, границата продолжува кон северозапад и по локалниот пат пристигнува до крстосницата со регионален пат Р2339 (Ново Лагово – Галичани – Кадино Село – Обршани – Бучин), од каде движејќи се по регионалниот пат Р2339 пристигнува во село Боротино, поточно до реката – каналот „Блато", кој се наоѓа во непосредна оддалеченост од ова село.

Запад: Од тоа место (каналот „Блато"), границата на ловиштето врти кон север и движејќи се по каналот „Блато" (спротивно од неговото течение), пристигнува до мостот на овој канал на регионалниот пат Р1306 (Прилеп – село Кривогаштани – село Сладуево).

Север: Од тука (мостот на каналот „Блато" на регионалниот пат Р1306), границата на ловиштето врти кон исток (кон Прилеп) и движејќи се по регионалниот пат Р1306 (Прилеп – село Кривогаштани – Крушево– село Сладуево), пристигнува до градот Прилеп, односно до почетната точка.

ЛОВИШТЕ БР.14 „СРЕДОРЕК"

Североисток: Од м.в ,,Станко Крувче'' (блиску до а.т.г со општината Македонски Брод), границата на ловиштето се движи во правец на југоисток по регионалниот патен правец Р1303 (Кичево – Македонски Брод – Прилеп), поминувајќи низ К-754, К-696, К-677, К-655, село Ропотово, Т-609, Т-610, Т-613, и пристигнува до крстосницата на регионалниот патен правец Р1303 со локалниот патен правец за село Вранче (кај објектите на поранешниот ,,ЗК Прилеп'').

Југоисток - исток: Од крстосницата на регионалниот патен правец Р1303 со локалниот патен правец за село Вранче, (кај објектите на поранешниот ,,ЗК Прилеп''),

границата на ловиштето се движи во правец на југозапад по локалниот пат за село Вранче, поминува низ К-612, покрај село Бело Поле, Т-603, и пристигнува во село Вранче. Од село Вранче, границата на ловиштето врти кон југ и движејќи се по земјаниот пат преку К- 598 и К-597 пристигнува до мрежниот канал во близина на Т-597. Оттука, границата продолжува кон југ низ Т-596, и пристигнува до главниот канал ,,Блато'' Т-597, односно мостот на овој канал на регионалниот патен правец Р1306 (Прилеп – Крушево – Сладуево).

Југ: Од Т-597, мостот на овој канал на регионалниот патен правец Р1306 (Прилеп – Крушево – Сладуево), границата на ловиштето се движи во правец на запад по регионалниот патен правец Р1306, поминува низ село Кривогаштани и пристигнува до К-623 (границата помеѓу општините Крушево и Кривогаштани).

Запад: Од К-623 (границата помеѓу општините Крушево и Кривогаштани), границата на ловиштето врти кон североисток по странка на м.в ,,Голем Скапец'' Т-800, и избива на сртот на м.в ,,Голем Скапец''. Оттука, врти во правец на северозапад – север по срт поминувајќи низ К-765, К-762, и пристигнува до м.в ,,Уши'' (Т-849). Од м.в ,,Уши'' (Т-849), границата на ловиштето врти во правец на исток, поминува низ К-817, К-798, Т-666, се спушта на м.в ,,Ливаѓе'' К-598, а потоа врти во правец на север и северозапад по старата граница помеѓу општините Крушево и Прилеп поминувајќи низ К-598, Т-599,

м.в ,,Манастирски Ливади'', Т-600, К-599, м.в ,,Мало Блато'', м.в ,,Породници'', К-602, К-604, Т-605, Т-611, м.в ,,Коњовец'', К-616, К-628, К-633, до К-685, од каде се искачува на м.в ,,Зелени Камен'' (Т-825) и преку м.в ,,Змијарник'' (К-913) пристигнува до м.в ,,Земник (Кале)'' (Т-1069). Од м.в ,,Земник (Кале)'' (Т-1069), границата на ловиштето врти во правец на североисток по границата со општината Македонски Брод поминувајќи низ м.в ,,Преслоп'', м.в ,,Рамништа''(К-1086), К-1253, м.в ,,Кале'' (Т-1274), Т-1070, м.в ,,Ливадиште'', К-942 и пристигнува до м.в ,,Станко Крувче'' на регионалниот пат Р 1303.

ЛОВИШТЕ БР.15 „РИЛЕВО"

Запад: Од м.в. „Станко Крувче" (на регионалниот патен правец П1303 Прилеп- Македонски Брод – Кичево), границата на ловиштето се движи во правец на север по сртот на планината Даутица, поминува низ м.в. „Остреш" (Т - 1038) и пристугнува во м.в. „Загреби".

Север - северозапад: Од м.в. „Загреби", границата на ловиштето се движи во правец на исток по сртот на планината Даутица, поминува низ м.в. „Капрси" (Т-1078) и пристигнува во м.в. „Дртаец" (К-1111). Од м.в. „Дртаец" (К-1111), границата се движи по рид (во правец кон југ а потоа го менува правецот кон исток), поминувајќи низ: Т-1143, м.в. „Голема Рупина", м.в. „Горна Пештера" (Т-1235), м.в. „Тервен" (К-1233), м.в. „Кале" (К-1152), К-1012, м.в. „Голјак" (Т-980) и пристигнува во м.в. „Чуки" (Т725). Од м.в. „Чуки" (Т-725), границата се спушта на немодернизиран (земјан) пат кај м.в. „Бојаник", го менува правецот кон северозапад и се движи по немодернизиран (земјан) пат до село Зрзе. Од село Зрзе, границата на ловиштето се движи во правец на североисток по немодернизиран (земјан) пат поминувајќи покрај село Маргари, село Долгаец, Т-673 и пристигнува во село Цтровија. Од село Стровија, границата се движи во правец на југоисток по регионалниот патен правец (П2336) Богомила – Ропотово и пристигнува до село Гостиражни.

Исток: Од село Гостиражни, границата на ловиштето се движи во правец на југ по железничката пруга (Велес - Прилеп), поминува низ Т-678 и пристигнува до железничката постојка Слепче. Од железничката постојка Слепче, се движи по пат за село Слепче и пристигнува во селото.

Југоисток: Од село Слепче, границата на ловиштето се движи во правец на југозапад по локалниот земјан пат, преминува преку Стара Река и пристигнува во село Секирци. Од село Секирци, границата на ловиштето се движи по регионалниот патен правец П2336 (Богомила – Ропотово) и преку селата Пешталево и Жабјани пристигнува до село Ропотово.

Југозапад: Од село Ропотово, границата на ловиштето се движи во правец на северозапад по регионалниот патен правец П1303 (Прилеп – Македонски Брод – Кичево) и пристигнува до м.в. „Станко Крувче" (а.т.г. со општината Македонски Брод)

ЛОВИШТЕ БР.16 „ДОЛНЕНИ"

Југозапад: Од градот Прилеп (населбата Варош), границата на ловиштето има насока кон северозапад и по регионалниот пат Р1303 (Прилеп – Македонски Брод – Кичево) пристигнува до село Ропотово.

Северозапад: Од село Ропотово, границата на ловиштето врти кон североисток и по регионалниот пат Р 2336 (Ропотово – Црнилиште – Богомила), преку селата: Жабјани и Пешталево пристигнува до село Секирци. Од село Секирци, границата продолжува кон североисток и по локалниот немодернизиран пат поминува преку пругата Велес – Прилеп и пристигнува во село Слепче.

Североисток: Од село Слепче, границата на ловиштето врти кон југ и по локалниот модернизиран пат за село Браилово, пристигнува во ова село. Од село Браилово, границата на ловиштето врти југоисток и по локалниот немодернизиран (земјан) пат пристигнува во село Десово. Од село Десово, границата врти кон исток и по локалниот немодернизиран (земјан) пат пристигнува во село Дреновци.

Исток: Од село Дреновци, границата на ловиштето врти кон југозапад и по локалниот модернизиран пат пристигнува во село Дупјачани. Од село Дупјачани, границата на ловиштето продолжува кон југ и по локалниот пат, преку селото Горно Село, м.в. „Преслоп", Т – 717 и м.в. „Ѓок Чаир", пристигнува во градот Прилеп (населбата Варош), односно до почетната точка.

ЛОВИШТЕ БР.17 „СЛАВЕЈ"

Североисток: Од градот Прилеп, границата на ловиштето има насока кон северозапад и по регионалниот пат Р1303 (Прилеп – Македонски Брод – Кичево) пристигнува до крстосницата на овој пат со локалниот пат за село Вранче (кај објектите на поранешниот З.К. „Прилеп".

Северозапад: Од крстосницата на регионалниот пат Р1303 со локалниот пат за село Вранче, границата на ловиштето врти кон југозапад и по локалниот пат за село Вранче пристигнува во ова село.

Запад: Од село Вранче, границата на ловиштето врти кон југ и движејќи се по земјаниот пат (западниот), преку К-598 и К-597 пристигнува до мрежниот канал во близина на Т-597. Оттука, границата продолжува кон југ низ Т-596, и пристигнува до вливот на овој канал во главниот канал „Блато", каде продолжува кон југ сé до Т-597, односно мостот на овој канал на регионалниот пат Р1306 (Прилеп – село Кривогаштани – Крушево село Сладуево).

Југ: Од тука (мостот на каналот „Блато" на регионалниот пат Р1306), границата на ловиштето врти кон исток (кон Прилеп) и движејќи се по регионалниот пат Р1306 (Прилеп – село Кривогаштани – Крушево – село Сладуево), пристигнува до градот Прилеп, односно до почетната точка.

ЛОВИШТЕ БР.18 „ДАБНИЦА"

Северозапад, Запад: Од м.в „Киштер'' Т-1209 (на билото на пл. Бабуна), границата на ловиштето се движи во насока на југозапад и по патека, преку м.в „Врба'', се спушта во село Дреновци. Од село Дренобци, границата продолжува кон југозапад и по локалниот модернизиран пат преку м.в „Тополчиња'', К-682, К-658 пристигнува во село Дупјачани. Од село Дупјачани, границата на ловиштето врти кон југ и по локалниот пат, преку м.в „Белузиње'', К-704, селото Горно Село, К-711, м.в „Преслоп'', Т-717, м.в „Ѓок Чаир'' и К-688, пристигнува во градот Прилеп (населбата Варош).

Југозапад и Југоисток: Од градот Прилеп (населбата Варош), границата на ловиштето има насока кон југоисток и поминувајќи низ улиците на градот Прилеп, пристигнува (се вклучува) на регионалниот пат

А1 делница Градско – Прилеп, од каде продолжува по овој пат низ К-795, К-924, кон превојот ,,Плетвар'' и пристигнува до крстопатот на регионалниот пат А1 со локалниот пат за село Плетвар.

Исток: Од тоа место (крстопатот на регионалниот пат А1 со локалниот пат за село Плетвар), границата на ловиштето врти кон северозапад и по локалниот пат минува низ село Плетвар, Т-895, К-809, К-787, и продолжува до крстопатот на локалниот пат со регионалниот пат Р1312 (Прилеп – Извор – Велес). Од овој крстопат, границата на ловиштето врти кон север и движејќи се по регионалниот пат во насока кон село Извор, пристигнува до местото на овој пат кое се наоѓа под м.в ,,Свињска Глава.

Север, Североисток: Од тоа место на регионалниот пат Р1312 Прилеп – Извор – Велес (кое се наоѓа под м.в ,,Свињска Глава), границата на ловиштето врти кон исток, по рид се искачува на К-666, м.в ,,Свињска Глава'' (Т-932), од каде продолжува да се искачува по рид, сè до билото на планината Бабуна, односно пристигнува до м.в ,,Чавено'' (Т-1445). Оттука, (м.в ,,Чавено'' Т-1445), границата се движи по билото на планината Бабуна и преку Т-1334, м.в ,,Сенски Преслоп'' (К-1307), м.в ,,Попова Глава'' (Т-1378) и м.в ,,Арамиска Пештера'' (К-1276), К-1209, пристигнува до м.в ,,Киштер'' (Т-1209), односно до почетната точка.

ЛОВИШТЕ БР.19 „ТРОЈАЦИ"

Север: Од првиот крстопат за село Фариш (на регионалниот пат А1 делница Градско – Прилеп) врска со А3, границата на ловиштето има насока кон запад и северозапад и движејќи се по рид (срт), преку К-445, м.в ,,Ромчица'' (К-453) и м.в ,,Смраделина'', пристигнува до м.в ,,Цуцулка'' (К-543), од каде се спушта во насока на северозапад на земјан пат кој од правец на село Фариш води кон село Никодин. Оттука, границата врти кон запад преку К-446, К-575 и по земјан пат пристигнува во село Никодин. Од село Никодин, границата врти кон југ и движејќи се по земјаниот пат преку К-532 пристигнува во село Ракле. Од село Ракле, границата продолжува кон југ и движејќи се по коњска патека за село Топлица (преку м.в ,,Рамниште'') пристигнува во ова село. Од село Топлица, границата продолжува по коњската патека уште околу 400 м кон југ, од каде врти кон северозапад и движејќи сè по рид (срт), преку м.в ,,Мажон'' (Т-932), К-1053, м.в ,,Црно око'', К-1144, м.в ,,Чаве'' (Т-1263), К-1284, м.в ,,Говедарница'' Т-1410, К-1496 пристигнува до под м.в ,,Козјак'' (К-1742), од каде по рид (срт) К-1446, се спушта во село Крстец. Од село Крстец, границата по коњска патека К-1074 пристигнува до м.в ,,Тумба'' (К-1075), од каде по срт се спушта во река (долот) Ѓупаница и по оваа река (дол) доаѓа до вливот на оваа река во река Пештерница. Оттука (вливот), границата врти кон северозапад и по рид (срт) се искачува до м.в ,,Чаве'' (Т-1203) и м.в ,,Градиште'' (К-1095), од каде преку м.в ,,Бегов Забел'' се спушта на регионалниот па Р1312 Прилеп – Извор – Велес (кај Т-892).

Запад: Оттука, границата на ловиштето врти кон југ и движејќи се по регионалниот пат Р1312 (Прилеп – Извор – Велес) кон Прилеп, пристигнува до крстопатот со локалниот (немодернизиран) пат за село Плетвар.

Југ, југоисток: Од тоа место (крстопатот за село Плетвар), границата на ловиштето се движи по овој пат сè до село Плетвар. Од село Плетвар, границата се спушта на превојот ,,Плетвар'', од каде се вклучува на стариот пат за Кавадарци (Прилеп – село Дреново), и движејќи се по овој пат, пристигнува до почетната точка, односно до првиот крстопат за село Фариш (блиску до регионалниот пат А1 делница Градско – Прилеп) врска со А3.

1.1.2. Реон Битола

Ловиште број	СТРУКТУРА НА ПОВРШИНИТЕ (ха)				*Надморска височина*
	ЛПП	ЛНП	НЛП	Вкупна	
1	12.941	1.103	500	14.550	631-2.350
2	10.440	1.310	980	12.730	660-1.656
3	4.250	970	430	5.650	632-1.494
4	16.540	3.150	592	20.296	571-2.520
5	9.598	770	120	10.488	427-1.403
6	9.390	290	86	9.766	427-1.434
7	7.785	650	130	8.565	574-1.642
8	8.611	395	1.264	10.270	574 - 802
9	8.105	163	3.041	11.309	559-1.303
10	5.840	710	820	7.370	574-598
11	4.360	720	1.240	6.320	581 - 769
12	3.840	340	480	4.660	600-1.068
13	8.720	370	1.030	10.120	583-1.317
14	4.518	250	339	5.107	586-789
15	8.599	550	401	9.550	581-657
16	8.980	450	760	10.190	576 - 609
17	9.570	310	279	10.159	578-1.266
18	4.236	150	1.762	5.998	950-2601
19	4.316	150	1.773	6.880	900-2601
20	2.235	100	1.632	4.260	1110-2420
ВКУПНО	152.874	12.901	17.659	184.238	

ЛОВИШТЕ БР.1 „БАБА“

Запад: Од К-2331 (м.в. “Бојаџиев врв”), границата на ловиштето се движи во правец на север по главниот гребен на Пелистер при што најнапред доаѓа до Т-2196 (која се наоѓа на м.в. “Шкамби и Рофес”), потоа благо се спушта и движејќи се по “францускиот пат” се искачува на Т-2081 (м.в. “Лош камен”). Од ова место, границата првин се спушта, а потоа се искачува и избива на Т-2093, од каде се спушта на тригонометар Т-2216 (м.в. “Влашки колиби”), а потоа избива на врвот “Муса” (Т-2350). Од тука, границата свртува на североисток и води по страничниот гребен на Пелистер, при што минува низ: К-2202 и Т-2146 (кој се наоѓа на возвишението “Скрково”). Во истиот правец границата се движи до Т-1909 (м.в. “Црна стена”). Од м.в. “Црна стена”, границата свртува кон запад и се спушта кон реката Сапунџица, се до почетната станица на ски лифтот. Понатаму границата продолжува во северен правец кон м.в. “Дервишка”, од каде што свртува на југозапад, ја поминува реката Сапунџица и продолжува по источните падини на м.в. “Чам”, при што ја сече Езерска Река, потоа ја минува Црвена Река и продолжува во правец на селото Дихово. Понатаму, границата води по источните падини на м.в. “Диховски рид”, се до м.в. “Куманица”, од каде се спушта до село Дихово.

Североисток: Од село Дихово, границата на ловиштето се движи во правец на југоисток по локалниот патен правец Битола - Лавци - Брусник - Дихово, се до село Лавци. Од село Лавци, границата се движи по локалниот патен правец Лавци - Буково - Крстор, минува низ селата Буково и Крстор и продолжува по патниот правец се до раскрсницата каде овој патен правец се приклучува на магистралниот патен правец Битола - Меџитлија.

Исток: Од раскрсницата каде локалниот патен правец Лавци - Буково - Крстор се приклучува на магистралниот патен правец Битола - Меџитлија, границата на ловиштето се движи во правец на југ по магистралниот патен правец, се до село Бистрица. Од село Бистрица, границата се движи по локалниот патен правец Бистрица - Кишево, при што минува низ селата: Олевени, Барешени, Канино, Велуша и по патниот правец се движи се до село Граешница. Од село Граешница, границата на ловиштето се движи во правец на исток (по земјениот пат), го заобиколува м.в. "Закланик", по што ја менува својата насока кон југ и се движи се до државната граница на Република Македонија со Република Грција (околу 120 метри западно од граничниот премин "Меџитлија").

Југ: Од државната граница на Република Македонија со Република Грција (околу 120 метри западно од граничниот премин "Меџитлија"), границата на ловиштето се движи во правец на запад по државната граница со Република Грција, се до К-2331 (м.в. "Бојаџиев врв").

ЛОВИШТЕ БР.2 „ОБЛАКОВО"

Запад: од м.в. "Ѓават", границата на ловиштето се движи во правец на север по билото на планината Бигла преку К-1206, м.в. "Градишта", м.в. "Чиска", Т-1321 (м.в. "Рајкови падиње"), К-1324, Т-1452, Т-1525 (м.в. "Кишка") и Т-1569 (м.в. "Кале") се до Т-1656 (м.в. "Голем кмн") од каде ја менува својата насока кон североисток и преку Т-1437 се движи се до Т-1122 (м.в. "Ѓорев гроб"), каде се затвора западната граница на ловиштето.

Север: од Т-1122 (м.в. "Ѓорев гроб"), границата на ловиштето се спушта во правец на југоисток по дол преку селата Метимер и Свињишта се до вештачката акумулација "Стрежевско Езеро", по која се движи во правец на исток се до браната. Од тука границата се движи во правец на североисток-југоисток по земјаниот пат кој го дели полето од ридестиот дел, при што минува низ село Габолавци, југозападно од селата Секирани и Драгожани се до село Драгарино, каде се затвора северната граница на ловиштето.

Исток: од село Драгарино, границата на ловиштето се движи во правец на југоисток-југ по земјаниот пат кој го дели полето од ридестиот дел, при што минува југозападно од село Кукуречани и низ село Крклиново па се до село Раштани. Од тука границата се искачува преку Т-700 се до Т-785 (м.в. "Дабички рид"), каде се затвора источната граница на ловиштето.

Југ: од Т-785 (м.в. "Дабечки рид"), границата на ловиштето се движи во правец на запад по рид преку Т-826 се до Т-890 (м.в. "Довлеџик") од каде преку м.в. "Билбил камен" се спушта на крстопатот од регионалниот патен правец Р106 кој ги спојува градовите Битола и Ресен на кој се двои локалниот патен правец Битола – Магарево, односно патот за хотел Молика. Од тука границата се движи во правец на северозапад по регионалниот патен правец Р106 (стариот пат Битола – Ресен) се до м.в. "Превалец", од каде продолжува се до селото Лера по локалниот патен правец кој преку село Рамна

води до село Лера. Од тука границата ја менува насоката кон југоисток и по патот кој води за селата Доленци и Ѓавато кај село Кажани избива на стариот пат Битола – Охрид, по кој се движи во правец на запад се до м.в. "Ѓават", каде се затвора јужната граница на ловиштето.

ЛОВИШТЕ БР.3 „ДРЕВЕНИК"

Југ: од село Беранци (К-668), границата на ловиштето накратко се движи во правец на северозапад по земјан пат се до Стара Река, од каде ја менува насоката кон запад и по реката се искачува се до Т-1172 (м.в. "Голем врв"). Од тука границата се движи во правец на северозапад по сртот на планината преку м.в. "Орлак" се до Т-1301, од каде по ридот Ветрушка се спушта во правец на југозапад преку м.в. "Рамчева тумба", Т-1110 и К-991(м.в. "Ветрушка) се до Т-666 која се наоѓа на регионален патен правец Р416 (Битола – Демир Хисар – Кичево). Од тука границата се движи во правец на северозапад по регионалниот патен правец Р416 во должина од околу 1,6 *км* се до Т-687, каде се затвора јужната граница на ловиштето.

Северозапад: од Т-687, границата на ловиштето се движи во правец на север по земјаниот пат кој се движи покрај Чагорска река се до м.в. "Чагор", од каде ја менува својата насока кон севеозапад и преку К-1164 (м.в. "Големо кале"), м.в. "Стара бука", Т-1452, Т-1494 (м.в. "Кале"), Т-1069 (м.в. "Г. тумба") и Т-732 се движи се до м.в. "Уши", каде се затвора северозападната граница на ловиштето.

Исток: од м.в. "Уши", границата на ловиштето се движи во правец на исток преку Т-680 се до село Трновце, од каде ја менува својата насока кон југоисток-југ и по земјан пат се движи низ селата Свети Тодор, Подино, Иванѓевци и Д. Српци се до Беранци (К-668), каде се затвора источната граница на ловиштето.

ЛОВИШТЕ БР.4 „НИЦЕ"

Запад: Од село Скочивир (К-571), границата на ловиштето се движи во правец на североисток по регионалниот патен правец од Битола - Кравари - Породин - Кременица - Гермијан - Бач - Добровени - Скочивир - Будимирци - Градешница, минувајќи низ К-874, К-926, Петалинска Река (К-891), Гарвански дол (К-816) и доаѓа до "Мачник" (К-830). Од тука, границата на ловиштето го менува правецот кон исток и по ридот се искачува на "Чуките", продолжува по сртот, го менува правецот во североисток и по ридот се искачува на "Широки орници" (К-1157). Од таму, границата минува низ "Бели пастир" и се спушта до вливот на Голема Река и Мала Река во река Трновица. Од тука, границата се движи во правец на север, минува низ "Трново", минува под "Лесичин камен" (Т-1010), се спушта по ридот до "Боба", ја минува реката Белица и заобиколувајќи го ридот "Спрчинога" (Т-886) доаѓа повторно на локалниот патен правец Битола - Градешница и движејќи се покрај патот доаѓа до река Лешница (северно од село Будимирци).

Север: Од тоа место (река Лешница), границата на ловиштето се движи спротивно на течението на река Лешница, минува низ К-820, под "Баркова тумба" (К-1019) и продолжува до под ридот "Крлебашката" (К-1057), односно до местото каде река Лешничка го менува името во Сува Река. Од тука, границата на ловиштето се искачува на "Крлебашката" (К-1057), минува преку локалниот патен правец Старавина - Градешница, се искачува на "Цериката" (Т-1102), "Речков рид" (Т-1146) и минува низ "Нешева тумба". Од "Нешева тумба", границата на ловиштето се движи во правец на север, се искачува на "Поповец",

од каде се спушта во Градешка Река. Од тука, границата се движи во правец на исток (спротивно на течението на Градешка Река), минува низ К--949, К-969 и доаѓа до пред "Велков шупур". Од "Велков шупур", границата го менува правецот на движење кон север, се искачува на "Милев брег", продолжува до "Пушинова ч." (Т-1246) и се спушта на "Гологлава" (К-1206). Од тука, границата на ловиштето се движи кон север, минува низ К-1154 и доаѓа до река Сатока. Од река Сатока, границата се движи спротивно на течението на реката (која во овој дел тече под името Козјачка Река), минува низ К-1036, К-1193, К-1261, К-1403 и се искачува на "Бука" (К-1546), односно на државната граница на Република Македонија со Република Грција.

Исток - југоисток: Од "Бука" (К-1546), границата на ловиштето се движи во правец на југ по државната граница на Република Македонија со Република Грција, минувајќи низ: К-1667, "Волчи јами" (К-1582), Т-1682, "Кравица" (К-1691), "Среден брег" (Т-1760), "Ставанкина бука" (К-1740), "Добро поле", Т-1813, "Бела земја" (Т-1877), К-1826, К-1690,2, "Сокол" (Т-1822), "Минско поле", "Ставрин вис" (К-1601), Т-1715, Т-1924, К-2136, "Ниџе" (Т-2361), "Мандич" (Т-2204), К-2302, "Манастириште" (Т-2434), К-2344 и "Кајмакчалан" (Т-2520).

Југ: Од "Кајмакчалан" (Т-2520), границата на ловиштето продолжува да се движи по државната граница на Република Македонија со Република Грција, минувајќи низ: Т-2334, "Старков заб", Т1865, К-1832, "Орнички ливади" (Т-1842), "Старков гроб" (Т-1876), Т-1696 и доаѓа до граничниот камен 124/ВИИ. Од тука, границата на ловиштето се спушта по ридот "Шипково" и движејќи се во правец на запад минува под "Вртешка" (Т-1272) и се спушта во "Смилова гл.". Од тука, границата минува нинува низ "Рудина" (Т-792 и Т-673) и доаѓа до село Скочивир (К-571).

ЛОВИШТЕ БР.5„ СТАРАВИНА"

Север-Североисток: Од ридот (спроти местото каде река Топли Дол се влива во Црна Река), границата на ловиштето се движи во правец на југоисток по рид, при што минува низ м.в. „Војнико" и К-606, од каде се спушта до Градешка Река. Оттука, границата се движи спротивно на течението на Градешка Река, се до местото каде во неа се влива река Сатока. Оттука, границата се движи спротивно на река Сатока, се до вливот на Бела Река во река Сатока. Од тоа место, границата се искачува до Т-923 (м.в. „Крлигова Тумба"), од каде се движи по сртот и низ К-901, Т-1057 (м.в. „Секулова Тумба"), Т-1403 (м.в. „Врвовите") доаѓа до Т-1246 (м.в. „Пушинова Чешма").

Исток: Од Т-1246 (м.в. „ПушиноваЧешма"), границата на ловиштето се движи по ридот во правец на југ, минува низ м.в. „Милев Брег" и се спушта до Градешка Река.

Југоисток: Од местото каде ридот на м.в. „Милиев Брег" се спушта во Градешка Река, границата на ловиштето се движи во правец на запад (по течението на Градешка Река), сè до м.в. „Поповец". Оттука, границата се искачува во правец на југоисток по пат до м.в. „Нешева Тумба". Од тоа место, границата ја менува својата насока во правец на северозапад и се движи по ридот низ Т-1146 (м.в. „Речков Рид") и Т-1102 (м.в. „Цериката"), од каде ја менува насоката кон југозапад и преку К-1058 (м.в. „Крлебашката") се спушта до река Лешница. Оттука, границата се движи во правец запад и југозапад по река Лешница, се до мостот на регионалниот патен правец Меџитлија - Скочивир – Градешница (Р2338) (кај с. Будимирци). Оттука, границата се искачува по рид во правец на југоисток, минува низ м.в. „Боба",

потоа минува западно од Т-1010 (м.в. „Лисичин камен") и се движи се до м.в. „Трново". Оттука, границата ја менува својата насока кон запад, минува низ м.в. „Бели Пастир", К-1152 (м.в. „Широки Ораници"), од каде ја менува својата насока кон северозапад, по што минува низ К-1016 (м.в. „Чуките") и се спушта се до регионалниот патен правец Мецитлија - Скочивир – Градешница (Р2338), т.е. до м.в. „Мачник". Оттука, границата се движи во правец на југозапад по регионалниот патен правец Мецитлија - Скочивир – Градешница (Р2338), се до вливот на река Коњарска во Црна Река.

Запад: Од вливот на река Коњарска во Црна Река, границата на ловиштето се движи по течението на Црна Река,во правец на север, сè до ридот спроти местото каде реката Топли Дол се влива во Црна Река.

ЛОВИШТЕ БР.6 „ИВЕНИ"

Исток: Од вливот на река Топли дол во Црна Река, границата на ловиштето се движи во правец на југ (спротивно на течението на Црна Река), сè до вливот на Коњарска Река во Црна Река.

Југ: вливот на Коњарска Река во Црна Река, границата на ловиштето постепено ја менува својата насока кон запад и се движи спротивно на течението на Црна Река, сè до мостот преку Црна Река кај село Скочивир. Оттука, границата се движи по локалниот патен правец Скочивир - Ивени - Брник, сèдо крстопатот каде се дели локален патен правец кој води кон село Брод (кај мостот преку река Рибник).

Запад: Од крстопатот каде што од локалниот патен правец Скочивир - Ивени - Брник се дели локален патен правец кој води кон селото Брод (кај мостот преку река Рибник), границата на ловиштето се движи во правец на север по локалниот патСкочивир - Ивени, сè до крстопатот каде се дели локалниот патза село Полог. Оттука, границата се движи по локалниот патен правец до село Полог, каде ја менува својата насока кон северозапад, го заобиколува од западна страна м.в. „Шарково Трло" и продолжува до локалниот патен правец засело Грумази и попатот доаѓа до село Грумази. Оттука, границата продолжува кон север и се движи по патниот правец низ К-1151, минува јужно од К-1186 (м.в. „Венец"), западно од Т-1338 (м.в. „Гола Чука") и движејќи се по патниот правец доаѓа до м.в. „Голем Присој". Оттука, границата се движи во правец на североисток сè до Т-968, од каде ја менува својата насока кон север и продолжува по патот и низ: Т-765 м.в. „Цуцул", доаѓа до село Маково. Оттука, границата се движи во правец на североисток по регионалниот патен правец кој од Битола води кон Мариово (П1311), се до мостот преку Маковска Река. Оттука, границата на ловиштето се движи во правец на север, минува низ м.в. „Лозата", по што се спушта по дол (западно од м.в. „Мигдал"), сè до К-614 (на местото каде долот се влива во реката Топли Дол).

Север: Од К-614, границата на ловиштето се движи во правец на исток по Топли Дол сè до вливот на овој водотек во Црна Река.

ЛОВИШТЕ БР.7„ ДОБРОВЕНИ"

Северозапад: Од село Тепавци, границата на ловиштето се движи во правец на североисток по локалниот немодернизиран патен правец Тепавци - Гнилеш - Грумази, сè до раскрсницата (кај м.в. „Мрчиорници"), каде се дели црн тракторски пат. Од тука, границата на ловиштето се движи по црниот тракторски пат, минува преку реката Рибник, и продолжува сè до село Полог.

Североисток: Од село Полог, границата на ловиштето се движи во правец на југ по црниот (шумско-камионски) пат, сè до раскрсницата каде овој пат се приклучува на локалниот патен правец за село Скочивир, од каде, границата продолжува по локалниот патен правец, сè до село Скочивир. Од тука, границата ја минува Црна Река и движејќи се во правец на југоисток се искачува по ридот ,,Рудина", така што минува низ Т-673, Т-792 и Т-1272 (м.в. ,,Вртешката") и доаѓа до безимениот рид на државната граница со Република Грција К-1642.

Југоисток: Од безимениот рид К-1642 (на државната граница со Република Грција), границата на ловиштето се движи по државната граница со Република Грција во правец на југ - југозапад, сè до локалниот патен правец преку границата кај м.в. ,,Дабицата" за село Живојно.

Запад: Од патниот правец преку границата (кај м.в. ,,Дабицата"), границата на ловиштето се движи во правец на северозапад по локалниот немодернизиран пат, сè до село Живојно. Од тука, границата продолжува по локалниот патен правец Живојно - Добровени, сè до раскрсницата кај м.в. ,,Кремник", каде од овој патен правец се дели црн земјен пат. По црниот земјен пат, границата се движи во правец на северозапад и доаѓа до Т-583 (м.в. ,,Грабанска лозја"). Од тука, границата се движи по локалниот патен правец, се до село Брод. Од село Брод, границата продолжува по патниот правец во правец на север, минува низ село Веле Село и по немодернизиран локален пат, доаѓа до село Тепавци.

ЛОВИШТЕ БР.8 „БАЧ"

Север-северозапад: од село Тепавци, границата на ловиштето се движи во правец на запад по локалниот патен правец Новаци - Тепавци се до м.в. "Црна земја" (К-628), од каде продолжува по земјан пат преку м.в. "Горни душибок" и м.в. "Шајновац" се до село Гнеотино. Од село Гнеотино, границата се движи во правец на запад се до коритото на Црна река (м.в. "Свртол"), од каде ја менува својата насока кон југоисток и по Црна река се движи се до местото каде во неа се вливаат водите од канал В. Од тука, границата ја менува својата насока кон северозапад-југозапад и по канал В се движи се до местото каде во него се вливаат водите од Граешка река. Од ова место, границата продолжува по Граешка река во правец на југозапад се до м.в. "Могилички ливади", односно се до мостот на кракот М5к1 од магистралниот патен правец М5 преку Граешка река, каде се затвора север-северозападната граница на ловиштето.

Запад: од мостот на кракот М5к1 од магистралниот патен правец М5 преку Граешка река кај м.в. "Могилички ливади", границата на ловиштето се движи во правец на југ по патниот правец се до граничниот премин помеѓу Република Северна Македонија и Република Грција "Меџитлија", каде се затвора западната граница на ловиштето.

Југ: од граничниот премин "Меџитлија", границата на ловиштето се движи во правец на исток-југоисток по државната граница на Република Северна Македонија со Република Грција се до патниот правец кој од село Живојно води до граничната линија (кај м.в. "Дабицата"), каде се затвора јужната граница на ловиштето.

Исток:од патниот правец кој од село Живојно води до граничната линија (кај м.в. "Дабицата"), границата на ловиштето се движи во правец на северозапад по патниот правец, се до село Живојно. Од тука, границата продолжува по локалниот патен правец кој води до село Живојно, се до раскрсницата кај м.в. "Кремник", каде од него се дели црн (шумско-камионски) пат. По црниот (шумско-камионски) пат, границата се движи во правец на северозапад и доаѓа до м.в. "Грабанска лозја". Од тука, границата се движи по локалниот патен правец Бач - Брод - Гнеотино, се до село Брод. Од село Брод, границата продолжува во правец на север по земјаниот патен правец кој ги спојува селата Брод, Веле Село и Тепавци се до село Тепавци, каде се затвора источната граница на ловиштето.

ЛОВИШТЕ БР.9 „ВРАЊЕВЦИ"

Северозапад: Од мостот преку Црна Река на регионалниот патен правец кој од Битола води кон Мариово, границата на ловиштето се движи во правец на североисток по регионалниот патен правец, минува низ село Новаци, минува покрај рудникот ,,Суводол" и доаѓа до село Маково.

Исток: Од село Маково, границата на ловиштето се движи по земјен (шумско-камионски) пат во правец на југ, минува низ Т-765 (м.в. ,,Цуцул"), и доаѓа до Т-968. Оттука, границата ја менува својата насока во правец на југозапад, минува низ м.в. ,,Голем Присој", од каде се спушта до земјен (шумско-камионски) пат. Оттука, границата продолжува по патот и постепено ја менува својата насока во правец на југ, при што минува западно од Т-1338 (м.в. ,,Гола чука"), јужно од К-1186 (м.в. ,,Венец"), низ К-1051, минува низ село Грумази и по патот се движи сè до м.в. ,,Шарково трло".

Југ: Од м.в. ,,Шарково трло", границата на ловиштето постепено ја менува својата насока кон запад и по земјен (шумско-камионски) пат се движи до локалниот патен правец Гнеотин - Тепавци - Гнилеш - Грумази. Оттука, границата се движи по локалниот патен правец сè до село Гнеотин (при што минува низ селата Гнилеш и Тепавци). Од село Гнеотин, границата се движи во правец на запад сè до коритото на Црна Река (м.в. ,,Свртол").

Запад: Од м.в. ,,Свртол", границата на ловиштето се движи во правец на север (спротивно на течението на Црна Река), сè до мостот на регионалниот патен правец кој од Битола води кон Мариово.

ЛОВИШТЕ БР.10 „ОПТИЧАРИ"

Север: од Битола, односно од местото каде железничката пруга го сече регионалниот патен правец Р509 (Битола – Новаци - Маково) т.н. Новачки Пат, границата на ловиштето се движи во правец на исток по регионалниот патен правец Р509 се до мостот преку Црна река, каде се затвора северната граница на ловиштето.

Североисток: од мостот на регионалниот патен правец Р509 преку Црна река, границата на ловиштето се движи во правец на југоисток по Црна река се до местото каде ги прибира водите од канал В, каде се затвора североисточната граница на ловиштето.

Југоисток: од местото каде Црна река ги прибира водите од канал В, границата на ловиштето се движи во правец на северозапад-југозапад по канал В се до местото каде каналот ги прибира водите од Граешка река. Од тука границата се движи во правец на југозапад по Граешка река се до мостот на железничката пруга преку неа, каде се затвора југоисточната граница на ловиштето.

Југозапад: од мостот на железничката пруга преку Граешка река, границата на ловиштето се движи во правец на северозапад по железничката пруга се до Битола, односно се до местото каде железничката пруга го сече регионалниот патен правец Р509 (Битола – Новаци - Маково) т.н. Новачки Пат, каде се затвора југозападната граница на ловиштето.

ЛОВИШТЕ БР.11 „ПОРОДИН“

Северозапад: од кружниот тек кај м.в. "Дулије", границата на ловиштето се движи во правец на југозапад по улица "Иван Милутиновиќ" се до мостот преку река Драгор во близина на саат кулата, од каде продолжува во правец на југоисток по "Широк сокак" се до улица "Партизанска". Од тука границата се движи во правец на запад по улица "Партизанска" се до крстопатот на кој од неа се двои локалниот патен правец Битола – Лавци, од каде границата се движи во правец на југозапад се до село Лавци, каде се затвора северозападната граница на ловиштето.

Запад: од село Лавци, границата на ловиштето се движи во правец на југоисток-исток по земјан пат се до манастирот Св. Анастасиј Велики, од каде ја менува својата насока кон југоисток и преку село Буково и село Костор се спушта на раскрсницата на која од регионалниот патен правец Р508 (Битола – Драгош) се двои локален патен правец кој води до село Костор. Од тука границата се движи во правец на југоисток по магистралниот патен правец се до село Бистрица, од каде ја менува својата насока кон југ и по асвалтниот пат се движи се до село Олевени. Од село Олевени границата се движи по земјан пат во правец на југ преку селата Барешени, Канино и Велуша се до село Граешница. Од село Граешница, границата се движи во правец на исток (по земјениот пат), го заобиколува м.в. "Закланик", по што ја менува својата насока кон југ и се спушта на регионалниот патен правец Р508 кај крстопатот на кој од него се двои стариот Леринѕки Друм кој води до стариот граничен премин, од каде накратко се движи во правец на југ по Леринскиот Друм се до државната граница со Република Грција, односно се до стариот граничниот премин, каде се затвора западната граница на ловиштето.

Југоисток: од државната граница со Република Грција, односно се до стариот граничниот премин, границата на ловиштето се движи во правец на североисток по државната граница со Република Грција, се до граничниот премин "Меџитлија". Од тука границата на ловиштето се движи во правец на север се до мостот преку Граешка река, од каде ја менува својата насока кон североисток и по Граешка река се движи се до мостот на железничката пруга преку неа, каде се затвора југоисточната граница на ловиштето.

Североисток: од мостот на железничката пруга преку Граешка река, границата на ловиштето се движи во правец на северозапад по железничката пруга се до Битола, односно се до местото каде пругата го сече регионалниот патен правец Р509 (Битола – Новаци - Маково) т.н. Новачки Пат. Од тука границата накратко се движи во правец на запад по регионалниот патен правец Р509 се до кружниот тек кај м.в. "Дулије", каде се затвора североисточната граница на ловиштето.

ЛОВИШТЕ БР.12 „ДРАГОР“

Североисток: од село Лера, границата на ловиштето се движи во правец на југозапад по локалниот патен правец преку село Рамна се до м.в. “Превалец” каде овој патен правец се приклучува на регионалниот патен правец Р106 (стариот пат Битола – Ресен). Од тука, границата се движи во правец на исток-југоисток по регионалниот патен правец Р106 се до крстопатот на кој од него се двои локалниот патен правец Битола – Магарево, односно патниот правец кој води до хотел Молика. Од тука, границата се движи во правец на југоисток по регионалниот патен правец, односно по улица “Довлеџик” и булевар “1-ви мај” се до Саат кулата, каде се затвора североисточната граница на ловиштето.

Исток-југоисток: од Саат кулата, границата на ловиштето се движи во правец на југоисток по “Широк сокак” се до улица “Партизанска”, од каде ја менува насоката во правец на запад и по улица “Партизанска” се движи се до крстопатот на кој од неа се двои локалниот патен правец Битола – Лавци. Од тука, границата се движи во правец на југозапад по локалниот патен правец Битола – Лавци се до село Лавци, каде се затвора исток-југоисточната граница на ловиштето.

Југ: од село Лавци, границата на ловиштето се движи во правец на северозапад по земјаниот пат кој ги спојува селата Лавци и Брусник се до село Брусник, од каде продолжува по локалниот патен правец Битола – Брусник – Дихово се до село Дихово, односно до К-912. Од тука, границата се движи во правец на север-запад по каналот за вода кој се протега по источните и северните падини од Диховски рид, минува јужно од село Трново и се движи се до јужните делови од село Магарево. Кај последната кука од село Магарево границата го минува патниот правец кој води до хотел Молика и се движи во правец на северозапад по патеката која води кон село Цапари, при што ја опфаќа м.в. “Вардиште” на тој начин што по сртот на ридот Вардиште се спушта во правец на североисток на локалниот патен правец кој води до село Трново, по кој се движи во правец на северозапад во должина од околу 700 метри се до безименот дол кај м.в. “Старо село”, од каде ја менува насоката кон југозапад и по долот и по малото ридче повторно се враќа на патеката која ги спојува селата Ротино и Магарево. Од тука границата се движи во правец на северозапад по патеката се до Т-1067, од каде ја менува насоката кон запад, минува јужно од село Ротино, преку браната од малото езерце кај село Ротино, преку К-1061 и Т-1048, минува јужно од село Цапари и преку Т-962 се движи се до Т-927 кој се наоѓа во близина на клучката на магистралниот патен правец М5, каде се затвора јужната граница на ловиштето.

Запад: од Т-962, границата на ловиштето се движи во правец на север се до село Кажани, од каде продолжува во правец на североисток по патниот правец кој ги поврзува селата Кажани, Доленци и Лера се до село Лера, каде се затвора западната граница на ловиштето.

ЛОВИШТЕ БР.13 „ЦРНО БУКИ“

Север: од село Беранци (К-668), границата на ловиштето накратко се движи во правец на северозапад по земјан пат се до Стара Река, од каде ја менува насоката кон запад и по реката се искачува се до Т-1172 (м.в. “Голем врв”). Од тука границата се движи во правец на северозапад по сртот на планината преку м.в. “Орлак” се до Т-1301 и по ридот Ветрушка се спушта во правец на југозапад преку м.в.

"Рамчева тумба", Т-1110 и К-991 (м.в. "Ветрушка) се до Т-666 која се наоѓа на регионален патен правец Р416 (Битола – Демир Хисар – Кичево). Од тука границата се движи во правец на северозапад по регионалниот патен правец Р416 се до м.в. "Мраморица" од каде се искачува по рид во правец на југозапад и преку Т-851, Т-1086 (м.в. "Самарница"), Т-1047 (м.в. "Три синори"), Т-968 (м.в. "Јаор") и Т-1050 (м.в. "Висока гл.") се движи се до Т-1122 (м.в. "Ѓорев гроб"), каде се затвора северната граница на ловиштето.

Југозапад: од Т-1122 (м.в. "Ѓорев гроб"), границата на ловиштето се спушта во правец на југоисток по дол преку селата Метимер и Свињишта се до вештачката акумулација "Стрежевско Езеро", по која се движи во правец на исток се до браната. Од тука границата се движи во правец на североисток-југоисток по земјаниот пат кој го дели полето од ридестиот дел, при што минува низ село Габолавци, југозападно од селата Секирани и Драгожани се до село Драгарино. Од тука, границата на ловиштето се движи во правец на југоисток-југ по земјаниот пат кој го дели полето од ридестиот дел, при што минува југозападно од село Кукуречани и низ село Крклиново па се до село Раштани, од каде границата се искачува преку Т-700 се до Т-785 (м.в. "Дабички рид"). Од тука, границата на ловиштето се движи во правец на запад по рид преку Т-826 се до Т-890 (м.в. "Довлеџик") од каде преку м.в. "Билбил камен" се спушта на крстопатот на регионалниот патен правец Р106 кој ги спојува градовите Прилеп, Битола и Ресен на кој се двои локалниот пат Битола – Трнино, каде се затвора југозападната граница на ловиштето.

Југ: од крстопатот на регионалниот патен правец Р106 кој ги спојува градовите Прилеп, Битола и Ресен на кој се двои локалниот патен правец Битола – Магарево, односно патот за хотел Молика, границата на ловиштето се движи во правец на југоисток по регионалниот патен правец, односно по улица "Довлеџик", булевар "1-ви мај" и улица "Иван Милутиновиќ" се до кружниот тек кај м.в. "Дулије" на кој се двојат сообраќајници кои водат кон Прилеп и Могила, каде се затвора јужната граница на ловиштето.

Исток: од кружниот тек кај м.в. "Дулије", границата на ловиштето се движи во правец на север по улица "Владимир Назор" и по регионалниот патен правец Р106 кој ги спојува градовите Прилеп, Битола и Ресен се до крстопатот на кој од него се двои локален патен правец кој води до село Беранци (Т-596,2). Од тука границата се движи во правец на северозапад по локалниот патен правец се до село Беранци, каде се затвора источната граница на ловиштето.

ЛОВИШТЕ БР.14 „ЛОЗНАНИ"

Југоисток: Од К-596 на крстопатот на регионалниот (стариот) патен правец Битола – Прилеп (Р-1101) во близина на село Беранци (на место каде се дели локален патен правец кој води до село Беранци), границата на ловиштето се движи во правец на североисток по регионалниот патен правец, сè до мостот преку Црна Река.

Североисток: Од мостот преку Црна Река на регионалниот (стариот) патен правец Битола – Прилеп (Р1101), границата на ловиштето се движи во правец на северозапад по Црна Река, сè до мостот преку реката на земјениот пат помеѓу селата Трновци и Пашино Рувци (во близина на Т-599).

Запад: Од мостот преку Црна Река на земјениот пат помеѓу селата Трновци и Пашино Рувци (во близина на Т-599), грницата на ловиштето се движи во правец на запад, минува низ Т-599 (м.в. „Лутики") и доаѓа до регионалниот патен правец (Р-2335) за село Трновци. Оттука, границата ја менува својата насока во правец на југ и се движи по патот низ селата Трновци, Свети Тодори, Подино, Ивањевци, Долно Српци и Беранци, од каде продолжува сè до Т-596 (на раскрсницата на регионалниот (стариот) патен правец Битола – Прилеп (Р1101) во близина на село Беранци), каде се затвара границата на ловиштето.

ЛОВИШТЕ БР.15 „ДОБРУШЕВО"

Запад - северозапад: Од крстопатот на регионалниот (стариот) патен правец Битола – Прилеп (Р1101), каде се дели патен правец кој води кон село Могила (околу 200 метри јужно од мостот преку реката Шемница), границата на ловиштето се движи во правец на североисток по регионалниот патен правец сè до мостот преку Црна Река.

Север: Од мостот преку Црна Река на регионалниот (стариот) патен правец Битола – Прилеп (Р1101), границата на ловиштето се движи во правец на југоисток по регионалниот патен правец (Р2340) кој води кон село Ношпал се до м.в. „Ламбица". Оттука, границата ја менува својата насока кон исток и минувајќи низ: Т-592, Т-595, К-598 (м.в. „Бунар"), Т-610, Т-630.3 доаѓа до Т-657 (кој се наоѓа на патниот правец кој ги поврзува селата Мусинци и Подмол).

Исток: Од Т-657 (кој се наоѓа на патниот правец кој ги поврзува селата Мусинци и Подмол), границата на ловиштето се движи во правец на југоисток по локалниот патен правец до село Мусинци и понатаму до село Путурус.

Југ: Од село Путурус, грницата на ловиштето се движи во правец на југозапад по локалниот патен правец до село Дедебалци. Оттука, границата ја менува својата насока и движејќи се во правец на север (по локалниот патен правец), доаѓа до село Будаково, каде ја менува својата насока кон запад и по локалниот патен правец се движи сè до село Долно Чарлија. Од село Долно Чарлија, границата минува низ Т-583, ја минува Црна Река и се движи до ЗК „Пелагонија", од каде ја менува својата насока кон југозапад и по локален немодернизиран пат доаѓа до село Могила. Оттука, границата ја менува својата насока во правец на северозапад и по земјениот пат се движи до крстосницата на регионалниот (стариот) патен правец Битола – Прилеп (Р1101), каде земјениот пат се приклучува на регионалниот патен правец (околу 200 метри јужно од мостот преку река Шемница).

ЛОВИШТЕ БР.16 „ТРН"

Југ: од Битола, односно кружниот тек кај м.в. "Дулије", границата на ловиштето се движи во правец на исток по регионалниот патен правец Р509 (Битола – Новаци - Маково) т.н. Новачки Пат се до село Новаци, каде се затвора јужната граница на ловиштето.

Исток: од село Новаци, границата на ловиштето се движи во правец на север по регионалниот патен правец Р120 (Новаци – Добрушево) преку селата Добромир, Долно Агларци, Далбеговци и Дедебалци се до село Будаково, каде се затвора источната граница на ловиштето.

Север: од село Будаково, границата на ловиштето се движи во правец на запад и по локалниот патен правец се движи се до село Долно Чарлија. Од село Долно Чарлија, границата минува низ Т-581.8, ја минува Црна Река и се движи до ЗК "Пелагонија", од каде ја менува својата насока кон југозапад и по патен правец доаѓа до село Могила. Од тука, границата ја менува својата насока во правец на северозапад и по земјениот пат се движи до крстопатот со регионален патен правец Р106 (стариот пат Прилеп – Битола – Ресен), каде земјениот пат се приклучува на регионалниот патен правец (околу 200 метри јужно од мостот преку река Шемница), каде се затвора северната граница на ловиштето.

Запад: од крстопатот на регионалниот патен правец Р106 (стариот пат Прилеп – Битола – Ресен) (околу 200 метри јужно од мостот преку река Шемница) на кој се двои земјен пат кој води до село Могила, границата на ловиштето се движи во правец на југ-југозапад по регионалниот патен правец Р106 се до Битола, односно се до кружниот тек кај м.в. "Дулије", каде се затвора западната граница на ловиштето.

ЛОВИШТЕ БР.17 „МЕГЛЕНЦИ"

Северозапад: Од Т-657 (кој се наоѓа на локалниот немодернизиран пат кој ги поврзува селата Мусинци и Подмол преку Св. Петка), границата на ловиштето се движи во правец на југозапад по локалниот патен правец сè до село Дебалци, така што минува низ село Мусинци и село Путурус. Од село Дебалци, границата се движи по локалниот патен правец низ село Далбеговци сè до Т-585 (кој тригонометар се наоѓа на регионалниот патен правец новаци - Добромир - Дедебалци - Добрушево – Ношпал (Р2340)). Оттука, границата на ловиштето се движи по регионалниот патен правец низ селата Долно Агларци и Добромир, сè до село Новаци.

Југоисток: Од село Новаци, границата на ловиштето се движи во правец на североисток по регионалниот патен правец Битола – Мариово (Р1311), минува покрај рудникот „Суводол" и село Маково и продолжува сè до мостот преку Старомаковски дол.

Исток: Од мостот преку Старомаковски Дол на регионалниот патен правец (Р1311) Битола - Мариово, границата на ловиштето се движи во правец на север, минува низ м.в. „Лозата" и низ К-749, по што се спушта по дол (западно од м.в. „Мигдал"), местото каде долот се влива во реката Топли Дол. Оттука, границата се движи спротивно на течението на реката Топли дол се до Т-1063 (м.в. „Косматова Тумба").

Север: Од Т-1063 (м.в. „Косматова Тумба"), границата на ловиштето ја менува својата насока кон запад и се движи по сртот на Селечка планина низ следниве карактеристични точки: К1174 (м.в. „Марини уши"), Т-1198, К-1226 (м.в. „Скинато"), Т-1266 (м.в. „Бобиште"), К-1111 (м.в. „Јарица") и К-878 (м.в. „Болван"). Оттука, границата на ловиштето се спушта во правец на северозапад до Т-657, кој тригонометар се наоѓа на локалниот пат кој ги поврзува селата Мусинци и Подмол (прку Св. Петка).

ЛОВИШТЕ БР. 18 „ПЕЛИСТЕР I"

Исток: Од м.в "Муса" (Т - 2350), границата на ловиштето врти кон североисток и води по страничниот гребен на Баба планина, при што минува низ: К - 2202 и Т - 2146 (кој се наоѓа на врвот "Скрково"). Во северна насока границата се движи до Т - 1909 (м.в. "Црна стена"). Од м.в. "Црна стена", границата свртува кон запад и по рид се спушта кон реката Сапунџица, се до почетната станица на ски - лифтот. Понатаму, границата продолжува во северна насока кон м.в. "Дервишка", од каде што свртува на југозапад, ја поминува реката Сапунџица и продолжува по источните падини на м.в. "Дебел рид" и м.в. "Чам", при што ја сече Езерска река, потоа ја минува Црвена река и продолжува во правец на селото Дихово. Границата на ловиштето понатаму води по источните падини на м.в. "Куманица" и м.в. "Диховски рид", се до К – 900 (под Т – 991).

Север: Од К – 900 (која се наоѓа под Т – 991), границата на ловиштето врти кон запад, се движи по северните падини на м.в. "Диховски рид", поминува над село Трново и пристигнува над село Магарево. Од село Магарево, границата продолжува кон северозапад и излегува на патот што води кон хотелот Молика, кој го сече кај последните куќи во село Магарево и излегува на патека која води кон село Цапари. Границата во овој правец води по споменатата патека при што го опфаќа м.в. "Вардиште" (Т – 1068) и продолжува кон запад и пристигнува до село Цапари.

Запад: Од село Цапари, границата на ловиштето врти кон југоисток и по многу изразен рид (срт) се искачува до м.в. "Кале" (Т – 1615). Од тоа место, границата врти кон југ, поминува низ м.в. "Пресека", Т – 1811, и преку м.в. "Кунина ливада" (Т – 1850 и Т – 2085) се искачува на врвот "Пелистер" (Т – 2601). Од овој врв, границата по главниот гребен на Баба планина продолжува кон југ и преку: К – 2548 и К – 2440 пристигнува до м.в. "Широко стопало" (Т – 2415). Од м.в. "Широко стопало", границата на ловиштето врти кон југоисток и по главниот гребен на Баба планина., преку: м.в. "Партизански врв" (Т – 2349), К – 2235, м.в. "Ветерница" (Т – 2420) и: К – 2329 пристигнува до К – 2292.

Југ: Од К – 2292, границата на ловиштето врти кон исток и движејќи се по главниот гребен на Баба планина преку: К – 2192, Т – 2166 и м.в. "Голема грива" пристигнува до м.в. "Муса" (Т - 2350).

ЛОВИШТЕ БР. 19 „ПЕЛИСТЕР II"

Север: Од село Цапари, границата на ловиштето има насока кон запад, (кон село Кажани) и движејќи се по северните падини на Баба планина, пристигнува до под К – 927 (јужно од село Кажани). Границата на ловиштето ја сече река Шемница, од каде свртува кон север и избива на новиот пат Битола – Охрид. Оттука, границата води по новиот пат Битола – Охрид во должина од 1,6 км., потоа поминува и продолжува по стариот пат Битола – Охрид во должина од 5,6 км., поточно до превалот "Гавато". Од превалот "Гавато", границата на ловиштето продолжува кон запад по стариот пат Битола – Охрид (кон Ресен), се до 1 км западно од К- 978, односно пристигнува до м.в. "Макази" .

Запад: Од м.в. "Макази, границата на ловиштето има насока кон југ, го сече шумскиот пат кој води до м.в. "Тутуница" и продолжува кон југ, пресекува уштее ден шумски пат и врти кон исток во насока на возвишувањето "Маркова кула" (К – 1452), избива по рид на ова кота, а од таму продолжува по рид се

до билото на планината Баба, поточно до местото кое се наоѓа на околу 600 м. југозападно од м.в. "Вртешка" (Т – 2010), односно 1 км источно од м.в. "Маркова кула" (К – 1452). Од ова место, границата на ловиштето се движи кон југ по билото на планината Баба и преку: м.в. Стр. 34 - Бр. 82 19 мај 2015 "Чун" (Т – 1709) и м.в. "Кодра" (Т – 1739), пристигнува до м.в. "Мала чука" (Т – 2009). Од тука, границата на ловиштето се движи по работ на шумскиот појас, поминува на околу 500 м. југозападно од м.в. "Голема чука" (Т – 2.179), а оттаму границата врти кон исток, поминува низ м.в. "Каранико чешма" и избива на К – 1 695.

Исток: Од К – 1 695, границата на ловиштето има насока кон североисток и по рид се искачува на м.в. "Широко стапало" (Т – 2415). Оттука, границата врти кон север и по главниот гребен на Баба планина, преку: К – 2440 и К – 2548 се искачува на врвот "Пелистер" (Т – 2601). Од овој врв, границата продолжува кон север и по рид (срт), преку: м.в. "Кунина ливада" (Т – 2085 и Т – 1850), Т – 1811 и м.в. "Пресека" се спушта до м.в. "Кале" (Т – 1615) , од каде по многу изразен рид (срт) се спушта во село Цапари.

ЛОВИШТЕ БР. 20 „БРАЈЧИНО I"

Запад: Од м.в. "Широко стапало" (Т – 2415), границата на ловиштето има насока кон југозапад и по неизразен рид (срт) се спушта во еден од изворишните долови на Кранска река (К – 1695). Од К – 1695, границата ја менува насоката кон југ, ги сече двата изворишни долови на Кранска река и избива под врвот "Марушица" (Т – 2091). Од тука, границата на ловиштето врти кон југозапад и движејќи се по срт, преку м.в. "Ваковско" (Т – 1978), пристигнува до м.в. "Големо врвче" (Т – 2103). Од м.в. "Големо врвче" (Т – 2103), границата на ловиштето врти кон исток и по срт се спушта до К – 1465, од каде по реката Марушица и реката Станишар пристигнува до К – 1115. Од ова кота, границата излегува на шумскиот пат спрема м.в. "Ржана" и по него продолжува кон исток , потоа кон југоисток, се до К – 1357. Од оваа кота, границата продолжува кон југоисток во должина од приближно 1,5 км (спротивно од течението на Ржанска река). Од тоа место, границата на ловиштето врти кон југозапад и по долот избива на м.в. "Балтан" (Т – 2117), односно на државната граница помеѓу Република Македонија и Република Грција.

Југ: Од м.в. "Балтан" (Т – 2117), односно граничен камен 169, границата на ловиштето врти кон исток и движејќи се по срт и државната граница помеѓу Република Македонија и Република Грција, преку граничните камени: 168 ВИИ и 168 ВИ, пристигнува до граничниот камен 168 В, од каде по срт, преку, граничниот камен 168 ИВ, се спушта до граничниот камен 168 ИИИ. Од тука, границата на ловиштето по срт и по државната граница помеѓу Репулика Македонија и Република Грција, преку граничните камени 168 ИИ и 168 И се искачува до м.в. "Бојациев врв" (Т – 2331), односно граничен камен 168.

Исток: Од м.в. "Бојациев врв" (Т – 2331),, границата на ловиштето се движи во правец на север по главниот гребен на Баба планина, при што: најнапред доаѓа до Т - 2196 (која се наоѓа на м.в. "Шкамби и Рофес"), потоа благо се спушта и движејќи се по "францускиот пат" се искачува на м.в. "Лош камен" (Т - 2081). Од ова место, границата продолжува по гребенот на Баба планина и избива на Т - 2093, од каде преку м.в. "Влашки колиби" (Т - 2216) продолжува кон север и избива на врвот "Муса" (Т - 2350).

Север: Од м.в. "Муса" (Т - 2350), границата на ловиштето врти кон запад и движејќи се по главниот гребен на Баба планина, преку : м.в. "Голема грива", Т – 2166 и К - 2192, пристигнува до К – 2292. Од тука, границата на ловиштето врти кон еверозападзапад и по главниот гребен на Баба планина, преку: К – 2329, м.в. "Ветерница" (Т – 2420), К – 2235 и м.в. "Партизански врв" (Т – 2349), пристигнува до м.в. "Широко стапало" (Т – 2415).

1.1.3. Реон Демир Хисар

Ловиште број	СТРУКТУРА НА ПОВРШИНИТЕ (ха)				*Надморска височина*
	ЛПП	ЛНП	НЛП	Вкупна	
1	10.656	1.100	132	11.888	671-1.998
2	12.434	500	219	13.153	630-1.656
3	9.985	1.859	214	12.058	613-1.494
4	6.091	337	211	6.639	620-1.588
ВКУПНО	39.166	3.796	776	43.738	

ЛОВИШТЕ БР.1 „БАЗЕРНИК"

Север: Од мв. „Лиска" (Т-1908), границата на ловиштето има насока кон исток и движејќи се по старата административна граница помеѓу општините: Демир Хисар и Кичево (граница помеѓу КО. Велмевци и КО. Г. Илино и Железнец) поминува низ: м.в. ,,Петров Рид", м.в. ,,Смртница" (Т–1558), мв. ,,Вртоп" м.в. ,,Кула" (К–1299), Т–1169, мв. ,,Бучкоец" и м.в. ,,Крастици" (Т–967), од каде се спушта во Црна Река (,,Зли Дол").

Исток: Од Црна река (,,Зли дол"), границата на ловиштето се движи во правец на југоисток и југ по Црна Река, сè до вливот на реката Мреноштица (Боишка река) во Црна Река. Од вливот на реката Мреноштица во Црна Река, границата на ловиштето продолжува во правец на југ и движејќи се спротивно од течението на реката Мреноштица (Боишка река) пристигнува до село Боиште. Од село Боиште, границата на ловиштето продолжува кон југозапад и движејќи се спротивно од течението на реката Копривница пристигнува до Т-1575.

Југозапад: Од Т–1575, границата на ловиштето врти во правец на северозапад и движејќи се по билото на Илинска планина поминува низ: Т–1653, К-1636, м.в. ,,Црни Врв" (К–1934), м.в. ,,Сталев Камен" (Т–1947 и Т–1998), мв. ,,Дамов Гроб" (Т–1962), К–1848, м.в. ,,Гроб" (Т–1897), мв. ,,Камче", м.в. ,,Вршнико" (Т–1918), м.в. ,,Стража" (Т-1842), манастирот Св. Илија, м.в. ,,Иглар" (Т-1692), Т–1781, К-1846 и пристигнува до м.в. ,,Лиска" (Т–1908), односно до почетната точка.

ЛОВИШТЕ БР.2 „ЛЕСКОВО“

Запад: Од м.в. ,,Голем камен “ (Т–1656), границата на ловиштето се движи во правец на север и по билото на планината Бигла (К–1593, м.в. „Карагучица” (Т–1573), К–1563, Т–1534, Т–1543, Т–1445 и К–1499) пристигнува до Т–1575. Оттука, границата на ловиштето се спушта во изворишниот дол на реката Копривница (К–1245), од каде продолжува по реката Копривница сè до нејзиниот влив во Боишка река. Од вливот на реката Копривница во Боишка река, границата на ловиштето продолжува кон север и по Боишка река (понатаму река Мреноштица) пристигнува до вливот на оваа река во Црна Река.

Север: Од вливот на реката Мреноштица во Црна Река, границата на ловиштето врти кон исток и по Црна Река оди до мостот на оваа река на локалниот патен правец за село Жван, од каде, границата го напушта коритото на Црна Река и по локалниот патен правец пристигнува во село Жван. Од село Жван, граница на ловиштето продолжува кон исток и по земјаниот пат (во подножјето на планината) пристигнува до Т–642 (крстосницата на земјаниот пат со регионалниот патен правец (Р416) Битола – Другово).

Исток: Од Т–642 (крстосницата на земјаниот пат со регионалниот патен правец (Р416) Битола - Другово), границата на ловиштето продолжува по регионалниот патен правец во правец на Демир Хисар, сè до село Белче, а оттаму по земјаниот пат влегува во село Слепче. Од село Слепче, границата на ловиштето се движи по локалниот патен правец кон исток и пристигнува во Демир Хисар. Од Демир Хисар, границата продолжува по регионалниот патен правец во правец на југ, сè до Т–645, а оттаму по локалните немодернизирани патишта поминува низ селата Стругово, Загорче и Утово и пристигнуваа до м.в. ,,Мраморица”.

Југ: Од м.в. ,,Мраморица”, границата на ловиштето врти кон југозапад и по а.т.г. на општината Демир Хисар со општината Битола (Т–851, м.в. ,,Самарница” (Т–916), Т–1086, м.в. Три Синори” (Т–1047), м.в. ,,Висока Глава.” (Т–1050) и м.в. ,,Ѓорев гроб” (Т - 1437) пристигнува до м.в. ,,Голем Камен” (Т–1656), односно на почетната точка.

ЛОВИШТЕ БР.3 „ЖУРЧЕ“

Север: Од м.в. ,,Лубеница” (Т-1300), границата на ловиштето се движи во правец на југ по билиото на гребен кој се одделува од Бушева планина, поминувајќи низ: м.в. ,,Крст”, м.в. ,,Дрејкоец” (Т-1247), м.в. ,,Варниче” (К-1252), Т-1243, м.в. ,,Вртешка” (Т-1284), м.в. ,,Плоче” (Т-1250), К-1251, м.в. ,,Вели врв” (Т-1248). Оттука, го менува правецот кон исток и поминува низ: м.в. ,,Стојчев врв” (Т-1025), над село Ракитница и реката Жаба. Оттука, продолжува да се движи во иста насока, поминувајќи низ: м.в. ,,Лединки”, Т-737, м.в. ,,Долги Рид” (Т-960) и пристигнува до м.в. „Бука” (Т-1260).

Исток: Од м.в. ,,Бука” (Т-1260), границата на ловиштето се движи во правец на југ по пат кој се движи по срт на крак кој се одделува од Бушева планина, поминувајќи низ: К-1204, м.в. ,,Плоче” (Т-1265), К-1282, Т-1288. Од Т-1288, границата на ловиштето се движи по сртот на кракот од Бушева планина и поминува низ: м.в. ,,Рале Падина”, м.в. „Куси Скапци”, м.в. ,,Мартина Плоча” (Т-1147), К-1033, м.в. ,,Горно Уво” (Т-1013), м.в. „Долно Уво” и пристигнува до Т-622 на Црна Река. Одтука, границата на

ловиштето се движи по билото на планината Древеник, поминувајќи низ: м.в. „Долги Рид" (Т-877), м.в. „Кале" (Т-1494), Т-1452, м.в. „Стара Бука" и м.в. „Големо Кале" (К-1165), од каде се спушта во м.в. „Чагор". Оттука, границата на ловиштето се движи по пат (покрај Чагорска река) и излегува на регионалниот патен правец Другово – Демир Хисар – Крклино (Р416).

Југ: Оттука, границата на ловиштето се движи во правец на запад по регионалниот патен правец Другово – Демир Хисар – Крклино (Р416) (во правец на Демир Хисар), поминува низ м.в. „Мраморица" и пристигнува до крстопат каде се одделува локален пат за село Суводол.

Југозапад: Од крстопатот, границата се движи во правец на север по локалниот пат, го поминува село Суводол, м.в. „Дрениче" и излегува на локалниот патен правец кој од село Мургашево води до село Вардино (кај м.в. „Липинци"). Од м.в. „Липинци", границата се движи во правец на североисток по локалниот пат и пристигнува во село Вардино. Од село Вардино, по пат се движи во правец на североисток, поминува низ К-615 (на Црна река), а потоа го менува правецот кон запад, поминува низ Т-625 и пристигнува во село Бараково. Од село Бараково, границата на ловиштето се движи во правец на северозапад по железничка пруга (крак кој се одделува од железничката пруга Прилеп – Битола), поминува низ село Прибилци и пристигнува до Т-651. Оттука, продолжува по железничката пруга во правец на запад и пристигнува во село Сопотница. Од село Сопотница, се движи по регионалниот патен правец Другово – Демир Хисар – Крклино (Р416) (во правец на Другово) и пристигнува до м.в. „Голема Скара".

Запад - северозапад: Од м.в. „Голема Скара", границата на ловиштето се движи во правец на север по регионалниот патен правец Другово – Демир Хисар – Крклино (Р416) (во правец на Другово) и пристигнува до крстопат каде се одделува пат за село Доленци (старата траса на патниот правец Кичево – Битола). Се движи по старата траса и пристигнува до крстопат каде се одделува локален пат за селата Брезово и Зашле. Оттука, се движи во правец на североисток по локалниот пат кој се движи непосредно покрај Горна Река, сè до местото кое се наоѓа на околу 1 км пред село Зашле. Оттука, границата на ловиштето по рид се искачува на м.в. „Лубеница" (Т-1300).

ЛОВИШТЕ БР.4 „ПРИБИЛЦИ"

Исток: Од м.в. „Мраморица", границата на ловиштето се движи во правец на северозапад по регионалниот патен правец Другово – Демир Хисар – Крклино Р416 (во правец на Демир Хисар) и пристигнува до крстопат каде се одделува локален пат за село Суводол. Од крстопатот, границата се движи во правец на север по локалниот пат, го поминува село Суводол, м.в. „Дрениче" и излегува на локалниот патен правец кој од село Мургашево води до село Вардино (кај м.в. „Липинци"). Од м.в. „Липинци", границата се движи во правец на североисток по локалниот пат и пристигнува во село Вардино. Од село Вардино, по пат се движи во правец на североисток, поминува низ К-615 (на Црна река), а потоа го менува правецот кон запад, поминува низ Т-625 и пристигнува во село Бараково.

Од село Бараково, границата на ловиштето се движи во правец на северозапад по железничка пруга (крак кој се одделува од железничката пруга Прилеп – Битола), поминува низ село Прибилци и пристигнува до Т-651. Оттука, продолжува по железничката пруга во правец на запад и пристигнува во

село Сопотница. Од село Сопотница, се движи по регионалниот патен правец Другово – Демир Хисар – Крклино Р416 (во правец на Другово) и пристигнува до м.в. ,,Голема скара". Од тоа место, границата на ловиштето се движи во правец на север по регионалниот патен правец Другово – Демир Хисар – Крклино Р416 (во правец на Другово) и пристигнува до крстопат каде се одделува пат за село Доленци (старата траса на патниот правец Кичево – Битола). Се движи по старата траса и пристигнува до К-806 на Горна река (крстопат каде се одделува локален пат за селата Брезово и Зашле). Оттука, се движи во правец на североисток по локалниот пат кој се движи непосредно покрај Горна река, се до местото кое се наоѓа на околу 1км пред село Зашле. Од тоа место, границата на ловиштето по рид се искачува на м.в. ,,Лубеница" (Т-1300). Од м.в. ,,Лубеница" (Т-1300), границата се движи во правец на североисток и северозапад по срт поминувајќи низ: м.в. ,,Рупчиње", Т-1339, Т-1478, м.в. "Копитенски рид" и пристигнува до м.в. ,,Црн врв" (Т-1588).

Северозапад: Од м.в. ,,Црн врв" (Т-1588), границата на ловиштето се движи во правец на југозапад по срт и поминува низ: К-1507, К-1371, К-1345, м.в. ,,Мртов маж" (Т-1462), м.в. ,,Прнар" (Т-1197), м.в. ,,Попо Чука" (Т-1078), Т-976, од каде се спушта во ,,Зли дол".

Југозапад: Од тоа место (,,Зли дол"), границата на ловиштето се движи во правец на југоисток по течението на Зли дол се до вливот во Црна река (К-745). Од К-745, границата се движи по течението на Црна река се до мостот на оваа река на локалниот пат за село Жван. Оттука, границата на ловиштето се движи по локалниот пат и пристигнува во село Жван. Од село Жван, границата на ловиштето продолжува кон исток и по земјаниот пат (во подножјето на планината) пристигнува до Т–642 (крстосницата на земјаниот пат со регионалниот патен правец Битола – Другово Р416).

Запад: Од оваа крстосница, границата продолжува по регионалниот патен правец во правец на Демир Хисар, сè до село Белче, а оттаму по земјаниот пат влегува во село Слепче. Од село Слепче, границата на ловиштето се движи по локалниот пат кон исток и пристигнува во Демир Хисар. Од Демир Хисар, границата продолжува по регионалниот патен правец Р416 во правец на југ, сè до Т - 645. Од Т - 645, по локален пат поминува низ селата: Стругово, Загорче и Утово и пристигнуваа до м.в.,,Мраморица".

1.1.4. Реон Крушево

Ловиште број	СТРУКТУРА НА ПОВРШИНИТЕ (ха)				*Надморска височина*
	ЛПП	ЛНП	НЛП	Вкупна	
1	10.276	300	900	11.476	609-1.791
2	6.819	300	300	7.419	673-1.791
3	6.201	170	329	6.700	598-1.494
ВКУПНО	23.296	770	1.529	25.595	

ЛОВИШТЕ БР.1 „ОСТРИЛЦИ“

Исток: Од село Бучин, границата на ловиштето води во правец на север и по локалниот пат, преку селата Пресил, Милошево, Свето Митрани, Врбоец и Алданци пристигнува до село Норово. Од село Норово, границата продолжува по локалниот пат до селото Житоше (кај училиштето), од каде продолжува преку ,,Зејнели Чешма'', К-638 и пристигнува под м.в ,,Калуга''. Од тоа место (под м.в. ,,Калуга''), границата на ловиштето се искачува на м.в ,,Калуга'' и преку м.в. ,,Зелени Камен'' (Т-825) и м.в. ,,Змијарник'' К-913, излегува на м.в. ,,Земник-Кале'' (Т-1069).

Северозапад: Од м.в ,,Земник-Кале'' (Т-1069), границата на ловиштето врти кон југозапад и движејќи се по билото, преку м.в ,,Марков Камен''К-952, м.в ,,Чука'' (Т-950), Т-1179 и м.в ,,Стар Камен'' (Т-1497) пристигнува до м.в ,,Стара Мусица'' (Т-1791).

Запад: Од м.в ,,Стара Мусица'', границата на ловиштето има насока кон југ и движејќи се по главниот гребен минува низ м.в ,,Белушино'', К-1633, Т-1616, К-1586, К-1622, м.в ,,Ручало'' (Т-1662), над м.в ,,Дени Камен'', м.в ,,Вршник'' (Т-1595), К-1434, К-1363, Т-1411, м.в ,,Ќафе'' (Т-1524), м.в ,,Гола Планина'' (К-1453), м.в ,,Којов Трн''(К-1317), м.в ,,Кале'' (Т-1316), м.в ,,Рале Клаенци'', м.в ,,Кула''(К-1297), м.в ,,Преслоп''(К-1126), и пристигнува до м.в ,,Ѓокчев Камен'' Т-1196, К-1109, 1041.

Југозапад: Од м.в ,,Ѓокчев Камен''(К-1041), границата на ловиштето се спушта по ридот до Острилска Река, од каде врти кон североисток и движејќи се угоре по м.в ,,Долги Рид''(Т-960), се искачува на м.в ,,Бука'' (Т-1260). Од тоа место, границата врти кон југоисток и преку местата викани ,,Плоче'' (Т-1265), К-1249,К-1269, К-1282,Т-1288, К-1181, ,,Мартина Плоча'' (Т-1147), К-1106, К-1033 и ,,Горно и Долно Уво''(Т-1013, К-933) се спушта на локалниот патен правец село Единаковци-село Бучин, односно на место на овој пат кое се наоѓа на околу 500 м. северно од Т-622.

Југ,југоисток: Од местото на локалниот патен правец село Единаковци-село Бучин (кое се наоѓа на околу 500 м северно од Т-622), границата на ловиштето води во правец на исток и североисток и по локалниот патен правец село Единаковци-село Бучин пристигнува до село Бучин.

ЛОВИШТЕ БР.2 „ДИВЈАЦИ“

Исток: Од м.в. ,,Стара Мусица" (Т – 1791), границата на ловиштето има насока кон југ и движејќи се по гребенот минува низ: (К-1705), м.в. ,,Белушино", (К-1633), (Т – 1616), (К-1586, К-1662), м.в. ,,Ручало" (Т – 1662), над м.в. ,,Дени Камен", м.в. ,,Вршник" (Т – 1595), (К-1434, К-1363), м.в. ,,Споменик'' (Т – 1411), м.в. ,,Ќафе" (Т – 1524), м.в. ,,Гола Планина" (К – 1453), м.в. ,,Којов Трн" (К-1317), м.в. ,,Кале" (Т – 1316), м.в. ,,Накло Ливада" (К-1236), м.в. ,,Кула" (К-1297), м.в. ,,Преслап" К-1126 и пристигнува до м.в. ,,Ѓокчев Камен" (К – 1041).

Југ: Од м.в. ,,Ѓокчев Камен" (К – 1041), границата на ловиштето врти кон југозапад и по ридот, преку м.в. ,,Лединки", се спушта на локалниот пат с. Прибилци – с. Кочиште – с.Д.Дивјаци (во ниво на с. Ракитница). Оттука, границата на ловиштето врти кон северозапад и по ридот се искачува до м.в. ,,Стојчев Врв" (Т – 1025), а од таму по сртот продолжува до м.в. ,,Вели Врв" (Т – 1248).

***Запад*:** Од м.в. „Вели Врв" (Т – 1248), границата на ловиштето врти кон северозапад и север така што поминува низ следните карактеристични места и точки: К-1127, м.в. „Плоче" (Т-1250), м.в. „Вртешка" (Т-1284), Т-1243, м.в. „Варниче" (К-1252), м.в. „Драјкоец" (Т-1247), м.в. „Крст", м.в. „Лубеница" (Т-1300), м.в. „Рупчиња" (Т-1339), м.в. „Копитенски Рид" (Т - 1478), м.в. „Црн Врв" (Т - 1588), м.в. „Кула" (Т-1355), м.в. „Студено" (Т-1532), м.в. „Турче" (К-1504) и пристигнува до м.в. „Козјак" (Т-1764).

***Север*:** Од м.в. „Козјак" (Т-1764), границата на ловиштето врти кон исток и по билото на Бушева Планина, преку: м.в. „Ребор" (К-1744, К-1719 и Т-1773), м.в. „Мусица' ' и К-1669 пристигнува до м.в. „Стара Мусица" (К-1752 и Т – 1791), односно до почетната точка.

ЛОВИШТЕ БР.3 „АЛДАНЦИ"

Исток: Границата на ловиштето започнува кај м.в. „Зелен Камен" (Т – 825) и движијќи се кон југоисток и понатаму кон југ по старата граница помеѓу општините Крушево и Долнени поминува низ: К – 685, К-683, К – 616, м.в. „Коњовец", Т – 611, Т – 605, К-602, м.в. „Породница", м.в. „Мало Блато" К-599, Т-600, м.в. „Манастирски Ливади", Т – 599, К-598, м.в. „Ливаѓе", м.в. „Р'т" (Т – 666) и пристигнува до м.в. „Уши" (Т – 849). Од тука, границата на ловиштето продолжува кон југ и по границата помеѓу општините Крушево и Кривогаштани поминува низ: м.в. „Годивско Камење" (К – 764), м.в. „Голем Скапец" (Т – 800) , од каде продолжува по Крушевска Река, се до Т – 603. Од тука, границата на ловиштето продолжува кон југ и преку: Т – 599, К-508 ж.ст. Воѓани, м.в. „Калдрмче", К – 601 и м.в. „Лутики" пристигнува до с. Трновци.

Југоисток: Од село Трновци, границата на ловиштето врти кон запад и југозапад и движејќи се по ридот (а.т.г. помеѓу општините Крушево и Могила) поминува преку: м.в. „Уши" (К - 756), Т – 732, К876, м.в. „Голема Тумба" (Т – 1069), м.в. „Клапа" (К-1315) и пристигнува до м.в. „Кале" (Т – 1494), односно до тромеѓето на општините Крушево, Демир Хисар и Могила.

Запад: Од м.в. „Кале" (Т – 1494)., границата на ловиштето има насока кон север и по ридот преку: К1156, К1025, м.в. „Долги Рид" и Т – 877, се спушта на пат с. Единаковци – с. Бучин. Од тука (местото на патот с. Единаковци – с. Бучин кое се наоѓа на околу 500 м. северно од Т – 622), границата на ловиштето води во правец на исток и североисток и по регионалниот пат Р2339 с. Единаковци – с. Бучин, пристигнува до с. Бучин. Од с. Бучин, границата на ловиштето води во правец на север и по локалниот пат, преку селата: Пресил, Милошево, Свето Митрани, Врбоец и Алданци пристигнува до с. Норово. Од с. Норово, границата продолжува по локалниот пат доаѓа до: с. Житоше, м.в. „Зејнели Чешма", К – 641 и пристигнува до под м.в. „Калуга"(К-639). Од тоа место (под м.в. „Калуга" К-639), границата на ловиштето се искачува преку м.в. „Калуга" и пристигнува до м.в. „ Зелен Камен " (Т – 825), односно до почетната точка.

1.2 Охридско-Преспанско ловностопанско подрачје

1.2.1. Реон Ресен

Ловиште број	СТРУКТУРА НА ПОВРШИНИТЕ (ха)				*Надморска височина*
	ЛПП	ЛНП	НЛП	Вкупна	
1	7.892	700	200	8.592	853-1.660
2	8.093	370	80	8.543	908-1.934
3	7.095	200	72	7.367	890-2.103
4	4.590	115	90	4.780	854-2.120
5	3.914	100	2.207	6.221	850-1.050
6	6.511	170	532	7.213	851-1.117
7	6.182	200	1.330	13.240	694-2265
ВКУПНО	44.277	1.855	4.511	55.956	

ЛОВИШТЕ БР.1 „ИСТОК“

Исток: од село Сир Хан, границата на ловиштето се движи во правец на север - североисток по локалниот патен правец село Трпејца - Ресен (околу 1 км) до крстопатот, а потоа продолжува по локален патен правец поминувајќи низ селата: Мијоица (К-860,2), Волкодери, Прељубје, Лавци, Евла и пристигнува до село Болно. Од село Болно, границата се движи во правец на исток по земјан пат и излегува на магистралниот патен правец Ресен - Охрид. Од тука, се движи во правец на север по магистралниот патен правец Ресен - Охрид, поминува низ селата Јанковец и Избишта и пристигнува до село Д. Крушје.

Север: Од село Д. Крушје, границата на ловиштето се движи во правец на запад по магистралниот патен правец Ресен - Охрид се до а.т.г. со општината Охрид (м.в. „Долга Краста”). Од тука, границата се искачува по рид (м.в. „Краста”), пристигнува до коритото на Малина Река и се движи спротивно на течението на реката околу 1,3 км. Од тоа место, границата на ловиштето се движи по срт поминувајќи низ м.в. „Вршишта” (Т-1342 и К-1405), м.в. „Штрни кмн.” (Т-1508), м.в. „Гурабија” (Т-1574), К-1519 и води до м.в. „Гарванов кмн” (Т-1561). Од м.в. „Гарванов кмн” (Т-1561), границата на ловиштето се движи во правец на запад по земјена патека, поминува низ К-1542 и пристигнува до м.в. „Кочов камен”.

Запад-југозапад: Од м.в. „Кочов камен”, границата на ловиштето се движи во правец на југоисток - југ по срт поминувајќи низ Т-1543, К-1552, м.в. „Бигла” (Т-1663), м.в. „Самар” (К-1588, Т-1646 и К-1657), м.в. „Кукуљ”, м.в. „Пецилин” (Т-1424), К-1328 и К-1144. Од К-1144, границата на ловиштето се спушта на локалниот патен правец село Трпејца - Ресен кај село Сир Хан.

ЛОВИШТЕ БР.2 „ПЛАКА“

Исток: Од м.в. ,,Ѓават” (на магистралниот патен правец Битола – Ресен – Охрид), границата на ловиштето се движи во правец на север по главниот срт на планината Бигла, поминувајќи низ следните карактеристични места и точки: м.в. ,,Градишта”, м.в. ,,Чичка”, м.в. ,,Сулејманов кмн”, м.в. ,,Рајкови падиње”, (Т-1321), м.в. ,,Киска” (Т-1525), м.в. ,,Кале” (Т-1569), м.в. ,,Голем кмн” (Т-1656), м.в. ,,Средни рид” (К-1591), м.в. ,,Карагучица” (Т-1573), м.в. ,,Бачилиште” (Т-1543), Т-1445, К-1501, Т-1575, м.в. ,,Мечки камен” (Т-1653), К-1636 и води до К-1686. Од К-1686, границата на ловиштето по земјена патека се спушта во подножјето на м.в. ,,Црни врв”.

Север - северозапад: Од подножјето на м.в. ,,Црни врв” (кое се наоѓа на последниот крак кој се одделува од главниот срт на Плаќенска планина, со правец на протегање од североисток кон југозапад), границата на ловиштето се движи по сртот на кракот од Плаќенска планина поминувајќи низ следните карактеристични места и точки: м.в. ,,Црни врв” (Т-1921), Т-1709, м.в. ,,Голи врв” (Т-1852), Т-1478, м.в. ,,Сивец”, К-1391, м.в. ,,Прженик” (Т-1415), м.в. ,,Буковски рид”К-1258 и м.в. ,,Чаве” (Т-1322). Од тука, границата на ловиштето во правец на југ се спушта на магистралниот патен правец Битола – Ресен – Охрид.

Југозапад: Од тоа место, границата на ловиштето се движи во правец на исток – југоисток по магистралниот патен правец Битола – Ресен – Охрид (во правец на Ресен) и води до село Избишта, односно до мостот на реката Голема река. Од мостот на реката, границата на ловиштето се движи по течението на Голема река се до местото каде во неа се влива Чешинска река (К-897,5). Од тука, се движи во правец на север – североисток спротивно на течението на Чешинска река се до местото каде во неа се влива Мекелија река. Од тука, границата се движи во правец на југоисток спротивно на течението на Мекелија река се до село Златари. Од село Златари, границата се движи во правец на југ по земјан пат за село Сопотско поминувајќи низ К-971 и К-919. Од село Сопотско, продолжува да се движи по земјаниот пат, поминува низ К-897 и води до магистралниот патен правец Битола – Ресен – Охрид.

Југ: Од тука, границата на ловиштето се движи во правец на исток по магистралниот патен правец Битола – Ресен – Охрид (во правец на Битола), поминува низ м.в. ,,Долги рид” и води до м.в. ,,Ѓават”.

ЛОВИШТЕ БР.3 „КУРБИНОВО“

Исток, Североисток: Од местото кое се наоѓа на билото на планината Баба на околу 600 м југозападно од м.в. ,,Вртешка” (Т–2010), односно 1 км источно од м.в. ,,Маркова кула” (К–1449), границата на ловиштето се движи кон југ по билото на планината Баба и преку: м.в. ,,Чун” (Т–1709) и м.в. ,,Кодра” (Т–1739), пристигнува до м.в. ,,Мала чука” (Т–2009). Оттука, границата на ловиштето се движи по работ на шумскиот појас, поминува на околу 500 м југозападно од м.в. ,,Голема чука” (Т–2179), и оттаму границата врти кон исток, поминува низ м.в. ,,Каранико чешма” и избива на К–1708. Од К–1708, границата ја менува насоката кон југ, ги сече двата изворишни краци на Кранска река и избива на врвот ,,Марушица” (Т–2091).

Југоисток: Од м.в. ,,Марушица" (Т–2091), границата на ловиштето врти кон југозапад и преку: м.в. ,,Ваковско" (Т–1978), м.в. ,,Големо врвче" (Т–2103), м.в. ,,Гура" (Т–1666) и м.в. ,,Арден" (Т–1599) води до м.в. ,,Ѓорѓиева тумба" (Т–1103). Од тоа место, преку м.в. ,,Барџева тумба" (К–1041) по ридот (пешачка врвица), границата се спушта на регионален патен правец ,,Макази" – ,,Маркова нога".

Запад: Оттука, границата на ловиштето врти кон север и по регионалниот патен правец ,,Макази" – ,,Маркова нога" (движејќи се кон ,,Макази") пристигнува до крстопатот на овој патен правец (блиску до мостот на реката Грдоец) по земјаниот пат за село Г. Штрбово. Оттука, границата на ловиштето движејќи се по земјаниот пат поминува низ селата: Г. Штрбово и Крани и пристигнува до село Арвати. Од село Арвати, границата на ловиштето продолжува по земјаниот пат за селото Сливница и преку К–935 води до ова село. Од село Сливница, границата на ловиштето води до земјаниот пат кон црквата Св. Атанасиј (Танасије), ја поминува црквата и паралелно со регионалниот патен паравец ,,Макази" – ,,Маркова нога", по земјаниот пат води до село Курбиново. Од село Курбиново, границата на ловиштето продолжува по локален пат и кај село Рајца се приклучува на регионалниот патен правец ,,Макази" – ,,Маркова нога". Од тоа место, границата на ловиштео се движи по регионалниот патен правец ,,Макази" – ,,Маркова нога" (кон ,,Макази") и преку селата: Грнчари и Подмочани води до место на овој патен правец кое се наоѓа околу 50 м западно од Т-890,3.

Север: Од тоа место, границата на ловиштето врти кон исток, и по земјаниот шумски пат преку м.в. ,,Плесој нивје" и Т–1045 пристигнува до крстопатот со земјаниот пат кој се спушта од м.в. ,,Маркова кула", а оттаму по најизразитиот рид се искачува на м.в. ,,Маркова кула" (К–1449), од каде продолжува се до билото на планината Баба, поточно до местото кое се наоѓа на околу 600 м југозападно од м.в. ,,Вртешка" (Т–2010), односно 1 км источно од м.в. ,,Маркова кула" (К–1449).

ЛОВИШТЕ БР.4 „БРАЈЧИНО"

Североисток: Од м.в. ,,Големо врвче" (Т–2103), границата на ловиштето врти кон исток и по рид се спушта до реката Марушица, од каде по реката Марушица и реката Станишар води до К–1114. Од ова кота, границата излегува на шумскиот пат и по него продолжува кон исток до вливот на 'Ржанска река во Брајчинска река. Од вливот, границата продолжува кон југоисток во должина од приближно 1,5 км (спротивно од течението на 'Ржанска река). Од тоа место, границата на ловиштето врти кон југозапад и по долот избива на м.в. ,,Балтан" (Т–2117).

Југоисток, Југ: Од м.в. м.в. ,,Балтан" (Т–2117), границата на ловиштето има насока кон југозапад и по државната граница помеѓу Република Северна Македонија и Република Грција води до караулата ,,Маркова нога", поточно до граничниот камен 177 и асфалтниот патен правец Р505 на граничниот премин.

Запад: Од тоа место, граница на ловиштето врти кон север и по регионалниот патен правец Р505 ,,Макази" – ,,Маркова нога" води до село Д. Дупени. Од село Д. Дупени, границата на ловиштето продолжува по локалниот патен правец до село Љубојно од каде по истиот патен правец продолжува сè до под м.в. ,,Барџева тумба".

Северозапад: Оттука, граница на ловиштето има насока кон североисток и по ридот се искачува на м.в. ,,Барџева тумба" (К–1041), м.в. ,,Ѓорѓиева тумба" (Т–1103), од каде по патека се искачува на м.в. ,,Ардан" (Т–1599), а оттаму по сртот преку м.в. ,,Гура" (Т–1666) се искачува до м.в. ,,Големо врвче" (Т–2103), односно до почетната точка.

ЛОВИШТЕ БР.5 „ЕЗЕРАНИ"

Исток: Од граничнот камен 177 (државна граница помеѓу Република Северна Македонија и Република Грција) и асфалтниот патен правец под граничниот премин, граница на ловиштето има насока кон север и по регионалниот патен правец Р505 ,,Макази" – ,,Маркова нога" пристигнува до село Д. Дупени. Од село Д. Дупени, границата на ловиштето продолжува по локалниот патен правец до село Љубојно, од каде продолжува по истиот патен правец се до под м.в. ,,Барџева тумба" (К–1041), каде се приклучива на регионалниот патен правец Р505 ,,Макази" – ,,Маркова нога". Од тука, границата на ловиштето врти кон север и по регионалниот патен правец Р505 ,,Макази" – ,,Маркова нога" (движејќи се кон ,,Макази") пристигнува до крстопатот на овој патен правец (блиску до мостот на реката Грдоец) со земјаниот пат за село Г. Штрбово. Оттука, границата на ловиштето движејќи се по земјаниот пат поминува низ селата: Г. Штрбово и Крани и пристигнува до село Арвати. Од село Арвати, границата на ловиштето продолжува по земјаниот пат за село Сливница и преку К–924 и К–929 пристигнува во ова село. Од село Сливница, границата на ловиштето продолжува по земјаниот пат кон црквата Св. Атанасиј (Танасије), ја поминува црквата и паралелно со регионалниот патен паравец Р505 ,,Макази" – ,,Маркова нога", по земјаниот пат пристигнува до село Курбуново. Од село Курбиново, границата на ловиштето продолжува по локален пат и кај К–882 се приклучува на регионалниот патен правец Р505 ,,Макази" – ,,Маркова нога". Од тоа место, границата на ловиштето се движи по регионалниот патен правец Р505 ,,Макази" – ,,Маркова нога" (кон ,,Макази") и преку селата: Рајца, Грнчари и Подмочани пристигнува до крстопатот на овој патен правец со локалниот патен правец за селата: Козјак, Царев Двор, Дрмени и Сир Хан.

Северозапад: Од тоа место (крстопатот), границата на ловиштето врти кон југозапад и по локалниот патен правец за селата: Козјак, Царев Двор, Дрмени и Сир Хан пристигнува во село Сир Хан.

Југозапад, запад: Од село Сир Хан, границата на ловиштето врти кон исток, а понатаму кон југоисток и по брегот на Преспанското Езеро пристигнува до почетната точка, поточно до граничниот камен камен 177 (кај граничниот премин ,,Маркова нога").

Север: од село Болно, границата на ловиштето се движи во правец на исток и по шумски земјан пат се спушта на магистралниот патен правец Битола - Ресен - Охрид (А3). Оттука, границата се движи во правец на север по магистралниот патен правец Битола - Ресен – Охрид (А3), поминува низ село Јанковец и пристигнува до село Избишта, односно до мостот на Голема Река. Од мостот на Голема Река, границата на ловиштето врти кон југ и движејќи сè по течението на Голема Река, пристигнува до местото каде во ова река се влива Чешинска Река (К-898). Оттука, границата се движи спротивно на течението на Чешинска Река во правец на североисток исток, се до местото каде во неа се влива Мекелија Река (К-943). Оттука, границата се движи спротивно на течението на Мекелија Река (поток) во правец на југоисток, се до село Златари.

ЛОВИШТЕ БР.6 „ЦАРЕВ ДВОР“

Исток: од село Златари, границата на ловиштето продолжува во правец на југ,првин по локалниот пат за Ресен, а потоа по земјаниот пат за село Сопотско (поминувајќи низ К-978), пристигнува до село Сопотско. Оттука, граница на ловиштето продолжува кон југ и по локален немодернизиран, земјен пат пристигнува до крстопатот на овој пат со магистралниот патен правец Битола – Ресен – Охрид (А3). Од крстопатот, границата врти кон исток (кон Битола) и по магистралниот патен правец пристигнува до м.в. ,,Ѓавато”.

Југоисток: од м.в. ,,Ѓавато”, границата на ловиштето врти кон запад и по старата регионална траса на патниот правец Битола – Ресен (Р 1101) пристигнува до м.в. ,,Макази”, поточно до крстопатот на регионалната (Р 1101) траса со пат за селата: Козјак и Царев Двор. Од тоа место (крстопатот), границата на ловиштето продолжува кон југозапад, и по регионалниот патен правец (Р 1101) за селата: Козјак и Царев Двор, пристигнува до пред село Сир Хан, поточно до крстопатот на овој пат со локалниот патен правец за село Мијоица (Шурленци).

Запад: оттука, границата на ловиштето врти кон север и по немодернизиран локален патен правец поминува низ селата: Мијоица (Шурленци), Волкодери (К-875), Прељубје и Лавци. Од село Лавци преку м.в. „Каца” (К – 889) и К-915 пристигнува до село Евла. Од село Евла границата на ловиштето врти кон исток и околу 1,8 км се движи по асвалтниот пат Ресен – Евла се до приклучокот на немодернизираниот локален пат на асвалтнот пат. Од тоа место (крстопатот), границата на ловиштето продолжува по немодернизираниот локален пат во правец на север, и преку Т – 943 и м.в. „Јамине”, пристигнува до асвалтниот пат Ресен-Болно, од каде продолжува се до село Болно.

ЛОВИШТЕ БР. 7 „ГАЛИЧИЦА I”

Исток: Од м.в. “Горни Исток” , поточно од земјаниот пат кој пристигнува од насока на м.в. “Гарванов камен”, границата на ловиштето има насока кон југоисток и преку К – 1154 избива на врвот “Скала” (Т – 1556). Потоа, границата се движи по сртото на “Самар” и преку К – 1608 избива на К – 1646. Оттука, границата се движи кон југоисток и избива на врвот “Кукол” (К – 1319), а потоа свртува кон југ, југозапад и избива на врвот “Пецилин” (Т – 1424). Оттука, границата продолжува кон југ и избива на К – 1141 на ридот “Сирханско кале”. Од К – 1141, во насока на југоисток, границата на ловиштето се спушта, го пресекува регионалниот пат Р 503 (Макази – Царина) и избива на брегот на Преспанското Езеро. Оттука, границата на ловиштето се протега по западниот брег на Преспанското Езеро (вклучувајќи го и островот Голем Град), се до м.в. “Зандана”, поточно до државната граница помеѓу Република Македонија и Република Албанија.

Југ: Од тоа место, границата на ловиштето врти кон запад и по државната граница помеѓу Република Македонија и Република Албанија пристигнува до м.в. “Стара Галичица”, поточно на место на државната граница кое се наоѓа на околу 100 м. југоисточно од К – 2065.

Запад: Од тоа место, границата на ловиштето има насока кон северозапад и преку: м.в. "Стара Галичица" (К – 2065), К – 2021 и К – 1676, по рид се спушта до К – 1556, поточно до преслапот на планината Галичица кој се наоѓа на регионалниот пат Р 504 (Царина – Трпејца). Оттаму, границата врти кон североисток и движејќи се по регионалниот пат Р 504, пристигнува до крастопатот на овој регионален пат со земјаниот пат кој води по висорамнината на планината Галичица. Од крстопатот, границата врти кон север и по земјаниот пат, преку: м.в. "Сува плош", К – 1493, м.в. "Суво поле", К – 1421, К – 1467, К – 1466, К – 1460, м.в. "Асан ѓура", К – 1473, м.в. "Дупкана", К – 1441, м.в. "Ѓафа", К – 1497, К – 1466, и м.в. "Летница", пристигнува до под м.в. "Скала" (Т – 1473), поточно до крстопатот со земјаниот пат кој води кон м.в. "Горни Исток".

Север: Од крстопатот, границата на ловиштето има насока кон североисток и по земјаниот пат кој води кон м.в. "Горни Исток", односно кон м.в. "Гарванов камен", пристигнува до ридот кој се спушта од врвот "Вишесла", блиску до К – 1533, односно до почетната точка.

1.2.2. Реон Охрид

Ловиште број	СТРУКТУРА НА ПОВРШИНИТЕ (ха)				*Надморска височина*
	ЛПП	ЛНП	НЛП	Вкупна	
1	11.375	1.085	1.570	14.030	738-2.242
2	10.810	540	200	11.550	800-1908
3	11.398	906	316	12.620	730-1.962
4	9.975	2.320	455	12.550	731-1.998
5	5.914	400	1.682	8.023	693-1.563
6	2.857	97	178	3.132	709-1.205
7	3.882	220	116	4.218	754-1.086
8	6.528	150	704	10.910	848-2104
ВКУПНО	62.739	5.718	5.221	77.033	

ЛОВИШТЕ БР.1 „КАРАОРМАН"

Север:Од Т-2242 (м.в. "Бабин срт"), границата на ловиштето се движи по сртот во правец на североисток до Т-2195, од каде ја менува својата насока и продолжува по сртот во правец исток, при што минува низ следниве карактеристични точки: Т-2001 (м.в. "Еѓупски гробишта"), К-1891, Т-1819 (м.в. "Фурка"), Т-1679, Т-1459 (м.в. "Мирослаица"), К-1330, Т-1287 (м.в. "Стапичарник"), Т-1218, Т-1312 (м.в. "Брдо") и К-1149, од каде се спушта на магистралниот патен правец Охрид - Кичево - Скопје (кај м.в. "Пресека").

Исток:Од магистралниот патен правец Охрид - Кичево - Скопје(кај м.в. "Пресека"), границата на ловиштето се движи во правец на југ по магистралниот патен правец, се до крстопатот, каде од магистралата се дели локален патен правец кој води кон село Климештани.

Југ:Од крстопатот (каде од магистралниот патен правец Охрид - Кичево - Скопје се дели локален патен правец кој води кон село Климештани), границата на ловиштето се движи во правец на севозапад по локалниот патен правец до мостот преку Сатеска Река. Од тука, границата на ловиштето продолжува околу 350метри во правец на југ (по Сатеска Река),по што го напушта коритото на реката, ја менува својата насока во правец на запад и доаѓа до К-866 (м.в. "Кутлиште"). Од тука, границата се движи по ридот во правец на север и низ: К-917 (м.в. "Кутлиште"), Т-1125 (м.в. "Големи камен") и К-1163 доаѓа до Т-1258 (м.в. "Ајмас").Од тука, границата ја менува својата насока во правец на запад и преку Т-1436 (м.в. "Кодра маре")доаѓа до Т-1673 (м.в. "Ајмас").

Запад:Од Т-1673 (м.в. "Ајмас"), границата на ловиштето се движи по сртот на планината Караорман во правец на север, при што минува преку следниве карактеристични точки: К-1654 (м.в. "Дуф кутел"), Т-1683 (м.в. "Гола краста"), Т-1683 (м.в. "Распаче"), Т-1794 (м.в. "Орли врв"), Т-1698, К-1661, К-1655, К-1685 и Т-1762 (м.в. "Црни кмн"). Од тука, границата на ловиштето се искачува по сртот на планината Стогово, при што минува преку следниве карактеристични точки: К-1888, Т-1984 и Т-2075 (м.в. "Алипашица"), К-2096 (м.в. "Ржански рид"), Т-2139 и Т-2124, од каде се искачува до Т-2242 (м.в. "Бабин срт").

ЛОВИШТЕ БР.2 „ДЕБАРЦА"

Север:Од магистралниот патен правец Охрид - Кичево - Скопје (под м.в. "Облец"), границата на ловиштето се искачува во правец на исток до К-1251 (м.в. "Облец"). Од тука, границата се движи по сртот низ Т-1465 (м.в. "Гола краста") и К-1205 и доаѓа до Т-1370 (м.в. "Голема краста").

Североисток:Од Т-1370 (м.в. "Голема краста"), границата на ловиштето се движи во правец на југоисток по сртот, при што минува низ: К-1276, Т-1313 (м.в. "Горна кривача"), К-1349 (м.в. "Прута"), Т-1345 (м.в. "Карацица"), К-1361 (м.в. "Бели камен"), К-1244 (м.в. "Мрамот"), Т-1431 (м.в. "Рамнигос"), Т-1554 (м.в. "Чукар"), Т-1576 (м.в. "Старцине"), Т-1586, Т-1702 (м.в. "Магарево"), Т-1898 (м.в. "Штирни камен"), К-1809 (м.в. "Дебела рудина"), Т-1902 (м.в. "Ветерник"), Т-1908 (м.в. "Лиска"), котите К-1848 и К-1781 (на сртот на Илинска планина) и доаѓа до Т-1684 (м.в. "Иглар").

Југоисток:Од Т-1684 (м.в. "Иглар"), границата на ловиштето се движи во правец на југ-југозапад, минува низ Т-1678 (на сртот на Илинска планина) и низ м.в. "Долго брдо" (Т-1262, К-1242 и Т-1114), од каде се спушта на крстопатот (каде од локалниот патен правец Издеглавје - Брежани се дели пат кој се движи покрај течението на река Јаворец).

Југозапад:Од крстопатот(каде од локалниот патен правец Издеглавје - Брежани се дели пат кој се движи покрај течението на река Јаворец), границата на ловиштето се движи во правец на северозапад по локалниот патен правец Издеглавје - Брежани, минува низ селата Велмеј, Оздолени и Издеглавје и по локалниот патен правец се движи до крстопатот кој се приклучува на магистралниот патен правец Охрид - Кичево.

Запад:Од крстопатот каде од магистралниот патен правец Охрид - Кичево се дели на локалниот патен правец кој води кон село Издеглавје, границата на ловиштето се движи по магистралниот патен правец во правец на север, се до под м.в. "Облец".

ЛОВИШТЕ БР.3 „БРЕЖАНИ“

Север: од крстопатот кај село Ботун, каде од магистралниот патен правец Охрид - Кичево - Скопје се дели локалниот патен правец Ботун - Брежани, границата на ловиштето се движи по локалниот патен правец во правец на исток и минува низ селата Злести и Лешани.Границата на ловиштето продолжува по локалниот патен правец покрај течението на река Српница и се движи се до крстопатот каде од локалниот патен правец Ботун - Брежани се дели пат кој се движи покрај течението на река Јаворец. Од тука, границата се искачува по рид во правец на североисток преку Т-1114, К-1242 и Т-1262 (кои се наоѓаат на м.в. "Долго брдо") се до Т-1678 (кој се наоѓа на сртот на Илинска планина).

Североисток-исток: од Т-1678 (кој се наоѓа на сртот на Илинска планина), границата на ловиштето се движи во правец на југоисток по сртот на Илинска планина низ следниве карактеристични точки: Т-1842 (м.в. "Стража"), К-1896, Т-1918 (м.в. "Вршнико"), К-1902 (м.в. "Камче"), Т-1897 (м.в. "Гроб"), К-1859, од каде се искачува до Т-1962 (м.в. "Дамов гроб").

Југ: од Т-1962 (м.в. "Дамов гроб"), границата на ловиштето се движи во правец на запад по рид преку м.в. "Прелози" и Т-1596 до планината Мазатар со Т-1591 (м.в. "Дупен камен"), Т-1635 (м.в. "Бајрак") и К-1460. Од тука, продолжува преку Т-1385 и К-1372 (м.в. "Калипадиње"), м.в. "Црнец" се до м.в. "Рид" (јужно од село Куратица). Од тука, границата на ловиштето ја менува својата насока во правец на југ и по рид се движи низ Т-1232 (м.в. "Вељо брдо"), Т-1120 (м.в. "Требишки рид"), Т-1064 (м.в. "Калишта"), Т-995 (м.в. "Краста") се до Т-1079 (м.в. "Јасика").

Југозапад: од Т-1079 (м.в. "Јасика"), границата на ловиштето се движи во правец на северозапад и по рид преку Т-928 се спушта до село Вапила и село Лиоишта. Од тука, границата се искачува по рид до Т-902 (м.в. "Габери"), од каде продолжува преку Т-1048 (м.в. "Ѓурова глава"), К-1161 и К-1131 (м.в. "Пишишта"), Т-1130 (м.в. "Стојанец")и преку К-796 се спушта до село Мешеишта.

Запад: од село Мешеишта, границата на ловиштето се движи во правец на север по магистралниот патен правец Охрид - Кичево - Скопје се до крстопатот кај село Ботун каде од магистралниот патен правец се дели локалниот патен правец Ботун - Брежани.

ЛОВИШТЕ БР.4 „ЗАВОЈ“

Север:Од Т-1962 (м.в. "Дамов гроб"), границата на ловиштето се движи по рид во правец на запад (преку м.в. "Прелози" и Т-1596), се до Т-1591 (м.в. "Дупен камен"), Т-1635 (м.в. "Бајрак") и К-1460 (сите се наоѓаат на сртот Мазатар). Од тука, границата продолжува преку Т-1385 и К-1372 (м.в. "Калипадиње") и преку м.в. "Црнец" доаѓа до м.в. "Рид", кое место се наоѓа јужно од село Куратица.

Запад:Од м.в. "Рид" (кое се наоѓа јужно од село Куратица), границата на ловиштето се движи по ридот во правец на југ и низ Т-1232 (м.в. "Вељо брдо"), Т-1120 (м.в. "Требишки рид"), Т-1064 (м.в. "Калишта"), Т-995 (м.в. "Краста") доаѓа до Т-1079 (м.в. "Јасика"). Од тука, границата се спушта по ридот во правец на југозапад, се до магистралниот патен правец Охрид - Ресен - Скопје, од каде продолжува по магистралниот патен правец низ село Косел и доаѓа до село Д. Лескоец.

Југ:Од село Д. Лескоец, границата на ловиштето се движи во правец на југоисток-исток, минува низ село Г. Лескоец и преку К-1068 и К-1340 се искачува до Т-1563 (м.в. "Вишесла"). Од тука, границата ја менува својата насока кон југ, минува низ м.в. "Кочов камен" и јужно од м.в. "Два гроба" се движи се до Т-1561 (м.в. "Гарванов кмн").

Југоисток:Од Т-1561 (м.в. "Гарванов кмн"), границата на ловиштето се движи по сртот во правец на североисток и низ К-1519, Т-1574 (м.в. "Гурабија"), Т-1508 (м.в. "Штрни кмн")доаѓа до К-1405 и Т-1342 (м.в. "Вршишта"). Од тука, границата се спушта во Малина Река по која од источна страна го заобиколува м.в. "Долга краста", минува преку магистралниот патен правец Охрид - Ресен - Скопје и се искачува до Т-1322 (м.в. "Чаве"). Од тука, границата по сртот се движи во правец на североисток при што минува низ: м.в. "Буковски рид", К-1328, Т-1415 (м.в. "Прженик"), К-1392, К-1418 и Т-1478 (м.в. "Сивец"), К-1596, Т-1852 (м.в. "Голи врв") и Т-1709, од каде се искачува се до м.в. "Црни врв".

Исток:Од м.в. "Црни врв", границата на ловиштето се движи во правец на север по сртот на Плакенска планина и преку Т-1947 и Т-1998 (м.в. "Сталев камен")доаѓа до Т-1962 (м.в. "Дамов гроб").

ЛОВИШТЕ БР.5 „КОСЕЛ"

Север: Од Т-705(м.в. „Гроб"), границата на ловиштето се движи во правец на исток по локалниот патен правец Ливада-Требишта,минува низ селото Волино и продолжува до село Требишта.Оттука, границата се искачува по ридот до Т-1006 (м.в. „Габер"). Од тоа место, границата ја менува својата насока во правец на југ и продолжува преку Т-1063, се до Т-1203 (м.в. „Гореничка Чука")и К-1104.Оттука, границата ја менува својата насока кон исток-североисток и движејќи се низ Т-1086, Т-970 (м.в. „Лас") и К-905доаѓа до К-808(м.в. „Џумкаров рид"), од каде се спушта до село Вапила.

Североисток: Од село Вапила, границата на ловиштето се искачува по ридот во правец на југоисток(преку м.в. „Милиговец" и Т-928) и доаѓа до Т-1079 (м.в. „Јасика").Оттука,границата се спушта во правец на југозапад по ридот до магистралниот патен правец (М5) Охрид - Ресен - Скопје, од каде се движи по магистралниот патен правец низ село Косел доаѓа до село Лескоец. Оттука, граница ја менува својата насока во насока југоисток-исток, минува низ село Лескоец, од каде преку К-1438 се искачува до Т-1563 (м.в. „Вишесла").

Југоисток: Од Т-1563 (м.в. „Вишесла"), границата на ловиштето се движи во правец на југозапад и преку м.в. „Кочов Камен", Т-1014 (м.в. „Кулишта") и К-776, се спушта до градот Охрид. Од градот Охрид, границата на ловиштето се движи во правец на југ по автопатот (Р501) кој води кон Свети Наум, сè до крстопатот кај м.в. „Белина", каде се дели пат кој води кон брегот на Охридското Езеро, поточно до Т-702.

Југозапад: Од Т-702, границата на ловиштето се движи во правец на север-северозапад по брегот на Охридско Езеро, минува покрај градот Охрид, м.в. „Болница", одморалиштето „Андон Дуков" и село Подмоље исе движи по брегот, сè до вливот на каналот на Сатеска Река во Охридско Езеро.

Запад: Од вливот на каналот на Сатеска Река во Охридско Езеро, границата на ловиштето се движи во правец на север, минува низ Т-699, (м.в. „Шенетски огради"), Т-699 и продолжува до Т-705 (м.в. „Гроб").

ЛОВИШТЕ БР.6 „МЕШЕИШТА“

Југозапад: Од м.в. ,,Расница” (кое се наоѓа помеѓу селата Волино и Ливада), границата на ловиштето се движи по локалниот патен правец Ливада-Требишта во правец на исток, минува низ селото Волино и продожува до село Требишта. Оттука, границата се искачува по ридот до Т-1006 (м.в. ,,Габер”), каде ја менува својата насока во правец на југ и продолжува низ Т-1063 се до Т-1203 (м.в. ,,Гореничка чука”) и К-1104.

Југоисток: Од К-1104, границата на ловиштето се движи во правец на североисток, поминува низ: Т-1086, Т-970 (м.в. ,,Лас”), К-905, К-808 (м.в. ,,Џумкаров рид”), од каде се спушта до село Вапила.

Исток: Од село Вапила, границата на ловиштето се движи во правец на северозапад до село Лиоишта, од каде се искачува во правец на североисток до Т-901 (м.в. ,,Габер”). Оттука, границата се движи по ридот во правец на север и преку Т-1048 (м.в. ,,Ѓурова глава”) доаѓа до Т-1157 (м.в. ,,Пишишта”).

Север: Од К-1157 (м.в. ,,Пишишта”), границата на ловиштето се движи во правец на запад до К-1132, од каде ја менува својата насока кон југ и продолжува до Т-1130 (м.в. ,,Стојанец”). Оттука, границата се движи во правец на северозапад и преку К-797 се спушта до село Мешеишта, од каде се движи по локалниот патен правец Мешеишта - Климештани, сè до мостот на овој патен правец преку Сатеска Река.

Северозапад: Од мостот на локалниот патен правец Мешеишта - Климештани преку Сатеска Река, границата на ловиштето се движи во правец на југ-југоисток до К-867 (м.в. ,,Кутлиште”), од каде се спушта по ридот преку К-719, сè до м.в. ,,Расница” (кое се наоѓа помеѓу селата Волино и Ливада).

ЛОВИШТЕ БР.7 „БЕЛЧИШТА“

Запад: Од крстопатот каде локалниот патен правец Издеглавје - Велмеј се приклучува на магистралниот патен правец Охрид – Кичево (М4), границата на ловиштето се движи во правец на југ по магистралниот патен правец Охрид - Кичево(М4), се до село Ботун.

Југ: Од крстопатот кај село Ботун (каде од магистралниот патен правец Охрид – Кичево (М4) се дели локалниот патен правец Ботун – Велмеј), границата на ловиштето се движи по локалниот патен правец во правец на исток, минува низ селата Злести и Лешани, по што продолжува покрај течението на река Српница по локалниот патен правец и продолжува се до крстосницата (каде од локалниот патен правец Велмеј - Брежани се дели локален патен правец кој води до село Велмеј).

Североисток: Од крстопатот каде од локалниот патен правец Ботун - Брежани се дели локален патен правец кој води до село Велмеј, границата на ловиштето се движи по локалниот патен правец во северозападна насока се до село Велмеј. Оттука, границата се движи во правец запад - северозапад по локалниот патен правец Издеглавје - Велмеј, минува низ селата Оздолени и Издеглавје и продолжува до крстосницата каде се приклучува на магистралниот патен правец Охрид – Кичево (М4).

ЛОВИШТЕ БР. 8 „ГАЛИЧИЦА II"

Запад: Од граничниот премин Свети Наум, кој се наоѓа блиску до државната граница помеѓу Република Македонија и Република Албанија, границата на ловиштето се движи кон североисток и север по должината на брегот на Охридското Езеро, се до селото Долно Коњско. Оттука, во близина на археолошкиот локалитет "Античка фурна", границата се издига на регионалниот пат Р 501 (Охрид – Свети Наум – граница со Р. Албанија) по кој се движи се до тунелот кај месноста Свети Стефан. Тука, границата остро свртува на исток, води по долот од десната страна на патот и се искачува на карпестиот отсек над манастирот Свети Стефан. Оттука, границата се движи кон североисток по земјаниот пат низ населбата Свети Стефан, над шумата, избива на трасата на новиот пат Р 501 (се уште во изградба) и истиот го следи се до пред населбата Рача, каде повторно избива на стариот коловоз на патниот правец Р 501. Движејќи се кон север покрај левата коловозна лента на овој патен правец, границата поминува над Билјанини извори до местото каде што се одделува локалниот пат кој што води до село Велестово. Оттука, границата продолжува да води кон север до изворот Беј Бунар, а потоа и по споредната улица, која се спојува со улицата "Момчило Јордановски". Пред раскрсницата, границата остро свртува кон исток и следејќи го работ на шумата со култури од иглолисни видови, избива на пешачка патека, по кој кратко се движи кон југ, се до К – 765. Понатаму, следејќи ја пешачката патека, границата за кратко се движи на југ, потоа кон исток до м.в. "Крсти", каде остро завртува на север и, следејќи ја патеката, избива на асфалтниот пат кој води кон селото Рамне. Следејќи го асфалтниот пат Охрид – Рамне, границата се движи кон север, спуштајќи се во долината на река Сушица. Тука, границата на ловиштето остро свртува кон исток и за кратко го следи замјаниот пат кој води кон црквата Свети Атанасије. Движејќи се по земјаниот пат, границата ја пресекува река Сушица и веднаш потоа продолжува долж земјаната патека кон северозапад, поминувајќи низ К – 826, до К – 776, каде земјаниот пат ја пресекува реката Чардашница. Од ова место, границата се движи по земјаниот пат кон север, се до мостот на потокот, северно од манастирот Света Петка.

Север: Од мостот на потокот, северно од манастирот Света Петка, границата на ловиштето врти кон исток, североисток и во права линија, преку К – 1381 избива на врвот "Вишесла" (Т – 1563).

Исток: Од врвот "Вишесла" (Т – 1563), границата на ловиштето врти кон југоисток и движејќи се во права линија, пристигнува до место каде го сече земјаниот пат кој од м.в. "Гарванов камен" води кон м.в. "Скала". Оттука, границата врти кон југозапад и по земјаниот пат пристигнува до под м.в. "Скала" (Т – 1473), поточно до крстопатот со земјаниот пат кој води од насока на селото Велгошти. Од овој крстопат, границата врти кон југ, и движејќи се по земјаниот пат кој води по висорамнината на планината Галичица, преку: м.в. "Летница", К – 1466, К – 1497, м.в. "Ѓафа", К – 1441, м.в. 19 мај 2015 Бр. 82 - Стр. 35 "Дупкана", К – 1473, м.в. "Асан ѓура", К – 1460, К – 1466, К – 1467, К – 1421, м.в. "Суво поле", К – 1493 и м.в. "Сува плош", се спушта до крстопатот со регионалниот пат Р 504 (Царина – Трпејца). Од овој крстопат, границата врти кон југозапад и по регионалниот пат Р 504 пристигнува до К – 1556, поточно до преслапот на планината Галичица. Од тоа место, границата на ловиштето врти кон југ и југоисток и движејќи се по рид, преку: К - 1676 и К – 2021, избива на м.в. "Стара Галичица" (К – 2065), поточно на државната граница помеѓу Република Македонија и Република Албанија.

Југ: Од тука, границата на ловиштето врти кон запад и движејќи се по државната граница помеѓу Република Македонија и Република Албанија, пристигнува до почетната точка кај граничниот премин Свети Наум.

1.2.3. Реон Струга

Ловиште број	СТРУКТУРА НА ПОВРШИНИТЕ (ха)				*Надморска височина*
	ЛПП	ЛНП	НЛП	Вкупна	
1	5.930	105	200	6.235	693-2.125
2	13.840	1.212	700	15.752	589-2.257
3	14.495	539	215	15.249	578-2.242
4	2.324	100	389	2.713	690 - 910
5	6.174	500	1.510	8.184	692-1.369
ВКУПНО	42.763	2.456	3.014	48.133	

ЛОВИШТЕ БР.1 „БЕЛИЦА“

Исток: Од село Заграчани, границата на ловиштето по локален асфалтен патен правец се движи до село Шум, а оттаму по земјан пат низ селото Радолишта, од каде продолжува до крстопатот на овој пат со локалниот асфалтен патен правец за село Франгово. Од крстопатот, границата продолжува кон југ и по локалниот асфалтен патен правец води до село Франгово. Од село Франгово, границата на ловиштето врти кон југоисток, го пресекува магистралниот патен правец Струга – граничен премин ,,Ќафасан”, по земјаната патека се искачува до Т–885, а оттаму се спушта до автокампот ,,Ливадиште”. Од автокампот ,,Ливадиште”, границата на ловиштето врти кон југ и по брегот на Охридското Езеро (преку село Радожда) води до граничниот камен Е49 (на државната граница помеѓу Република Северна Македонија и Република Албанија).

Југ: Од граничниот камен Е 49, границата на ловиштето врти кон запад и по државната граница помеѓу Република Северна Македонија и Република Албанија води до Т–1232 (граничниот камен Е 43).

Запад: Од Т–1232 (граничниот камен Е 43), границата на ловиштето врти кон север и по државната граница помеѓу Република Северна Македонија и Република Албанија води до граничниот камен Е 34.

Север: Од граничниот камен Е 34, границата на ловиштето врти кон исток, се спушта во првиот изворишен дол на Беличка река и по ова река доаѓа до село Горна Белица. Од село Горна Белица, границата на ловиштето по локален асфалтен патен правец води до село Вишни, а оттаму по локален патен правец продолжува до село Заграчани, односно до почетната точка.

ЛОВИШТЕ БР.2 „ДРИМКОЛ“

Исток: Од тримеѓето на општините Центар Жупа, Дебар и Струга (во езерото Шпиље под Т–698), границата на ловиштето се движи во правец на Струга по средина на водата и тоа спротивно од течението на езерото Шпиље, реката Црн Дрим и езерото Глобочица, сè до крстосницата на локалниот патен правец за село Подгорци, од каде по истиот пат доаѓа во селото. Од село Подгорци, границата на ловиштето продолжува по локалниот патен правец за селата Вевчани и Октиси, сè до село Долна Белица. Од село Долна Белица, границата продолжува кон југ и по локалниот немодернизиран пат води до село Заграчани.

Југ: Од Т-1948 (м.в. ,,Бел Камен"), границата на ловиштето се движи по ридот ,,Прерок" во правец на североисток преку К-1891, Т-1767, Т-1563 (м.в. ,,Жабин Преслоп"), Т-1718, (м.в. ,,Прерок") Т-1466, м.в. ,,Долни Прерок", К-1197, Т-1164 (м.в. ,,Кули"), м.в. ,,Кутлишта", Т-705 (м.в. ,,Вршник") и Т-452 (м.в. ,,Блаце), К-423 го сече локалниот пат за село Дреново и пристигнува до село Лисиче. Оттука, границата се движи во правец на исток по Врановска Река, сè до нејзиниот влив во река Тополка, каде се затвора јужната граница на ловиштето.

Исток: Од вливот на Врановска Река во река Тополка, границата на ловиштето се движи по река Тополка во правец на север спротивно од течението на река Тополка, сè до вливот на безимениот дол кој се спушта од м.в. ,,Наковално" во неа (околу 400 метри северно од вливот на река Липовица во река Тополка), од каде се искачува по долот сè до Т-952 (м.в. ,,Наковално"). Оттука, границата по рид се спушта преку К-783, К-814 (м.в. ,,Било") на (м.в. ,,Орници"), од каде се движи по ридот во правец на исток преку Т-541 (м.в. „Дупки") сè до вливот на река Иловица во река Станова Пчела, од каде се движи по патот во правец на север покрај гробиштата сè до село Рлевци. Оттука, границата се движи во правец на север-североисток преку м.в. ,,Лагови", Т-840 (м.в. ,,Градиште"), (м.в. ,,Дурмишевец"), сè до Т-696 (м.в. ,,Бидимуш"), од каде по дол се спушта во вливот на река Црквишки во Слпски Поток по која се движи сè до село Слп. Од село Слп, границата по земјан пат во правец на север се спушта во Журешки Поток, по која се движи сè до река Вардар. Од вливот на Журешки Поток во река Вардар, границата се движи во правец на север спротивно од течението на река Вардар, сè до вливот на река Шопурка во река Вардар (југозападно од село Кожле), каде се затвора источната граница на ловиштето.

Север-северозапад: Од вливот на река Шопурка во река Вардар (југозападно од село Кожле), границата на ловиштето се движи спротивно од течението на река Вардар во правец на запад, сè до вливот на Карабунишки Река во река Вардар. Оттука, границата се искачува по сртот на планината Голешница во правец на запад-југозапад преку Т-389, Т-631 (м.в. ,,Кальаја"), Т-653 (м.в. ,,Врмаја"), К-586, Т-579, Т-774, (м.в. ,,Илиица"), Т-790 (м.в. ,,Исмаилова Нива"), К-878, К-982, Т-1077 (м.в. "Ќафа епре Османи"), К-1112 (м.в. ,,Дреновски Преслоп"), К-1114, Т-1093, К-1189, К-1314, Т-1396, К-1405, (м.в. ,,Бреза"), Т-1401, К-1388 (м.в. „Дива Леска"), К-1125, (м.в,,Вилјак) Т-1255 (м.в. ,,Средна Орница"), К-1314, К-1619, Т-1935 (м.в. "Лисец"), К-1716, К-1730, Т-1719 (м.в. ,,Османбежица"), К-1402, Т-1609, К-1751, Т-1709 (м.в. ,,Сипачан"), К-1591, К-1602, 1538, К-1631, К-1619, Т-1665, К-1673 и Т-1730 (м.в. ,,Јуручица"), сè до К-2119 (Планинарски Дом кај м.в. ,,Долно Бегово"), каде се затвора север-северозападната граница на ловиштето.

ЛОВИШТЕ БР.5 „КРУШЈЕ“

Југ: Од село Иванковци, границата се движи во правец на запад по земјан пат преку селата Лугинци и Рудник, сè до Т-605 под м.в. ,,Сирмина Орница”, каде се затвора јужната граница на ловиштето.

Запад: Од Т-605 под м.в. ,,Сирмина Орница”, границата на ловиштето се движи во правец на север преку Т-699, Т-759 (м.в. ,,Китка”), Т-774 (м.в. ,,Црни Врв”), м.в ,,Раскрсница’ ’, м.в. ,,Влечалки (Аргачи)” и Т-386, сè до К-408 (м.в. ,,Карпа”), каде се затвора западната граница на ловиштето.

Север: Од К-408 (м.в. ,,Карпа”), границата на ловиштето се движи во правец на североисток преку Т-643 (м.в. ,,Равков Рид”) и К-753 м.в. ,,Полјаница”, К-722, сè до Т-652. Оттука, границата ја менува својата насока кон југоисток и по замјаниот пат кој ги спојува селата Дивље и Трстеник се движи преку Т-655 (м.в. ,,Бабунска Нива”), сè до местото каде патот го минува Зли Дол (југоисточно од м.в. ,,Кишка”) Т-693, каде се затвора северната граница на ловиштето.

Исток: Од местото каде замјаниот пат кој ги спојува селата Дивље и Трстеник го минува Зли Дол (југоисточно од м.в. ,,Кишка”) Т-693, границата на ловиштето се движи во правец на југ по земјен пат за Иванковци преку м.в. ,,Средно Бабиште”, сè до м.в. ,,Втори Мај”. Оттука, границата ја менува својата насока кон југоисток и по рид преку К-627 сè спушта во река Свиниште по која се движи во правец на југ, сè до село Иванковци, каде се затвора источната граница на ловиштето.

ЛОВИШТЕ БР.6 „ОТОВИЦА“

Југозапад: од вливот на река Пчиња во река Вардар, границата на ловиштето се движи во правец на југоисток по река Вардар, се до Башино Село, каде се затвора југозападната граница на ловиштето.

Југоисток: од Башино Село, границата на ловиштето се движи во правец на север по регионалниот патен правец Скопје – Велес (Р1102) или стариот пат Скопје - Велес, во должина од околу 2 км се до Езерото ,,Младост”, поточно до местото каде патниот правец минува непосредно покрај железничката пруга Велес – Штип. Оттука, границата на ловиштето се движи во правец на североисток – исток по железничката пруга Велес – Штип, се до м.в. ,,Писани Камен” (околу 500 метри источно од Т-348), каде се затвора југоисточната граница на ловиштето.

Исток: од м.в. “Писани Камен” (околу 500 метри источно од Т-348), границата на ловиштето се движи во правец на север, по рид и преку Т-430, се до К-437, од каде го сече долот во правец на северозапад и се движи се до Т-525 (м.в. ,,Кур Баир”). От тука, границата се движи по рид во правец на север - североисток преку К-490, К-512 (м.в. ,,Кршла”), К-524, Т-515 (м.в. ,,Сефер Баир”) и Т-584 (м.в. ,,Турлека Баир”), се до К-600 каде се затвора источната граница на ловиштето.

Север: од К-600, границата на ловиштето се движи во правец на северозапад се до река Свиниште (околу 500 метри југоисточно од К-627), по која се движи во правец на југозапад се до село Иванковци. Од село Иванковци, границата се движи во правец на запад - југозапад по земјан пат преку село Лугинци се до село Рудник. Од село Рудник, границата се движи во правец на запад по земјан пат се до м.в. ,,Сирмина Орница”, од каде по ридот Голи Рид се движи во правец на југ се до споменикот. Оттука, границата го минува автопатот Велес – Скопје (А1)и регионалниот пат (Р1102) и се движи по рид во правец на југозапад – запад, минува покрај м.в. “Бучковица” и низ К-499, го заобиколува село Ветерско од северна страна и преку Т-508, и м.в. ,,Штур” се спушта се до вливот на река Пчиња во река Вардар, каде се затвора северната граница на ловиштето.

ЛОВИШТЕ БР.7 „КАРАСЛАРИ"

Север: од Башино Село, границата на ловиштето се движи во правец на север по стариот регионален патен правец Скопје-Велес (Р1102), во должина од околу 2 км сè до Езерото ,,Младост'', поточно до местото каде патниот правец минува непосредно покрај железничката пруга Велес - Штип (помеѓу Т-353 и К-299). Оттука, границата на ловиштето се движи во правец на североисток-исток по железничката пруга Велес – Штип, сè до местото каде локалниот патен правец кон село Милино минува преку желлезничката пруга (североисточно од м.в. ,,Јазла''), каде се затвора северната граница на ловиштето.

Исток: од местото каде локалниот патен правец кон село Милино минува преку железничката пруга Веле – Штип (североисточно од м.в. ,,Јазла''), границата на ловиштето се движи во правец на југозапад, се искачува преку м.в. ,,Јазла'' и м.в. ,,Ески Балар'' до Т-379. Оттука, границата ја менува својата насока кон југ – југоисток и преку Т-346 (м.в.,,Думерли''), и по земјаниот пат кој ги позврзува селата Каратманово и Кишино, се движи сè до Т-535 (м.в. ,,Каран Тепе''). Оттука, границата ја менува својата насока кон југ и по ридот се движи преку К-479 (м.в. ,,Армутли''), Т-458, К-453, Т-495 (м.в. ,,Карајар Срт''), К-485, Т-477, Т-442, Т-350 (м.в. ,,Ѓаур Балар''), К-320 и К-308 сè до (м.в. ,,Сиврен"), од каде се спушта до коритото на река Вардар (околу 1.0 км западно од село Ногаевци, каде се затвора источната граница на ловиштето.

Југозапад: од коритото на река Вардар каде се спушта од м.в. ,,Сиврен'' (околу 1,0 км западно од село Ногаевци и 500 метри југоисточно од Т-151), границата на ловиштето се движи во правец на северозапад (спротивно на течението на река Вардар) сè до Башино Село, каде се затвора југозападната граница на ловиштето.

ЛОВИШТЕ БР.8 „НОГАЕВЦИ"

Југ: од коритото на река Вардар на околу 1,0 км западно од село Ногаевци, границата на ловиштето се движи во правец на југоисток по река Вардар, сè до околу 2,0 км североисточно од вливот на Црна Река во река Вардар (околу 1,0 км јужно од село Уланци). Оттука, границата на ловиштето се движи во правец на север сè до К-137 (село Уланци), од каде ја менува својата насока кон североисток и преку Т-214, К-265 се движи сè до К-310 (м.в. ,,Козарник"), каде се затвора јужната граница на ловиштето.

Исток: од К-310 (м.в. ,,Козарник"), границата на ловиштето се движи по рид во правец на север преку Т-334, Т-418, Т-512 (м.в. ,,Коса"), К-466, К-536, Т-560 (м.в. ,,Кур Тепе") и Т-310 (м.в. ,,Чешмедер") сè доТ-507 (м.в. ,,Ташли Каран"), каде се затвора источната граница на ловиштето.

Север: од Т-507(м.в. ,,Ташли Каран"), границата на ловиштето се движи по рид во правец на запад преку Т-449 (м.в. ,,Чешмедерски Рид"), К-313, К-207 и Т-276 од каде се спушта во правец на северозапад, сè до вливот на безимениот дол кој се движи од м.в. ,,Јусек Баир" во река Брегалница. Оттука, границата се движи во правец на југ по течението на река Брегалница, преку К-193 сè до местото каде во неа се влива река Падишта Дереси К-160. Оттука, границата го напушта течението на река Брегалница и се движи во правец на запад преку Т-240 и Т-253, сè до Т-350, каде се затвора северната граница на ловиштето.

Запад: од Т-350, границата на ловиштето се движи во правец на југозапад – југ преку К-320, К-308 и (м.в. „Сиврен") од каде се спушта кон река Вардар на околу 1,0 км западно од село Ногаевци, каде се затвора западната граница на ловиштето.

ЛОВИШТЕ БР.9 „КЛЕПА"

Северзапад: од вливот на Длабоки Дол во река Вардар, границата на ловиштето се движи по Длабоки Дол (спротивно од течението) во правец на југозапад, преку К-455, сè до село Свечани. Оттука, границата се движи по земјан пат во правец на запад, минува преку м.в „Анчева Чешма' ' и северно од м.в „Бојова Глава' ', сè до село Скачинци. Оттука, границата ја менува насоката кон југозапад и по земјаното патче се движи преку К-854 м.в „Злова Плоча' ', К-783 и Т-622, сè до село Крајници, каде се затвора северозападната граница на ловиштето.

Југозапад: од село Крајници, границата на ловиштето се движи по земјано патче во правец на југоисток преку К-817, сè до село Подлес, каде се затвора југозападната граница на ловиштето.

Југ: од село Подлес, границата на ловиштето се движи во правец на исток преку Т-633 м.в „Прдловец' ', К-612, Т-578, м.в „Врв Осој' ', Т-539, К-522, Т-410, Т-342, Т-276, Т-241, м.в „Стари Бостани' ', м.в „Три Трла' ', м.в „Долно Рамниште' ' Т-162 и Т-149, сè до мостот преку Црна Река на локалниот патен правец пред селото Паликура. Оттука, границата се движи во шравец на североисток по Црна Река, сè до вливот на оваа река во река Вардар, каде се затвора јужната граница на ловиштето.

Североисток: од вливот на Црна Река во река Вардар, границата на ловиштето се движи во правец на северозапад спротивно на течението на река Вардар, сè до вливот на Длабоки Дол во река Вардар, каде се затвора североисточната граница на ловиштето.

ЛОВИШТЕ БР.10 „ГРНЧИШТЕ"

Југоисток: од вливот на Длабоки Дол во река Вардар, границата на ловиштето се движи по Длабоки Дол во правец на југозапад, сè до село Свечани. Оттука, границата се движи по земјан пат во правец на запад, минува преку м.в. „Анчева Чешма" и северно од м.в. „Бојова Глава", сè до село Скачинци. Оттука, границата ја менува насоката кон југозапад и по земјаната патека се движи преку К-854 (м.в. „Злова Плоча"), К-783 и Т-622, сè до село Крајници.

Југозапад: од село Крајници, границата на ловиштето се движи во правец на северозапад по локалниот патен правец Велес – Војница – Крајници, преку село Војница сè до мостот на овој патен правец преку река Бабуна, каде се затвора југозападната граница на ловиштето.

Северозапад: од мостот на локалниот патен правец Велес – Војница – Крајници преку река Бабуна, границата на ловиштето се движи во правец на североисток по река Бабуна, сè до нејзиниот влив во река Вардар, каде се затвора северозападната граница на ловиштето.

Североисток: од вливот на река Бабуна во река Вардар, границата на ловиштето се движи во правец на југоисток по течението на река Вардар, сè до вливот на Длабоки Дол во река Вардар, каде се затвора североисточната граница на ловиштето.

ЛОВИШТЕ БР.11 „КРНИНО"

Североисток: од село Подлес, границата на ловиштето се движи во правец на северозапад по земјаното патче сè до село Крајници. Оттука, границата се движи по локалниот патен правец Велес – Војница – Крајници, преку село Војница сè до мостот на овој патен правец преку река Бабуна, каде се затвора североисточната граница на ловиштето.

Северозапад: од мостот на локалниот патен правец Велес – Војница – Крајници преку река Бабуна, границата на ловиштето се движи во правец на југозапад спротивно на течението на река Бабуна, сè до мостот на регионалниот патен правец Велес – Извор преку река Бабуна, каде се затвора северозападната граница на ловиштето.

Југозапад: од мостот на регионалниот патен правец (Р1312) Велес – Извор – Прилеп преку река Бабуна, границата на ловиштето се движи во правец на југоисток по регионалниот патен правец Велес – Извор – Прилеп , сè до село Извор. Оттука, границата продолжува се движи по регионалниот патен правец (Р1312) до крстопатот за село Владиловци и преку селата Владиловци, Попадија и м.в. „Долни Трла", сè до Т-508 (м.в. „Галево Трло"), каде се затвора југозападната граница на ловиштето.

Југоисток: од Т-508 (м.в. „Галево Трло"), границата на ловиштето се движи (по границата а.т.г. на општините Чашка и Кавадрци и Чашка и Росоман) во правец на североисток и север преку Т-554 (м.в. „Кисела Круша"), К-558, м.в. „Бошкова Падина", м.в. „Камениот Рид", Т-869 (м.в. „Калова Глава"), Т-892, Т-1081 (м.в. „Ветерско") и Т-1012 (м.в. „Манастириште"), од каде се спушта во правец на исток преку м.в. „Рамни Пат" и м.в. „Бабинпи", сè до село Подлес каде се затвора југоисточната граница на ловиштето.

ЛОВИШТЕ БР.12 „МАРТОЛЦИ"

Североисток: од Т-416 (м.в. „Бел камен"), границата на ловиштето се спушта во правец на југоисток по рид, сè до регионалниот патен правец (Р1312) Велес – Извор – Прилеп (кај м.в. „Огради"). Оттука, границата се движи по регионалниот патен правец Р1312 Велес – Извор – Прилеп во правец на југозапад, сè до мостот преку река Бабуна, од каде ја менува насоката кон југоисток и по патот се движи сè до село Извор. Оттука, границата продолжува да се движи по регионалниот пат Велес – Прилеп, сè до крстопатот на кој од него се двои локалниот патен правец за село Фариш, каде се затвора североисточната граница на ловиштето.

Југоисток: од крстопатот на кој од регионалниот пат Велес – Прилеп (Р1312) се двои локалниот патен правец Велес – Фариш, границата на ловиштето се движи во правец на југозапад по регионалниот пат Велес – Прилеп, сè до м.в. „Стари Лозја". Оттука, границата го напушта патот и се движи по рид во правец на запад сè до село Степанци, каде се затвора југоисточната граница на ловиштето.

Југозапад: од село Степанци, границата на ловиштето се движи во правец на северозапад по рид преку Т-1141 (м.в. „Шинова Кула"), Т-744, м.в. „Грамади", К-562, Т-566, село Оморани, од каде продолжува кон запад и север преку Т-420, Т-738 (м.в. „Голем Остреж") и К-517 сè до Т-459, од каде по земјаниот пат се спушта на локалниот патен правец Теово – Мокрени кај м.в. „Корија", каде се затвора југозападната граница на ловиштето.

Северозапад: од крстопатот кај м.в. „Корија" на кој од локалниот патен правец Теово – Мокрени се двои земјаниот пат, границата на ловиштето се движи по локалниот патен правец Теово – Мокрени во правец на североисток сè до крстопатот на кој се приклучува на регионалниот патен правец Р(2336) Ропотово - Богомила. Оттука, границата се движи по земјани пат во правец на исток – североисток преку м.в. „Лутица Стојан", м.в. „Глава" и К-673 се до Т-759 (м.в. „Гарваница"), од каде се спушта по ридот „Бел Камен", сè до Т-416, каде се затвора северозападната граница на ловиштето.

ЛОВИШТЕ БР.13 „БИСТРИЦА"

Југ: од село Мокрени, границата на ловиштето се движи во правец на исток по локалниот патен правец спрема село Теово, се до мостот преку река Брезица, каде се затвора јужната граница на ловиштето.

Исток: од мостот на локалниот пат Мокрени спреме село Теово преку река Брезица, границата на ловиштето се движи во правец на север по локалниот патен правец се до мостот преку река Бабуна, од каде продолжува по река Бабуна, се до под село Согле. Од тука, границата се движи во правец на североисток – северозапад по рид преку Т-516 и Т-1034 (м.в. „Романовец"), се до Т-1418 (м.в. „Шлегарник"), кој се наоѓа на гребенот на планината Јакупица. Од тука, границата се движи по гребенот во правец на северозапад преку Т-1627 (м.в. „Црквица"), Т-1909 (м.в. „Иванов Врв") и Т-1817, се до Т-2112 (м.в. „Кале"), каде се затвора источната граница на ловиштето.

Северозапад: од Т-2112 (м.в. „Кале"), границата на ловиштето се движи во правец на југозапад по рид преку Т-1815 (м.в. „Голем Јаор"), К-1112, Т-1042 (м.в. „Главје") и Т-1036 (м.в. „Миорамниште") се до село Капиново, од каде се спушта во река Бабуна, каде се затвора северозападната граница на ловиштето.

Југозапад: од река Бабуна (западно од село Капиново), границата на ловиштето се движи по река Бабуна во правец на југ – југоисток, се до село Богомила. Од тука, границата се движи во правец на југоисток по земјаниот пат за село Мокрени кој минува по Сатанар Дол преку Т-520, Т-889, северно од Т-618 (м.в. „Китка"), се до село Мокрени, каде се затвора југозападната граница на ловиштето.

ЛОВИШТЕ БР.14 „ЧАШКА"

Југоисток: од мостот на локалниот патен правец Велес – Војница – Крајници преку река Бабуна, границата на ловиштето се движи во правец на североисток по река Бабуна сè до земјаниот пат кој води кон фабриката за порцелан (југоисточно од Т-256). Оттука, границата се движи во правец на северозапад по земјаниот пат сè до мостот преку река Тополка (кај фабриката за порцелан), каде се затвора југоисточната граница на ловиштето.

Североисток: од мостот на земјаниот пат преку река Тополка (кај фабриката за порцелан), границата на ловиштето се движи во правец на југозапад по река Тополка (спротивно од течението), сè до (м.в. „Брест") (околу 300 метри пред вливот на Мала река во река Тополка). Оттука, границата се движи по патот во правец на северозапад преку селата Отиштино и Бањица, сè до село Рлевци, каде се затвора североисточната граница на ловиштето.

Северозапад: од село Рлевци, границата на ловиштето се движи во правец на југ по земјаниот пат покрај гробиштата, сè до вливот на река Иловица во река Станова Пчела, од каде по ридот се движи во правец на северозапад преку Т-541 (м.в. ,,Дупки"), сè до (м.в. ,,Орници"). Оттука, границата се искачува по ридот во правец на југ – запад преку К-814 (м.в. ,,Било"), сè до Т-952 (м.в. ,,Наковално"), од каде се спушта во правец на југозапад по дол, сè до река Тополка, каде се затвора северозападната граница на ловиштето.

Југозапад: од вливот на безимениот дол кој се спушта од (м.в. ,,Наковално") во река Тополка, границата на ловиштето се движи во правец на југоисток по река Тополка, сè до местото каде во неа се влива Врановска Река, од каде накратко се движи во правец на запад по Врановска Река, сè до село Лисиче. Оттука, границата се движи во правец на југ по земјаниот пат до село Мелница. Од село Мелница, границата продолжува кон јзг и преку Т-498, К-507 и Т-571 (м.в ,,Голем Рид) доаѓа до село Крива Круша и до (м.в.,,Гарваница") К-739 и Т-760. Оттука, преку (м.в. ,,Бел Камен") и Т-416, К-339 се спушта на регионалниот патен правец Р1312 Велес – Извор – Прилеп, по кој се движи сè до мостот преку река Бабуна, каде се затвора југозападната граница на ловиштето.

ЛОВИШТЕ БР.15 „РАШТАНИ"

Југ: од вливот на река Бабуна во река Вардар, границата на ловиштето се движи во правец на југозапад – запад по река Бабуна, се до земјаниот пат кој води кон фабриката за порцелан (југоисточно од Т-256). Од тука, границата се движи во правец на северозапад по земјаниот пат се до мостот преку река Тополка (кај фабриката за порцелан), од каде се движи во правец на југозапад и запад по река Тополка се до под м.в. ,,Брест" (околу 300 метри северно пред вливот на Мала Река во река Тополка), каде се затвора јужната граница на ловиштето.

Запад: од м.в. „Брест" (околу 300 метри северно пред вливот на Мала Река во река Тополка), границата на ловиштето се движи по земјаниот пат во правец на северозапад до селото Отиштино. Од село Отиштино, границата продолжува по локален пат за село Бањица, се до село Рлевци. Од тука, границата се движи во правец на север – североисток по рид преку м.в. „Лагови", Т-840 (м.в. „Градиште"), м.в. „Дурмишевац", и Т-696 (м.в. „Бидимуш") од каде се спушта до вливот на река Црквешки во Слпски поток. Од тука, границата се движи во правец на исток по Слпски поток, се до село Слп, од каде ја менува својата насока кон север и по земјаниот пат доаѓа до Жуpески поток, по кој се движи се до неговиот влив во река Вардар, каде се затвора западната граница на ловиштето.

Североисток: од вливот на река Жуpески во река Вардар, границата на ловиштето се движи во правец на југоисток по река Вардар, се до местото каде во неа се влива река Бабуна, каде се затвора североисточната граница на ловиштето.

1.6.2. Реон Свети Николе

Ловиште број	СТРУКТУРА НА ПОВРШИНИТЕ (ха)				*Надморска височина*
	ЛПП	ЛНП	НЛП	Вкупна	
1	2.993	75	50	3.118	370-684
2	9.115	661	200	9.976	282-874
3	5.332	231	244	8.187	305-776
4	7.548	108	524	8.180	237-444
5	7.193	210	100	7.503	188-755
6	8.273	195	220	8.686	180-664
7	3.680	70	400	4.150	237-534
8	9188	200	1142	10.530	237-534
ВКУПНО	53.322	1.750	2.880	60.330	

ЛОВИШТЕ БР.1 „СТАЊЕВЦИ“

Исток: Од село Павлешенци, границата на ловиштето се движи кон југ по локалниот немодернизиран пат село Павлешенци - село Стањевции и по патот пристигнува до село Стањевци.

Југоисток, југ: Од село Стањевци, границата на ловиштето врти кон југозапад и запад и поминувајќи под К–464 и село Алакинце, пристигнува до место кое се наоѓа на околу 250 метри јужно од К–427 (м.в. “Сејменски рид”).

Југозапад, запад: Од тоа место, границата на ловиштето врти кон северозапад и север и поминувајќи низ: К–450 (м.в. “Килово дрво”), на околу 500 метри западно од Т–533 (м.в. “Гробје”), на околу 250 метри источно од Т–532 и на околу 150 метри источно од К–536, пристигнува до местото кое се наоѓа на околу 350 метри северно од Т–666 (м.в. “Острвица”).

Север: Од тоа место, границата на ловиштето врти кон исток и поминувајќи на околу 200 метри северно од К–420 и на околу 200 метри северно од К–459 пристигнува до Т–640 (м.в. “Арбанашко”). Од тука, границата врти кон југоисток, избива на локалниот немодернизиран пат село Градиште – село Павлешенци и по овој пат пристигнува до село Павлешенци, односно до почетната точка.

ЛОВИШТЕ БР. 2 „СОПОТ”

Исток: од Свети Николе, границата на ловиштето се движи во правец на север кон Куманово по регионалниот патен правец Р-1204 (Свети Николе – Куманово), с# до а.т.г. помеѓу општините Свети Николе и Куманово, на околу 50 метри пред мостот на Павлов дол на истиот патен правец (Свети Николе – Куманово) (околу 50 метри јужно од крстопатот со локалниот пат за село Градиште).

Северозапад, североисток, север : од мостот на регионалниот патен правец Р-1204 (Свети Николе – Куманово), границата на ловиштето врти кон југозапад и по а.т.г. помеѓу општините Свети Николе и Куманово, преку Т-789 (на околу 50 метри јужно од црквата Св. Ѓорѓи – м.в. „Врв”), пристигнува до Т-

640 (м.в. „Арбанашко"). Оттука, границата врти кон југоисток, избива на локалниот немодернизиран земјен пат село Градиште - село Павлешенци – село Станьевци и доаѓа до селото Станьевци. Од селото Станьевци, границата на ловиштето врти кон запад и преку К-463, селото Алакинце, 250 метри јужно од К-427 (м.в. „Сејменски Рид"), К-466 и К-452 (м.в. „Килово Дрво"), пристигнува до а.т.г. помеѓу општините Свети Николе и Куманово, кај крстопатот на земјениот пат за село Малино.

Запад: од крстопатот на земјениот пат за село Малино, границата на ловиштето се движи во правец на југозапад и запад и по а.т.г. на општините Свети Николе со Куманово, Петровец и Велес (К-618, Т-691 (м.в. „Курељ"), Т-641 (м.в. „Китка"), К- 644, Т-655, Т-693 (м.в. „Кишика"), поминува околу 100 метри источно од Т-684, околу 250 метри источно од Т-667 (м.в. „Средно бабиште"), К-627, доаѓа до Т-584 (м.в. „Турлек баир"), од каде се спушта на локалниот немодернизиран патен правец село Иванковци – село Горобинци.

Југ: од локалниот немодернизиран патен правец село Иванковци – село Горобинци, границата на ловиштето врти кон североисток и исток и по локалниот немодернизиран патен правец пристигнува во селото Горобинци. Од село Горобинци, по локалниот асфалтен пат границата пристигнува до Свети Николе, односно до почетната точка.

ЛОВИШТЕ БР. 3 „ОРЕЛ"

Југоисток - исток: Од Свети Николе, границата на ловиштето се движи кон североисток по регионалниот патен правец Р2236 (Свети Николе – Мечкуевци – Пуздерци –Неокази) и пристигнува во село Немањица. Од село Немањица, границата се движи во правец на север по земјан пат, поминува покрај м.в. „Овчарник" низ К-721 и избива на а.т.г. со општината Пробиштип (во близина на Т-742). Оттука се движи по а.т.г. со општината Пробиштип, поминува во близина на Т-765 (м.в. „Качар") и избива на местото каде во Анска Река се влива безимен дол.

Север : Од местото каде во Анска Река се влива безимен дол, границата на ловиштето се движи во правец на запад и по срт се искачува до К-733 (под м.в. „Завој"). Оттука, продолжува во правец запад, а понатаму кон југозапад поминувајќи низ следните точки и места: м.в. „Асаница" (Т-864), м.в. „Алачуга" (К-838), м.в. „Пуста црква" (К-708), м.в. „Мацаров рид" (Т-744), Т-522 Т-495, од каде се спушта на регионалниот патен правец Р-1204 Свети Николе – Куманово (на околу 200 метри јужно од фабриката„Грамади").

Запад: Од регионалниот патен правец Р-1204 Свети Николе – Куманово, (на околу 200 метри јужно од фабриката Грамади), границата на ловиштето врти кон југ по наведениот патен правец и поминувајќи низ Т-452, К-413, К-405, К-372, Т-327, К-316 и К-284 пристигнува до почетната точка, т.е. до Свети Николе.

ЛОВИШТЕ БР. 4 „МЕЧКУЕВЦИ"

Југ: Од Свети Николе, границата на ловиштето се движи во правец на исток по неасфалтиран – земјен пат и минувајќи покрај м.в. „Кучумелци", Т-340 , м.в. „Југово", м.в. „Бресје", м.в. „Бела земја" доаѓа до селата Буриловци и Стануловци.

Од селото Стануловци, границата се движи по земјен пат за село Судиќ (општина Штип) и пристигнува до м.в. ,,Пчела" (на тромеѓето на општина Свети Николе, Штип и Пробиштип.

Исток - североисток : Од м.в. ,,Пчела", границата на ловиштето се движи во правец на север поминувајќи низ следните карактеристични места и точки: м.в. ,,Поглед" (Т-705), м.в. ,,Потка" , м.в. ,,Старица" (К-681), м.в. ,,Оџак", Т-668, м.в. ,,Алачуга" (Т–661 и К–671), Т– 691, м.в. ,,Камена страга" (К–682 и Т–695), К–681, м.в. ,,Соколовица" (К – 689), м.в. ,,Челебинско трло" (Т-731 и К – 710), м.в. ,,Струга" (Т–758), западно од К–735 и под м.в. ,,Големо брдо" по пешачка врвица се спушта на земјано патче во непосредна близина на Т–729.

Запад - Југозапад: Од тоа место, границата на ловиштето се движи во правец на југ по земјено патче, поминува покрај м.в. ,,Овчарник" и продолжува до крстопатот, каде од немодернизиран патен правец село Немањица – село Д. Барбарово, се одделува немодернизиран патен правец за село Макреш. Оттука, границата се движи по немодернизиран патен правец за село Немањица и пристигнува во село Немањица. Од село Немањица, границата на ловиштето се движи во правец на југозапад по регионалиниот патен правец Р2236 Свети Николе – Немањица – Мечкуевци – Пуздерник) и пристигнува во Свети Николе.

ЛОВИШТЕ БР. 5 „ЕРЏЕЛИЈА"

Југозапад: од крстосницата на магистралниот патен правец А3 (Велес - Штип) со регионалниот патен правец Р1204 кој води кон Свети Николе (кај железничката постојка ,,Овче Поле"), границата на ловиштето се движи во насока на северозапад и по регионалниот патен правец Р1204 пристигнува во Свети Николе.

Север: : од Свети Николе, границата на ловиштето се движи во правец на исток по неасфалтиран – земјен пат кој води до селата Буриловци и Стануловци. Од село Стануловци, границата се движи по земјен пат за село Судиќ (општина Штип) и пристигнува до м.в. ,,Пчела" (на а.т.г. со општина Штип).

Исток: од м.в. ,,Пчела", границата на ловиштето се движи во правец на југ по а.т.г. со општина Штип, односно поминува низ следните карактеристични места и точки: м.в. ,,Бучиште" (Т-444), м.в. ,,Гроп" (Т-364), ,,Баба Ружина Чешма" (К-327), Т-311, К-287, К–271, м.в. ,,Бугарија" (Т-271) и излегува на автопатот А3/А4 (Миладиновци - Штип – Струмица).

Југ: од местото каде границата се спушта на автопатот А3/А4 (Миладиновци - Штип – Струмица) (околу 400 метри јужно од Т-271), границата на ловиштето се движи кон запад и по автопатот А3/А4 (Миладиновци - Штип – Струмица) (движејќи се кон Свети Николе), пристигнува до крстопатот со мгистралниот патен правец А3, а од таму до место каде се одделува регионалниот патен правец Р1204 за Свети Николе (кај железничката постојка ,,Овче Поле").

ЛОВИШТЕ БР. 6 „БОГОСЛОВЕЦ"

Запад: Од село Сарамзалино, границата на ловиштето се движи кон југ и по локалниот патен правец пристигнува во село Ќоселери. Од селото, границата продолжува во насока на југоисток и југ и преку: К–283, К–285, м.в. "Колиба", К–256, К–370,1 (м.в. "Коџа дори") и К–332 (м.в. "Јајца") пристигнува до Т–334 (м.в. "Чали тарла срти"), од каде по ридот се спушта во реката Брегалница.

Југ: Од тоа место, границата на ловиштето врти во источна насока и по реката Брегалница (спротивно од течението на реката) пристигнува до место во реката, кое се наоѓа под м.в. "Сува чешма" (К–258).

Исток: Од тука, границата на ловиштето врти кон север и преку: м.в. "Сува чешма" (К–258), м.в. "Нерезини", К–351, Т–453, на околу 300 метри источно од Т–507 (м.в. "Побиен камен"), преку: м.в. "Врла стена" и м.в. "Лесичино брдо" се спушта на магистралниот патен правец Велес – Штип.

Север: Од тоа место, границата на ловиштето врти кон запад и по магистралниот патен правец Велес – Штип (движејќи се кон Велес) пристигнува до село Сарамзалино, односно до почетната точка.

ЛОВИШТЕ БР. 7 „КИШИНО"

Исток: Од село Сарамзалино, границата на ловиштето се движи кон југ и по локалниот патен правец во село Ќоселери. Од селото, границата продолжува во насока на југоисток и југ и преку: К–283, К–285, м.в. „ Колиба", К–256, К–370,1 (м.в. „Коџа дери") и К–332 (м.в. „Јајца"), води до Т–334 (м.в. „Чали тарла срти"), од каде по ридот се спушта во река Брегалница. Оттука, границата на ловиштето продолжува по течението на реката Брегалница се до место во реката кое се наоѓа на околу 750 метри јужно од Т–241 (м.в. „Бекиров срт").

Југ: Од тоа место, границата на ловиштето врти во западна насока, го сече земјаниот пат село Бекирлија – село Убого, продолжува кон запад и го пресекува целото т.н. „Убошко поле" (поминувајќи 100 метри јужно од Т–240 и 150 метри јужно од Т–253) и води до остриот свиок на земјаниот пат за село Згрополци.

Запад: Оттука, границата на ловиштето врти кон север и преку: Т–442, Т–495 (м.в. „Карајар срт"), К–453, Т–458, Т–535 (м.в. „Каран тарла"), К–332, Т–346 (м.в. „Ѓумерли"), Т–379 и м.в. „Јазла" воид до магистралниот патен правец Велес – Штип.

Север: Од тоа место, границата на ловиштето врти кон исток и по магистралниот патен правец Велес – Штип (движејќи се кон Штип), преку село Лозово, води до селото Сарамзалино, односно до почетната точка.

ЛОВИШТЕ БР. 8 „ЏУМАЈЛИЈА"

Североисток, север: Од крстопатот на магистралниот патен правец Велес – Штип со локалниот патен правец за Свети Николе (кај железничката постојка ,,Овче Поле"), границата на ловиштето оди во насока на северозапад и по локалниот патен правец пристигнува во Свети Николе. Од Свети Николе, границата на ловиштето врти кон запад и по локалниот патен правец пристигнува во село Горобинци. Од село Горобинци, границата на ловиштето врти кон југозапад и по локалниот патен правец за село Иванковци пристигнува до место каде патот го пресекува а.т.г. со општина Велес (под м.в. ,,Турлека баир" Т–584).

Запад: Оттука, границата на ловиштето врти кон југ и по а.т.г. со општината Велес (К–534, Т–515 м.в. ,,Сефер баир", К–524, К–512, К–491, Т–523 м.в ,,Куп баир", К–436, Т–430,2) и преку м.в. ,,Јазиа баир" се спушта на магистралниот патен правец Велес – Штип.

Југ: Оттука, границата врти кон исток и по магистралниот патен правец Велес – Штип пристигнува до крстопатот на овој патен правец со локалниот патен правец за Свети Николе (кај железничката постојка ,,Овче Поле"), односно до почетната точка.

1.7. Криворечко ловностопанско подрачје

1.7.1. Реон Кратово

Ловиште број	СТРУКТУРА НА ПОВРШИНИТЕ (ха)				*Надморска височина*
	ЛПП	ЛНП	НЛП	Вкупна	
1	12.111	1.100	320	13.531	572-1.601
2	9.414	290	210	9.914	330-1009
3	7.790	160	100	8.050	340-1.016
4	5.815	150	200	6.165	377-1.441
ВКУПНО	35.130	1.700	830	37.660	

ЛОВИШТЕ БР.1 ,,МУШКОВО"

Север: Од местото каде Горна река и Модра река ја формираат Злетовска река, границата на ловиштето се движи во правец на северозапад по течението на Злетовска река с# до местото каде во неа се влива Плочка река. Оттука, границата на ловиштето се движи во правец на запад, поминува во подножјето на м.в. ,,Чука", м.в. ,,Вакув" и по безимен дол се спушта во Кучешки поток. Оттука, го менува правецот кон север и се движи спротивно на течението на Кучешки поток. Во правец на запад поминувајќи низ м.в. ,,Ѓубре" (Т-1413), го поминува Боровски поток, Т-1262 и пристигнува до м.в. ,,Студена вода" (Т-1416).

Запад: Од м.в. ,,Студена вода" (Т-1416), границата на ловиштето се движи во правец на југ поминувајќи низ м.в. ,,Оштрц" (Т-1441), м.в. ,,Парчињата", м.в. ,,Горно Кратово" и пристигнува до Кратовска река. Оттука, се движи по течението на Кратовска река, с# до градот Кратово. Од градот Кратово, границата се движи по регионалниот патен правец Кратово – Пробиштип поминувајќи низ селата Шлегово и Приковци и пристигнува до м.в. ,,Жгури" (Чакалиште).

Југ: Од м.в. ,,Жгури" (Чакалиште), границата на ловиштето се движи во правец на исток поминувајќи низ м.в. ,,Акалиски рид" (К-999), м.в. ,,Градиште" (К-985), м.в. ,,Голи рид" (К-1215), м.в. ,,Чобан", м.в. ,,Радевски чукар" (Т-1170) и м.в. ,,Средни рид" (Т-1148). Од м.в. ,,Средни рид" (Т-1148), границата на ловиштето се спушта во Кошарски дол и се движи по него с# до вливот на долот во Злетовска река. Оттука, границата се движи во правец на север спротивно на течението на Злетовска река поминувајќи низ К-580, К-623, К-655, и пристигнува до (местото каде Мушковска река се влива во Злетовска река). Оттука, се движи во правец на исток, поминува низ м.в. ,,Рудовски чукар" (Т-1187), (К-1138) и доаѓа до Венечка река (м.в. ,,Јамишко осое"). Оттука, се движи спротивно на течението на Венечка река поминувајќи низ К-1289, К-1391 и пристигнува до К-1415. Од К-1415, се искачува на м.в. ,,Ивков преслап", а оттаму на м.в. ,,Лисје брдо" (Т-1569).

Исток: Од м.в. „Лисје брдо" (Т-1569), границата на ловиштето се движи во правец на север по срт поминувајќи низ Т-1586, К-1502, Т-1505, К-1409 и м.в. „Лопен" (Т-1546). Оттука, границата се спушта до изворишта на Горна река и се движи с# по течението на реката и пристигнува до (местото каде Горна река и Модра река ја формираат Злетовска река).

ЛОВИШТЕ БР. 2 „РУДАРИ"

Југоисток, исток: Од м.в. „Петков Чукар" (К-776), границата на ловиштето има насока кон североисток и преку м.в. „Аргачиште", м.в. „Црвен Рид" (Т - 782) и К - 922, пристигнува до шумскиот пат кој води кон м.в. „Градиште" (Т - 1009), а оттаму по истиот пат се спушта на регионалниот патен правец Р1205 Кратово - Пробиштип (кај м.в. „Жгури" или „Чакалиште"). Оттука, границата продолжува кон североисток по регионалниот патен правец Р1205 Кратово - Пробиштип и по овој патен правец пристигнува до Кратово, од каде, на мостот се спушта во Кратовска река.

Север: Оттука, границата на ловиштето врти кон запад и по течението на Кратовска Река продолжува до фабриката за брусни платна. Од тоа место, границата го напушта коритото на Кратовска Река и по земјено патче се искачува на ридчето „Килии" (К-607), од каде по истото патче се спушта во реката Повишница. Од тоа место, границата на ловиштето продолжува кон запад по реката Повишница, се до вливот на ова река во Крива Река. Оттука, границата продолжува кон запад по Крива Река, с# до безимениот дол кој се наоѓа околу 1000 м источно од м.в. „Калиман".

Запад: Од тоа место (безимениот дол кој се наоѓа околу 1000 м источно од м.в. „Калиман"), границата на ловиштето врти кон југ и по безимениот дол пристигнува до маало Црноруковци, од каде по рид се искачува во правец на запад, се до К - 565 (м.в. „Голем Рид"). Од тоа место, границата се движи во правец на југ по ридот и преку Т - 703 (м.в. „Велико Плакало"), доаѓа до м.в. „Мало Плакало", од каде ја менува својата насока кон исток и преку К - 648 и Т - 584 (м.в. „Ражно Брдо"), се спушта до вливот на Ангаров Дол во реката Врлеј (К - 427). Оттука, границата се искачува по рид во правец на југоисток преку Т - 610 (м.в. „Чумалеј"), се до Т - 644 (м.в. „Средно Брдо"), од каде се спушта до К - 525, која се наоѓа на коритото на реката Врлеј и спротивно од течнието на реката оди кон југ се до м.в. „Стена", од каде по ридот се искачува во правец на исток и преку м.в. „Стена" Т-725, пристигнува до К - 864 (м.в. „Асаница").

Југ: Оттука, К-864 (м.в. „Асаница"), границата на ловиштето продолжува кон исток по а.т.г. помеѓу општините Кратово и Пробиштип и преку К-579, поминувајќи помеѓу м.в. „ Аџиски Рид" и м.в. „Ветерник" Т-782 , помеѓу м.в. „ Грамада" и м.в. „Голем Рид" Т-809, пристигнува до м.в. „Петков Чукар" (К - 776), односно до почетната точка.

ЛОВИШТЕ БР. 3 „КУКЛИЦА"

Североисток: Од Т–982, границата на ловиштето има насока кон југоисток, се спушта во Бела Вода и преку овој водотек и Макослачки Дол доаѓа до К–676, поминува на околу 300 м јужно од Т– 673 (м.в. „Луда Магила"), од каде продолжува на околу 300 м јужно и источно од Т–545 (м.в. „Блидеж") и избива на магистралниот патен правец А2 Куманово – Крива Паланка. Од тоа место, границата врти кон југ, се движи под К–621 (м.в. „Богојски Рид"), поминува по рид над Богојска Маала, од каде врти кон југоисток и избива на локален патен правец за село Шипковци, поточно на околу 100 м североисточно

од крстосницата на овој патен правец со регионалниот патен правец Р-1205 Страцин – Кратово. Оттука, границата на ловиштето продолжува по локалниот патен правец за село Шипковци се до Ветуничка Река, од каде врти кон исток и по течението на ова река пристигнува до вливот на Ветуничка Река во Крива Река.

Исток-Југ : Од вливот на Ветуничка Река во Крива Река, границата на ловиштето врти кон југозапад и по течението на Крива Река пристигнува до местото во реката кое се наоѓа на околу 800 м југозападно од Т–403 (м.в. ,,Кашла").

Запад: Од тоа место, границата на ловиштето врти кон север и преку село Калинци и по река Држава, К– 435, К–529 и под К–607 (м.в. ,,Стражов Рид") избива на магистралниот патен правец А2 Куманово – Крива Паланка. Оттука, границата продолжува кон север и преку Т–762 (м.в. ,,Свиричево"), К–842 (м.в. ,,Медвеќица"), К-950 (м.в. ,,Тускарница") и Т– 1016 (м.в. ,,Манастирска Корија") пристигнува до Т – 982, односно до почетната точка.

ЛОВИШТЕ БР. 4 „ЖИВАЛЕВО"

Југоисток, исток: Од м.в. ,,Петков Чукар" (К-776), границата на ловиштето има насока кон североисток и преку м.в. ,,Аргачиште", м.в. ,,Црвен Рид" (Т - 782) и К - 922, пристигнува до шумскиот пат кој води кон м.в. ,,Градиште" (Т - 1009), а оттаму по истиот пат се спушта на регионалниот патен правец Р1205 Кратово - Пробиштип (кај м.в. ,,Жгури" или ,,Чакалиште"). Оттука, границата продолжува кон североисток по регионалниот патен правец Р1205 Кратово - Пробиштип и по овој патен правец пристигнува до Кратово, од каде, на мостот се спушта во Кратовска река.

Север : Оттука, границата на ловиштето врти кон запад и по течението на Кратовска Река продолжува до фабриката за брусни платна. Од тоа место, границата го напушта коритото на Кратовска Река и по земјено патче се искачува на ридчето ,,Килии" (К-607), од каде по истото патче се спушта во реката Повишница. Од тоа место, границата на ловиштето продолжува кон запад по реката Повишница, се до вливот на ова река во Крива Река. Оттука, границата продолжува кон запад по Крива Река, се до безимениот дол кој се наоѓа околу 1000 м источно од м.в. ,,Калиман".

Запад: Од тоа место (безимениот дол кој се наоѓа околу 1000 м источно од м.в. ,,Калиман"), границата на ловиштето врти кон југ и по безимениот дол пристигнува до маало Црноруковци, од каде по рид се искачува во правец на запад, се до К - 565 (м.в. ,,Голем Рид"). Од тоа место, границата се движи во правец на југ по ридот и преку Т - 703 (м.в. ,,Велико Плакало"), доаѓа до м.в. ,,Мало Плакало", од каде ја менува својата насока кон исток и преку К - 648 и Т - 584 (м.в. ,,Ражно Брдо"), се спушта до вливот на Ангаров Дол во реката Врлеј (К - 427). Оттука, границата се искачува по рид во правец на југоисток преку Т - 610 (м.в. ,,Чумалеј"), се до Т - 644 (м.в. ,,Средно Брдо"), од каде се спушта до К - 525, која се наоѓа на коритото на реката Врлеј и спротивно од течнието на реката оди кон југ се до м.в. ,,Стена", од каде по ридот се искачува во правец на исток и преку м.в. ,,Стена" Т-725, пристигнува до К - 864 (м.в. ,,Асаница").

Југ: Оттука, К-864 (м.в. ,,Асаница"), границата на ловиштето продолжува кон исток по а.т.г. помеѓу општините Кратово и Пробиштип и преку К-579, поминувајќи помеѓу м.в. ,, Аџиски Рид" и м.в. ,,Ветерник" Т-782 , помеѓу м.в. ,, Грамада" и м.в. ,,Голем Рид" Т-809, пристигнува до м.в. ,,Петков Чукар" (К - 776), односно до почетната точка.

1.7.2. Реон Крива Паланка

Ловиште број	СТРУКТУРА НА ПОВРШИНИТЕ (ха)				*Надморска височина*
	ЛПП	ЛНП	НЛП	Вкупна	
1	8.686	750	880	10.448	470-1.834
2	7.044	220	280	7.544	797-1.547
3	7.884	250	880	9.014	833-1.780
4	9.530	1.000	1.300	11.830	635-2.202
5	6.797	250	620	7.667	645-1.403
6	7.083	1.255	550	8.888	532-1.547
7	7.347	200	770	8.317	456-1.545
8	6.970	821	405	8.196	441-1.356
ВКУПНО	39.941	2.470	3.960	46.503	

ЛОВИШТЕ БР.1 „БОРОВО“

Север: од местото каде Буин Дол се влива во Крива Река, границата на ловиштето се движи во правец на североисток спротивно од течението на Крива Река, поминувајќи низ м.в. „Сушица”, К-494, К-543, К-532, К-579 и води до градот Крива Паланка, поточно до под м.в. „Рашин Камен”.

Североисток: од градот Крива Паланка, поточно до под м.в. „Рашин Камен”, границата на ловиштето се движи во правец на југоисток по рид поминувајќи низ К-936, м.в. „Мартиница”, м.в. „Груен Рид” (Т-1131), м.в. „Митрово” (Т-1266), Т-1426, м.в. „Балванско Ѓубре” (К-1609), К-1655, м.в. „Станица” (Т-1709), К-1675, м.в. „Бандера” (Т-1824), К-1803, Т-1786 и води до м.в. „Бел Камен” (Т-1755). Оттука, границата на ловиштето се движи во правец на југоисток и југ по рид и води по билото на Осоговски Планини на м.в. „Бабина Чешма” (Т-1834).

Југ: од м.в. „Бабина Чешма” (Т-1831), границата на ловиштето се движи во правец на југ - југозапад и се спушта по безимен дол до Модра Река (под м.в. „Мртвица”). Оттука, границата се движи во правец на запад по течението на Модра Река, и води до местото каде се спојуваат Модра Река и Горна Река. Од местото каде Горна Река и Модра Река ја формираат Злетовска Река, границата на ловиштето се движи во правец на северозапад по течението на Злетовска Река, с# до местото каде во неа се влива Плочка Река. Оттука, границата на ловиштето се движи во правец на запад, поминувајќи низ подножјето на м.в. „Вакув” и по безимен дол се спушта во „Кучешки Поток”. Оттука, границата го менува правецот кон север и се движи спротивно од течението на Кучешки Поток. Оттука, границата се движи во правец на запад поминувајќи низ м.в. „Ѓубре” (Т-1413), го поминува Боровски Поток, Т-1262 и води до м.в. „Студена Вода” (Т-1416). Оттука, границата на ловиштето се движи во правец на југ и води до билото на Осоговски Планини на м.в. „Оштрц” (Т-1441). Оттука, границата на ловиштето има насока кон запад, и се движи по билото на Осоговски Планини, поминувајќи низ м.в. „Гушвин Дол” (Т-1337), Т-1256 и води до К-1180.

Запад: од К-1180, границата на ловиштето се движи во правец на север по рид, се спушта до м.в. ,,Мишинци" (Т-1009), го поминува Балев Дол, К-1019, Т-979, Опилски Поток и води до м.в. ,,Смреке" (Т-808). Оттука, границата се спушта во Буин Дол и се движи по долот се до вливот во Крива Река.

ЛОВИШТЕ БР.2 ,,ГЕРМАН"

Север: од државната граница на Република Северна Македонија со Република Србија под м.в. ,,Чука" (Т-1320), границата на ловиштето се движи во правец на исток - североисток по државната граница, поминувајќи низ м.в. ,,Китка" (Т-1038), Илијанска Мала и води до Козједолска Река и се движи по неа околу 0,9 *км*. Оттука, с# искачува по дол во близина на Балабанска Маала, а потоа се спушта во Лесничка Река. Оттука, с# движи во правец на југоисток во должина од околу 2 *км*, по пат кој се движи покрај Лесничка Река (поминува низ К-816), а потоа го менува правецот кон североисток и се движи по дол, поминувајќи низ м.в. ,,Мечит" (Т-1323), м.в. ,,Китка" (Т-1370 и Т-1339), поминува покрај селото Андрејинци и се спушта во долот кој протекува во насока на село Андрејинци кај м.в. ,,Косматски Рид" (Т-1193), а оттаму се искачува на м.в. ,,Косматски Рид".

